# МАКЕДОНЦИТЕ И ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА

**НАУМ ПЕЈОВ**

# МАКЕДОНЦИТЕ И ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

Originally published in Macedonian in June 1968

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2015 by Naum Peiov & Risto Stefov

e-book edition

November 16, 2015

# СОДРЖНА

ПРЕДГОВОР ....................................................................................4
ПРВ ДЕЛ - ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА 1945-1949 ГОД. - УБОД..........................................................................................8
ГЛАВА ПРВА - ЕДНОСТРАНА ГРАЃАНСКА ВОЈНА............21
ГЛАВА ВТОРА - РЕСТАВРАЦИЈА НА МОНАРХИЈАТА ......54
ГЛАВА ТРЕТА - ФОРМИРАЊЕ ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА....75
ГЛАВА ЧЕТВРТА - ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКАТА АРМИЈА.....................................................................................85
ДЕЛ ВТОРИ - МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ...................................................................................................96
ГЛАВА ПЕТТА - СИСТЕМАТСКИ ПРОГОН НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ...............................................96
ГЛАВА ШЕСТА - ОТПОР НА НОВИОТ ПРИТИСОК ...........131
ГЛАВА СЕДМА - ОДНОСИТЕ НА НОФ СО КПГ..................141
ГЛАВА ОСМА - ПРИЛОГОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА..............................................................164
ПРИЛОЗИ - ПРЕГЛЕД ................................................................172
ПРОТОКОЛ НА ДОГОВОРО ОД СОВЕТУВАЊЕТО НА ПЛАКА.........................................................................................178
ЛИБАНСКИ ДОГОВОР ..............................................................180
ДОГОВОРОТ ВО КАЗЕРТА.......................................................186
ПОГОВОРОТ ВО ВАРКИЗА......................................................190
ПРЕГЛЕД НА КОРЕСТЕНА ЛИТЕРАТУРА............................195
ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА НА ГРЧКИ.......197

## ПРЕДГОВОР

Во трудот "Македонците и граѓанската војна во Грција" авторот Наум Пејов, како непосреден учесник во народно-ослободителната борба во Грција против нацистичката и фашистичката окупација, (против германските, италијанските и бугарските фашистички војски), и со оглед на можноста непосредно да ги следи настаните на граѓанската војна, на читателите им дава краток но доста јасен увид за текот на граѓанската војна во Грција и за местото и улогата на Македонците во неа.

Сосема е разбирливо, со оглед на фактот што се располага со релативно мала изворна документација, како и со релативно мал број мемоарски материјале, што авторот не бил во состојба, нити имал такви претенции, да даде полна обработка на целиот тек на граѓанската војна во Грција и местото на македонскиот народ што го имал во истата. Ова е прв труд кој што ги третира настаните и проблемите и дава еден увид на граѓанската војна во Грција.

Со оглед на личното познавање на движењето, авоторот не можел насекаде да ја избегне емотивната страна, што честопати се чувствува со самиот стил. Меѓутоа, независно од недоволната документација, од стегнатиот обем на излагањето, читателите ќе можат да согледаат дека причините на граѓанската војна лежат во погрешните стратегиски конценции на раководството на Грчката комунистичка партија за водење на борбата во периодот на народноослободителната војна против германските, италијанските и бугарските окупатори, што доведе до реставрација на монархијата, до голема политичка нестабилност на новиот грчки режим, до избивање на површина дури и на такви елементи што соработувале со фашистичките окупатори.

И во граѓанската војна раководството на Комунистичката партија на Грција немаше јасни политички и стратегиски концепции чија неминовна последица беше познатиот нејзин исход, макар што демократското движење беше поддржано од

најголемиот дел на грчкиот и другите народи што живеат во Грција.

Македонскиот народ под грчката власт, зеде масовно учество во борбите против италијанската агресија на Грција, во народноослободителната борба во Грција (1941-1944) и во граѓанската војна, со увереност дека со ослободувањето и тој ќе биде ослободен. Големи се неговите морални и материјални жртви, а особено жртвите во луѓе – борци против фашистичката окупација и реакционерните сили во Грција. Но резултатите беа поразни. Грчките режими после овие војни, не ги признаа националните права на македонскиот народ. Македонците беа повторно прогонувани. Додека после Првата светска војна Македонците под ненародните грчки режими се иселуваа во Бугарија и во земјите преку Океанот (Америка, Канада и др.) во текот и по граѓанската војна, Македонците од Егејска Македонија, како политички изгнаници и бегалци, се најдоа во голем број европски земји. Со нив овојпат се најдоа и голем број прогресивни Грци – патриоти.

Прилозите што авторот ги дава во превод се посебно интересни и од истите може донекаде да се согледаат причините на граѓанската војна, а од прегледот на населението индиректно може да се види судбината на македонскиот народ по граѓанската војна.

Акад. Михаило Апостолски

Од почит спрема читателот нека ми биде дозволено уште во почетокот да соопштам некои работи кои можат да придонесат да се сфатат напорите на овој труд.

1. Пред се, треба да се знае дека овој труд е пишуван во времето 1953/55 година и на крајот на 1955 година ракописот му е отстапен на Институтот за национална историја во Скопје. Според тоа, пишуван е во времето, речиси непосредно по завршувањето на Граѓанската војна, во услови на остер напад од тогашните раководители на КП на Грција врз македонското раководство, следен со клевети и инсинуации

2. При сегашната обработка за објавување, задржувајќи ја во целост структурата и методологијата на изложувањето, направени се интервенции со цел да се скуси и да се изнесат нови факти кои станаа достапни или познати подоцна, а одат во прилогот на оцените за политичката ситуација или се во прилог за расветлување на тезите на овој труд.

3. Целта со овој труд не беше да ја напишам историјата на Граѓанската војна во Грција, впрочем тоа не е моја задача и е надвор од моите можности.

Целите на овој труд беа и останаа:

а) Низ анализа на тогашната општествено-политичка и воено-политичка ситуација на Грција и на Балканот да се откријат причините за текот на настаните и исходот на Граѓанската војна, и

б) Да се изнесе положбата, улогата и придонесот на Македонците од Егејска Македонија во таа гигантска борба на прогресивните сили со силите на неофашизмот во Грција и империјалистичките интервенти.

Положбата, улогата и придонесот на Македонците во оваа војна се омаловажува, се премолчува или фалсификува од многу “пријатели” и непријатели на македонскиот народ.

За неполни дваесет години од крајот на Граѓанската војна во Грција е воведена една нова монструозна диктатура која на народот му ги одзеде најелементарните демократски права. Земјата фактички е фрлена во една нова граѓанска војна. Одново островите и затворите се полнат со интернирци и затвореници, чија единствена вина е политичкото убедување или националната припадност. По примерот на фашистичката диктатура на Метаксас од пред Втората светска војна, денес го Грција на Македонците им се забранува мајчиниот јазик и се создаваат корпуси од полицајци и свештеници кои треба да ги “превоспитаат”, односнода ги денационализираат. Ова е уште една сурова потврда дека борбата против тиранијата беше и си останува чест и достоинство на нашиот народ.

Авторот

Скопје, ноември 1967 год.

## ПРВ ДЕЛ - ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА ВО ГРЦИЈА 1945-1949 ГОД. - УБОД

Во времетраењето на Втората светска војна во Грција постоеја објективни услови да биде урнат ненародниот режим на грчката буржоазија и да се воспостави народна власт. Меѓутоа, од субјективните слабости и грешки на раководството на движењето на отпорот против фашистичките окупатори и домашните предавници и грубото вооружено мешање на англиските империјалисти, движењето на отпорот, оличено во Национално ослободителниот фронт – ЕАМ и вооружените единици на Грчката народноослободителна армија – ЕЛАС, не успеа.

Напротив, уште во текот на војната, по отстапувањето на германските окупаторски војски, дојде и до вооружен судир меѓу единиците на движењето на отпорот во земјата – ЕЛАС и единиците на емигрантската влада, потпомогнати од англиската војска. Ова судирање, иако заврши со познатата спогодба во Варкиза од 12 февруари 1945 година, беше увод во Граѓанската војна во Грција.

Затоа нужно е во главни црти да се опише општествено-политичкиот развиток на оваа земја од периодот на националното ослободување, развојот на национално-ослободително движење за време на НОБ 1941-1945 година и самото судирање во Атина во декември 1944 година, за да може поправилно да се сфатат настаните од времето на Граѓанската војна, па дури и најновите настани во Грција.

Во триесеттите години на XIX век, по четиривековното робување под јаремот на Отоманската империја, како резултат на долгогодишни востанички борби и поддршката на тогашните големи сили (Англија, Франција и Русија) заинтересирани за уривање на “болниот на Исток”, Грците се здобија со национална држава. Меѓутоа, помошта за национално ослободување, кое и не беше целосно, зошто национални делови останаа надвор од новосоздадената држава на Грците,

истовремено ја фрлија во игрите на големите империјалистички сили, мешања и игри кои ќе станат кобни за општествениот, националниот и политички развиток на таа земја до денешни денови.

Кога Грција се здоби со своја национална независност таа се протегаше на Атика и Пелопонез. Надвор од националната држава на Грците останаа островите во Егејското Море, потем Тесалија и Епир и територии на малоазиското крајбрежие врз кои свои аспирации имаа Грците. **Националниот препород и обединување ќе се врши во еден подолг период врз крајно националистички и магаломански идеи, врз идеите за една “Мегали Елада” (Голема Грција), за обновување на Византија, а со примеса на интересите на империјалистичката сила зад чија кола беше врзана грчката владеачка класа.**

До педесеттите години од нашиот век стана доминантно англиското влијание, кое во текот на Граѓанската војна му го отстапи приматот на американското, со позната Труманова докрина, кога во 1947 година САД грубо се вмеша во внатрешните работи на Грција.

Од времето на својата национална независност Грција се впушти во многу војни, не само за национално обединување, туку и за освојување на туѓи територии или како инструмент на интересите на големите империјалистички сили. Во 1864 година кон тогашната Грција се присоединија јонските острови, а по Берлинскиот конгрес и Тесалија. За време на Балканските војни се пресоединија кон својата матица Епир и островот Крит.

Но, младата грчка буржоазија и дворецот не работат само за ослободување на грчките територии, туку се стремат и да загосподарат со Македонија и Тракија. Со помош на Цариградската патријаршија се ангажираа сред христијанското население во Македонија да создадат свои позиции. Подоцна, како и другите соседи на Македонија, ќе почнат со испраќање на вооружени чети, до военото ангажирање во Балканските

војни за да учествуваат во поделбата на Македонија заграбувајќи ја речиси половината од нејзината територија.

Победниците во Првата светска војна ги задоволија империјалистичките аспирации на грчката владеачка класа во Балканските војни, но не и аспирациите во однос на малоазиското крајбрежје и Кипар, по Грчко-турската војна од 1920/1922 година.

Непосредно по I Светска војна Грција и објави војна на Труција. По првите победи на грчката армија во Мала Азија, турската републиканска армија на Кемал Ататурк брзо се консолидира и ја принуди грчката армија на панично бегство Резултатите од таа војна за Грција беа катастрофални. Таа не само што не ги задржа териториите на Малоазиското крајбрежје што ги окупира по Версајскиот мир, туку изврши размена на населението и прифати четири до петпати повеќе Грци и други христијански припадности од Мала Азија, за иселените мухамедани од Грција. Околу 650.000 од овие доселеници ги насели во Македонија. Со тоа во Македонија создаде тежок општествен и национален проблем.

По малоазискиот пораз, земјата се најде во голема беда и сиромаштија. Излез се бараше во турењето на масите со мегаломански инационалистички идеи за неостварените соништа за една “Голема Грција” која трабало да ги реши сите тешкотии и неволи на Грците. **Тие идеи систематски и со страст ги одгледува и до денешен ден ова мала и самата вазална, но со големи амбиции, владеачка класа на Грција. И не може да не се одбележи дека тие големогрчки идеи оставија тежок печат врз општествено-политичкиот развиток на самото грчко општество, на политичките партии и движења и врз односите на оваа земја со нејзините соседи.** Чувствувајќи се неспособна сама да ги оствари тие амбиции, грчката владеачка класа стануваше се повеќе и станува зависна од империјалистичките сили.

Благодарејќи на тие мегаломански идеи и на странското мешање и влјаење врз развитокот на Грција, таа од денот на ослободувањето не стапи на патот на мирна изградба, туку како

што е речено погоре, се впушти во неколку војни кои и донесоа контраверзни резултати. На север Грција не ги ослободи само своите национални територии, туку зафати и дел од Македонија и Тракија. Не е мала заслугата на мегаломанските идеи за "Голема Грција" за односите на Балканот во изминатите десетилетија – десетилетија на затегнатост, империјалистички аспирации и војни, за поделбата на Македонија и аспирациите за нови проширувања.

Грција економски заостана и стана зависна од странскиот капитал. Не застана цврсто на патот на капиталистичкиот развиток туку, напротив, долго задржа многу елементи на феудалните општествени односи. Во Грција не се разби силен индустриски капитал, туку пред се, трговски кој се врзуваше со странскиот капитал. Буржоазијата направи компромис со големопоседниците и Грција остана аграрна и економски неразвиена земја. Во земјата се задржа монархијата со куси интервали на буржоаско-парламентарна демократија. Судирите меѓу каква-таква либерална буржоазија со династијата повеќе беа резултат на странските влијанија и интереси, одошто на суштината на односите меѓу феудалните остатоци и буржоазијата, бидејќи тие бргу се спогодуваа и заеднички истапуваа секогаш кога беше загрозен режимот, без тоа да значи дека тие судири за власт немаат определено место во општествено-политичкиот живот на оваа земја. Но, факт е дека династијата  во Грција во поново време, двапати е воспоставена со помош (речиси без исклучок) на сите крила на буржоазијата. Така беше до последната криза и пучот на воената хунта од 21 април 1967 година.

Да потсетам

Во 1935 година, монархијата е реставрирана и е воспоставена подоцна монархофашистичката диктатура на Метаксас благодарејќи на држењето на Либералната партија со Темистоклис Софулис начело, кој не сакаше да соработува во Народниот фронт за да се спречи патот на монархофашизмот.

Монархијата пак во 1946 година (т.е. по Втората светска војна) е воспоставена со поддршка на сите тогашни граѓански партии.

Војните на Грција, како што е речено, не и донесоа само контраверзии територијални резултати, туку и бројна милитаристичка каста која игра голема улога во јавниот и политичкиот живот на оваа земја.

Како резултат на изнесениот развиток во времето меѓу двете светски војни, Грција попадна во големи економски тешкотии. Големата економска криза во триесетите години ги заостри општествените противречности во земјата. Политичкото движење на работничката класа, од првин во лицето на Социјалистичката, а потоа во лицето на Комунистичката партија, нарасна во крупна политичка сила во земјата. Тој факт ги заплаши дворецот и буржоазијата и тие сложно, во 1936 година ја воведоа монархофашистичката диктатура на Метаксас.
Метаксас, кој имаше само неколку пратеници во Парламентот, откако ја доби довербата на Либералната партија и формира влада, по кусо време го распушти Парламентот и со помош на дворецот воведе фашистичка диктатура. Ги распушти сите политички партии, затвори или депортира на островите во Егејското Море и неколку истакнати личности од граѓанските партии. Меѓутоа, неговиот острец беше насочеен против работничкото движење, против работничката класа и Комунистичката партија. И против уште еден фактор – Македонците, стремејќи се со паролите за комунистичка и славјанска опасност да го затруе грчкиот народ со националистички идеи и шовинизам. На тој начин ја остави земјата неподготвена за одбрана од италијанскиот и германскиот фашизам и империјализам.

Меѓу проанглискиот расположен крал Ѓорѓи II и германскиот воспитаник Метаксас постоеја разлики во надворешно-политичката ориентација. (Метаксас беше жив кога Италија ја нападна Грција 1940 год. но, не беше жив кога Германците ја нападнаа Грција).

Во такви услови Грција ја пречека Втората светска војна. Благодарејќи на антифашистичкото расположение на масите и слабостите на италијанската фашистичка војска, шест месеци

(октомври 1940 – април 1941) се задржа западниот – албански фронт, но за кусо време по нападот од Германија, со помош на петтата колона, грчката армија беше разбиена и виши офицери ја потпишаа капитулацијата. Грчкиот крал и владата ја напуштија Грција и емигрираа во странство. Како и во другите окупирани земји така и во Грција останаа народот на милост и немилост на окупаторските власти и нивните соработници.

Со капитулацијата на грчката армија, емигрирањето на владата и окупацијата на земјата беше, разбиена во голема мера и државната машина на грчката држава. Генералите, кои ја потпишаа капитулацијата, формираа квислиншка влада која правеше напори да го воспостави стариот државен апарат, а во прв ред полицијата и жандармеријата. Но, иако во тоа успеваше, сепак не можеше исцело да го воспостави државниот апарат зашто немаше армија. Што е најважно, во условите на окупацијата настана економски хаос и глад во земјата. Таквите објективни услови создаваа револуционерна ситуација во земјата, поволни услови за организациона активност на Комунистичката партија и за вооружено востание. Прва од партиите која се зафати со организирање отпор против окупаторот и домашните предавници беше Комунистичката партија на Грција, но под многу тешки услови. Со воведувањето на фашистичката диктатура на Метаксас во 1936 година Комунистичката партија беше подложена на прогонување, голем дел од раководството и членството беше затворено и организационо разбиено. Дел од раководството на Комунистичката партија, кој беше на слобода и извесни раководители кои успеаја да излезат од затвор по капитулацијата и по неа, презедоа мерки организацијата брзо да се реорганизира и зацврсти.

Есента 1941 година формиран во Атина е Национално-ослободителен фронт – ЕАМ, во кој земаат учество и други групации и одделни личности на Грција. Со неуморната работа на илегалниот апарат на Партијата, во текот на 1941 – 1942 година воспоставена е мрежа од антифашистички организации, во земјата се вршат диверзански акции од вооружени герилци, а во 1943 година се формираа и регуларни единици на ЕЛАС.

Уште во текот на народноослободителното движење против окупаторот, можеа да се воочат многу слабости на движењето на отпорот.

Иако организацијата на отпорот во земјата, масовната политичка организација ЕАМ и вооружената сила ЕЛАС беа дело на Комунистичката партија, а комунистите беа најрешителните борци, раководството на Комунистичката партија направи крушни идејно-политички и принципиелни грешки во поставувањето и водењето на работите, кои доведоа до непринципиелни компромиси по основните прашања на револуцијата го условија текот на настаните и придонесоа за поразот.

Раководството на КПГ немаше јасни гледања за самиот карактер на народноослободитлената борба, имено, дека националното ослободување, во тогашните конкретни услови во Грција и на грчкото општество не може да се издвои од народнодемократскиот карактер на востанието и воспоставувањето на народнодемократската власт, и од самото водство на комунистичката партија. Народноослободителните задачи формулирани од привременото раководство на КПГ, на VI пленум на ЦК 1941 година беа:

1. Ликвидација на германо-италијанската окупација на Грција;

2. Ликвидација на владата – орган на окупацијата;

3. Секојдневно поддржување и одбрана на Советскиот Сојуз;

4. Поддржување со сите средства на секоја доследна антифашистичка сила;

5. Формирање привремена влада од сите партии која би ги воспоставила демократските слободи на народот, би му обезбедила леб и работа, би свикала национално уставотворно собрание и би го заштитила интегритетот и независноста на Грција од секоја странска империјалистичка сила. * Четириестет години на КПГ – 1918-1958 – избрани документи стр. 468 – издание на ЦК на КПГ.)

На X Пленум на ЦК на КПГ, одржан во јануари 1944 година, меѓу целите прокламирани со решенијата на ЦК, карактеристично може да се забележи следното:

"Се бориме за целосно воспоставување на интегритетот на Грција, стратешко обезбедување на границите од какво и да е надворешно посегање. За мирно спогодување и коегзистенција со народите кои веруваат во истите начела и во прв ред со соседите".

Истата прокламација го содржи и следното:

"Затоа Комунистичката партија на Грција до усвојува и поддржува предлогот на Централниот комитет на ЕАМ за формирање привремена влада на национално единство и ослободување, од сите партии, организации личности, што ќе го преземе раководењето со националната борба и да обезбеди и по завршувањето на војната слободно изразување на народната волја" ** "Четириесет години на КПГ – 1918-1958 стр. 504-506 – избрани документи" издание на ЦК на КПГ.)

Паѓа во очи дека не се согледува потребата од хегемонијата на пролетаријатот и водството на КПГ во борбата и потребата врз урнатините на стариот и окупаторски државен апарат да се гради нов – да се гради народна власт.

Нема став за правата на потиснатите народи и посебно на Македонците и македонското национално прашање. Напротив, се прокламира ставот за "стратешкото обезбедување на границите" идеја зад која се криеја претензиите и големогрчките аспирации за нови – туѓи територии.

Раководството на КПГ премногу полагаше на собирање на бившите сили (политички лидери и воени личности) кои во новосоздадените услови немаа влијание во широките маси од градот и селото.

Таквата идејно-политичка збрка се огледаше во концесиите како од принципиелна така и практично политичка природа.

Тие концесии дојдоа до израз при формирањето на највисоките органи на ЕАМ и Политичкиот комитет за национално ослободување на земјата и при кадровсиот состав и тактиката на вооружената сила на востанието – ЕЛАС. Развитокот на вооружената борба и на ЕЛАС премногу се потпираше врз помошта во оружје и воен материјал од западните сојузници, наместо низ огинот на борбите да се кали како револуционерна армија. Конечно тоа дојде до израз во конкретната соработка и аражмани со Сојузничката команда за Средниот Исток, во спогодбите и односот со некои националистички движења во земјата и спогодбите за формираше на "Привремена влада на национално единство".

На 18 јуни 1943 година, вели командантот на Главниот штаб на ЕЛАС – генералот Сарафис, со шефот на англиската мисија при главниот штаб на ЕЛАС – полковникот Еди, потпишавме декларација согласно со која ЕЛАС е сојузничка војска под раководство на командата ас Средниот Исток и операциите што ги изведува ќе се спроведуваат по наредба на таа команда (стр. 120 во книгата ЕЛАС од Стефанот Сарафис).

Како резултат на оваа спогодба англиската команда влијаеше врз развојот на ЕЛАС, во одредувањето на неговите операции и односи со националистичките формации на ЕДЕС и ЕККА кои, иако не беа никаква значајна сила, му се наметнаа на ЕЛАС како партнери и во режија на англиските претставници беа потпишани две спогодби: спогодбата во Плака и спогодбата во Казерта, кои наполно го ограничуваа самостојното дејствување на ЕЛАС во најрешавачките моменти (види ги прилозите "Протокол на спогодбата од советувањето на Плака" и "Спогодбата во Казерта").

Спогодбите на воен план беа резултат на политичката ориентација и платформа на борбата. Политичкото раководство не се ориентира кон масовно вооружено востание со народноослободителни, туку со тесни националноослободителни цели. Не сакаше да стапи во тесна врска со народноослободителните движења на Балканот, особено со тоа на Југославија, туку се потпре врз помошта на

Англичаните, ја потцени силата на национално потиснатите Македонци и другите народности.

Пролетта 1944 година беше формиран Политички комитет за национално ослободување – ПЕЕА. За претседател беше избран социјалдемократот Александрос Зволос. Делегацијата на чело со Зволос стапи во преговори со емигратската грчка влада и во мај беше потпишан протокол – познат како "Договор Либан". И покрај изричните инструкции на делегацијата, во владата движењето на отпорот т.е. ЕАМ да учесвува со 50% од ресорите, се согласија пет од ресорите на владата да им бидат дадени на претставниците на ЕАМ (види во прилог Договор во Либан). [Во самата спогодба во Либан нема податоци за составот на "Владата на националното единство", бидејќи имаше спорни прашања: бројот на министерствата кои требаше да припаднат на ЕАМ (т.е. на ПЕЕА); кои од министерствата на владата, а и самата личност на претседателот.

Делегацијата на ПЕЕА, спроед инструкциите, бараше поголем број одредени клучни ресори и сменување на претседателот – Георгиос Папандреу со друга поприфатлива личност. Конечно со решение на ЦК на ЕАМ од 15 август 1944 година беше решено, ЕАМ да учествува во владата на Георгиос Папандреу со пет ресори: финансиите, сообраќајот, земјоделството, националната економика и трудот. Такви обврски презедоа претставниците на ЕАМ и ПЕЕА непосредно пред потпишувањето на "Националната конвенција" – како што го нарекоа Договорот во Либан.] Така спроти истерувањето на окупаторот од Грција, есента 1944 година, иако ЕАМ беше огромна масовна организација, ЕЛАС многупати побројна оружена сила (броеше 70.000 борци) од сите други оружени формации со кои можеше на основа постигнатите спогодби да раководи "Владата на националното единство", движењето на отпорот беше доведено во декември 1944 година во вооружен конфликт во Атина и се согласи со капитуланската спогодба и разоружувањето.

Постојат непобитни докази дека Зервас соработува со окупаторот, но Англичаните не само што не дозволуваат тој да биде истиснат од единиците на ЕЛАС, туку и го помагаа, како

што ја помагаа и ПАО [ПАО (Панеладики апелевтеротики органосис – Сегрчка ослободителна организација) беше националистичка организација, која во почетокот се претставуваше како ослободителна. Но за разлика од ЕДЕС и ЕККА, кои имаа герилски единици, таа такви немаше. Но, нејзините членови имаа задача герилското движење на ЕЛАС да го подриват од внатре. Кога дојде до провала на тие настојувања, ПАО отворено се изјасни против партизанското движење во земјата и организира вооружени чети во служба на окупаторот. Вооружените формации на ПАО беа од голема помош на германскиот окупатор, особено при отстапувањето есента 1944 година и против нив во завршната фаза на германската окупација, ЕЛАС водеше огорчени борби.] Емигранската влада, со седиште во Каиро, презеде драконски мерки од грчките единици кои се бореа во составот на сојузничките армии да ги елиминира приврзениците на ЕАМ. Според тоа не требаше да се има доверба во другата стана. Напротив, требаше да бидат преземени сите потребни мерки за јакнење на сопствените оружени сили и обезбедување на позиции според подршката во масите и придонесот во борбата. Спогодбата во Плака, како и оние во Либан и Казерта, не беа никаков одраз на соодносот на силите. Противниците, меѓутоа, не се придржаваа и на тие спогодби, со цел да ги прошират своите позиции. Опирајќи се на правата кои произлегуваа од горните спогодби, англиската команда издаде наредба не само да не се нападнат Германците во Атина, туку и по нивното отстапување да не се нападнат ниту квинслиншките баталјони на безбедноста (квинслиншки формации). Доследен на тие спогодби – ЕЛАС не презеде операции иако при отстапувањето на Германците на 12 октомври 1944 година се навоѓаше во околината на Атина. Во Атина по повлекувањето на Германците дојдоа англиски единици, а потоа и владата. Англиската команда и претседателот на владата Георгиос Папандреу почнаа систематски да ги кршат и онака неповолните спогодби со ЕАМ – ЕЛАС очигледно инсистирајќи да се разоружи ЕЛАС, пред да се разоружат другите вооружени формации. Паралелно со овој притисок врз ЕЛАС, забрзано се вршеа подготовки за формирање и вооружување нови единици од десничарски елементи, ги

забрануваат манифестациите на ЕАМ, дури и пукаа на манифестантите.

На 29 ноември 1944 година министрите од коалицијата на ЕАМ во владата прават последни напори да се избегне судирот и поднесуваат целосен предлог за спроведувањето на спогодбата во Либан. Но, на апелите од министрите на ЕАМ Папандреу и овој пат се оглуши.

На 1 декември 1944 година Скоби (командата на англиските единици) објави заповед со која бараше припадниците на ЕЛАС да го предадат оружјето. А во исто време Папандреу изјавуваше: "Не може да се прифати предлогот на министрите на ЕАМ за истовремено разоружување на сите доброволни единици и формирање на единствена формација". Истата вечер т.е. на 1 декември 1944 година доцна во ноќта министрите на ЕАМ поднесоа оставка и борбите пламнаа.

Главниот штаб на ЕЛАС се реорганизира во Централен комитет на ЕЛАС и со проглас до народот на Атина и Піреја стапи во акција. Паралелно на 3 декември се организира сенароден митинг, но полицијата пука во манифестантите и убива и ранува повеќе лица.

Следеа триесет и три крвави денови во Атина, познати под името "Дедемвриски настани од 1944 година".

Борбите прекратија во началото на јануари, а на 12 февруари беше потпишана спогодбата во Варкиза (Види го прилогот "Спогодбата во Варкиза"). Исходот на борбите во Атина и спогодбата во Варкиа не само што не го решија судирот туку затоа што на задоволителен начин не го решија основното прашање поради кое дојде со судрување значеа увод во една нова граѓанска војна. До судрување дојде поради тоа што привремената влада на Папандреу бараше веднаш да се разоружат единиците на ЕЛАС, формациите што дојдоа од Средниот исток да добијат полна воена опрема. Судирот во декември ова прашање го реши на штета на ЕЛАС.

Членот шести од спогодбата во Варкиза гласеше:

“Демобилизација.

Веднаш по публикувањето на оваа спогодба воените сили на отпорот да бидат демобилисани, а особено на ЕЛАС, како регуларниот така и резрвниот, ЕЛАН и националната милиција. Демобилизацијата и предавањето на оружјето треба да стане согласно подробностите на протоколот составен од експертите на комисиите...”

Навистина во оваа спогодба постоеја и одредби кои ветуваа демократски развиток, но тоа се покажа празно ветување.

Непобитно е утрвдено дека десницата и Англичаните сакаа да го наведат народноослободителното движење и конкретно единиците на ЕЛАС на вооружени инциденти и тоа уше веднаш по истерувањето на окупаторот од земјата, за да им послужи како повод веднаш да го разоружаат.

За да се здогледа таа намера на Англичаните не требаше никаква политичка мудрост. Меѓутоа, политичка мудрост требаше за да се одреди стратегијата и тактиката во таа ситуација. Англичаните се плашеа од судирање во цела Грција. Но токму тоа, од што се плашеа им помогна со својот став раководството на КПГ. Борбата беше ограничена само во Атина и по тие борби се согласи со условите  неприфатливи за демократското движење, со спогодбата во Варкиза. Затоа што оваа спогодба значеше само легална позиција на владата во Атина во која повеќе немаше претставници на  ЕАМ, да ја продолжи фактички војната против демократските сили.

# ГЛАВА ПРВА - ЕДНОСТРАНА ГРАЃАНСКА ВОЈНА

## 1. **Ситуацијата по спогодбата во Варкиза и потезите на десницата**

Додека се водеа борбите во Атина и во моментот кога се потпишуваше спогодбата во Варкиза, ЕЛАС беше господар на ситуацијата во целата земја. Секаде беше воспоставен ред, беа разоружани и притварани сите поистакнати вооружени соработници на окупаторот. Меѓутоа, по потпишувањето на спогодбата, додека се вршеше разоружувањето на ЕЛАС, на друга страна се вооружуваа довчерашните соработници на окупаторот кои се пуштаа во еден разуздан терор против голоракиот народ. Во земјата завладеа вистински хаос. За тогашната ситуација може да се добие претстава ако се изнесат само неколку цитати од тогашниот печат.

Весникот “Ризоспартис” од 15 јуни 1945 година, откако донесува вести за трагедијата на населението во Источна Македонија и Тракија, завршува со зборовите: “Затворите на Александрополис, Ферон, Суфли, Дидимотико и Орестијада полни се со затвореници кои се уапсени без никаква вина. Комисии од селата често ја посетуваат Дирекцијата на полицијата и Националната гарда, каде се оплакуваат на неподносливоста на положбата. Обласниот управител на Тракија тоа го знае. Комисиите кои отидоа во Александрополис и Комотини, се уапсени и уште се држат во затвор, а петициите им се искинати од припадниците на Националната гарда”.

Истиот весник од 13 јули 1945 година под наслов “Сто и педесет разбојнички банди со 18000 вооружани монархисти се денешната вистинска држава”, иронично ја коментира изјавата на регонтот Дамаскинос за “големата слобода во Грција” и ги дава следниве интересни податоци: “Повеќе од сто и педесет такви разбојнички банди ја држат власта на крал Горѓи II во сите реони на земјата. Еве некои од кралските банди

1. Пелопонез: Папанусис, Папапанос, Каралис, Гуменос, Пилитопулос, Доровицас, Христакис, Папатанос-Горентис, Лазанис, Зорвас, Папанастасополус, Цалбурас, Пападакос.

2. Румели: Кузелис, Катранзис, Галузис, Вуркалис, Ласијас, Папандонис, Герандодимос.

3. Ксиромеро: Веридос, Флорен, Бурвовилас, Карабекиос.

4. Кефалонја: Пападимакос.

5. Тесалија: Сурлас, Цандулас, Биджис, Мерманис,Кукудисис, Влатјокостас, Велетас, Калагрицас, Калјас.

6. Епир: Пентазис, Кацос, Балумис, Војдарес, Карабинис, Макас;

7. Македонија – Тракија: Чауш Андон, Капетан Катас, Кепетан Вангелис, Кондакос, Зисис, Прионис, Дарвелас, Мумцис, Сакас, Цакирис, Романдас, Костандинидис, Кукас, Кукуванис, Хараполус, Суан, Илијадис, Загронис, Стефанидис, Пентазис, Зевгие, Кимеридис, Манаси, Пацурис, Загранис, Топузоглу, Карапанојотис”.

Натаму весникот дава податоци за бројот на башибозукот во одделни реони и начинот на кој се вооружуваат и помагаат во нивната дејност од владината војска и полиција.

Весникот “Лаики Фони” од 17 јуни 1945 година под заглавие “Фашисти припадници на Националната гарда и башибозук го мачат народот во Македонија. Силуваа 12-годишни девојчиња и стари жени на 60 години. Вистинска разбојничка банда падарите но Ениджевардарско и еден интересен разговор” пишува меѓу другото:

“На 7 јуни кон полноќ, бившиот соработник на окупаторот Коскинас, сега офицер на Националната гарда, во град Кукуш појде во домот на жртвата на албанскиот фронт вдовицата Никополитиду и застрашувајќи ја со пушка се обиде да ја одвлече.

Воден. Теророт во градот и околијата надмина секоја граница. Припадниците на Националната гарда, Англичани и башибозук

вршат блокади и апсат демократски граѓани. Припадниците на Националната гарда апсат секого кој би го фатиле да чита весник на левицата и го претепуваат до мртвило. Продавачите на левичарските весници ги заплашуваат дека ќе ги пребијат ако и натаму продаваат такви весници.

Повеќе од месец дена не циркулираат левичарски весници...”.

Солунскиот весник “Македонија”, орган на Либералната партија во својот број од 1 јуни 1945 година донесува “отворено писмо” од Иоанис Михаил, бивши пратеник на Демократскиот сојуз за Солун, со следнава содржина:

“До г.г. министер гувернерот на Македонија, управителот на Централна Македонија, командантот и јавниот обвинител на град Солун.

Во село Куфалија, Солунско, поставен е за командир на единицата на Националната гарда потпоручникот Иоанис Драгумис, за да го пази редот и безбедноста, за да ги пази селаните и нивниот имот. Откако ја презеде должноста, офицерот со своите постапки стана страв и трепет за населението.

Селани – домакини што немаа никаква врска со окупаторот се апсат и тепаат до изнемоглост и се заплашуваат дека ако јават за случајот одново ќе бидат тепани. Кога оние што настрадале и одговорните од селото се пожалија на воената команда и јавниот обвинител, воената команда испрати виш офицер да поведе истрага, но досега нема резултат, а јавниот обвинител им изјавил дека не бил надлежен да интервенира. На тој начин, благодарејќи на незаинтересираноста на владата споменатиот офицер продолжува со ѕверствата, а селаните се вчудоневидени од ваквите постапки на власта. Строгите наредби што му ги упати воената команда на офецерот изгледа дека немаат никакво дејство. Вчера е доведен во овдешната општинска болница чесниот селанец Христос Фока во тешка положба со искршени ребра од тепањето, само заради тоа што се јавил како заштитник и сведок на двајца свои соселани кои беа ослободени од судската власт.

Јавно ја обвинувам срамната работа на потпоручникот Иоани Драгуми и барам директно негово обвинување или на соодветната компетентна власт по тоа прашање, штом не останаа други средства да се заштитат правата на граѓаните.

Со Почит,
Иоанис Михаил, бивши пратеник на Демократскиот сојуз."

Со вакви примери, обилуваше печатот од тоа време, а уште повеќе самиот живот.

Грчката десница, која по декемвриските настани ја имаше во свои раце легитимната влада во Грција, беше свесна дека ни од далеку не ја осигурала својата власт и дека дури од нејзините натамошни настојувања ќе зависи колку ќе и успее да го задуши демократското движење во Грција и да ја зацврсти власта.

Меѓународната ситуација не трпеше решенија какви што даде грчката десница кога се најде во политичка криза пред II Светска војна со воведувањето на фашистичката диктатура на Метаксас. Токму затоа мораше да се мисли на скорешни парламентарни избори и плебисцит, за враќање или не на кралот во земјата. Но грчката буржоазија беше свесна за големината на својот политички капитал во грчките широки маси. Во текот на војната во земјата се разви, без оглед на внатрешните слабост, масовно народно-ослободително движење против фашизмот и на тој начин се изврши најсилната поларизација на силите во земјата. Затоа грчката буржоазија не се одлучуваше за слободни парламентарни избори или плебисцит, се дури не осигура такви услови и такви избори кои ќе ја задоволат само формалната страна на прашањето и ќе и обезбедат на владата легитимација на "законита" влада на Грција.

За горната цел беше потребно во прв ред да се задуши движењето на ЕАМ; потоа да ја воспостави, зацврсти и консолидира својата власт во земјата – да направи свој државен апарат, своја вооружена сила-полиција и војска. Немаше на

кого друг да се потпре, освен да ги рехабилитира соработниците на окупаторот. Така и постапи. На декларираните соработници на окупаторот им овозможи и понатаму да продолжат со теророт што го вршеа против народот за време на окупацијата. Таа мерка требаше да послужи да му се нанесе првиот удир на демократското движење, да се заплашат масите и владата да добие свои приврзеници. **Ова беше основната карактеристика на јавниот и политичкиот живот во Грција во текот на целата 1945 година.**

Покрај споменатиот терор на најразличните вооружени групи, почна и “легален” терор од самите органи на власта; и тој се повеќе растеше во зависност од тоа како се шираше и зацврснуваше самата власт од центарот кон периферијата. Така, бројот на уапсените, затворени и интернирани борци на отпорот во текот на 1945 година достигна на десетина илјади. Заедно со теророт од башибозукот и органите на власта – полицијата и војската, се поттикнаа и десничарските елементи да пристапат кон политичка консолидација на своите сили со формирање на разни организации – младински, професионални, разни сојузи итн.

Натаму, почна интензивно зајакнување на полицијата и воопшто државниот апарат со најшовинистичките елементи во земјата, припадници на бившата полиција на Метаксас и сл. Исто така се постапи и при формирањето на војската. Во прв ред целата војска беше очистена од демократски настроените офицери. Во секоја боена единица беше создадена воена полиција. При мобилизацијата се пристапуваше по системот на поединечно повикување што им овозможуваше на органите на владата да повикаат поголем број свои луѓе или неактивни одденосно и неопределени лица. Доколку и покрај сите овие мерки на предострожност во војската се инфилтрираа некои борбени демократски елементи, тогаш воената полиција вршеше последна чиска на тој начин што “сомнителните елементи” ги разоружуваше и ги користеше за помошни служби или ги упатуваше во интернација на егејските острови, Макронисос и др.

Во спроведувањето на гореизложените мерки грчката буржоазија имаше сестрана материјална и морална поткрепа од англиските окупациони сили во земјата, а организацијата на грчката полиција и војската беше доверена на англиски офицери. Покрај тоа во политички цели обилно се користеше помошта од УНРА која во Грција беше далеку поголема отколку во другите земји.

Како резултат на оваа еднострана граѓанска војна во Грција, што ја водеше грчката десница против демократските сили, во текот на 1945 година дојде до економски хаос во земјата. Не беа направени ни најосновните чекори за обнова на земјата и зголемување на производството. Единствено помошта во хранителни продукти и стока за широка потрошувачка од УНРА, служеше да се одржи опстанокот на народот.

Но, грчката буржоазија умешно манипулираше со таквата положба во земјата во своја корист, користејќи ја меѓународната ситуација – првата половина на 1945 година додека уште траеше Втората светска војна, а втората половина како период кој следи непосредно по војната. Сите напори ги насочи кон експанзионистичките територијални барања; на тој план ја префрли дури и борбата со демократските сили во земјата, обвинувајќи ги како “предавници на националните интереси”.

По Втората светска војна можеби нема друг подрастичен пример на безосновани анексионистички апетити во однос на своите соседи од тој на грчката буржоазија. Разгорувајќи ги во масите со десетилетија всадуваните шовинистички настроенија во однос на соседните народи и идејата за “Мегали Елада” (Голема Грција), грчките властодршци систематски ја трујеја политичката атмосфера во земјата.

Доминантна политичка парола наметната од десницата беше “национални барања”. Не беа ретки случаите да се одржуваа митинзи и демонстрации под паролата “Тирана-Софија-Москва”. Дневните весници и специјални публикации ја разработуваат темата на “националните аспирации” и ги грујеја масите со анкесионистички апетити. Еве ја во превод насловната страна на една брошура:

“Од Георги Н. Василиу
е.е. м потпуковник на инженеријата”

Грчкиот проблем

(како го разбираат северните Грци)
Нашите национални барања

Повик
од грчкиот народ
до Конгресот на мирот
И нашите територијални барања”

Откако во брошурата авторот ги образложува барањата, дава табеларен преглед на “Голема Грција”, на територијата и населението.

Од табеларниот преглед се гледат барањата спрема Албанија, Југославија, Бугарија, Турција, Италија и Англија. Потоа колонии од Италија и Велика Британија во Африка и на крајот барање за присилно иселување на милион и половина Славјани од Грција. Според мислење на овој потполковник, изнесено во брошурата, Грција од земја, која според пописот од 1940 година зафаќала површина од 129,879,8 кл², со население од 7.335.672 души и 56,5 жители на еден кл² би станала земја со површина од 1.745.413,5 кл², со население од 21,763.926 односно 12,5 жители на еден кл².

На 28 октомври 1945 година во Солун одржан е собир таканаречен “Конгрес за националните права”. На тој собир свој реферат поднесоа двајца професори – Киријакидис и Воѓазидис, во кој се потрудија да ги образложат “историски” и “научно” грчките апирации према своите соседи.

На “Конгресот на национални права” покрај останатите одржа говор и генерал Лумбас, кој 1946 година излезе во брошурка под наслов “Потребната стратегиска реформа на грчките граници”. Лумбас својот говор го почнува со зборовите:

“Нашите граници кон север определени се со договорите во Букурешт и во Нејги и договорот во Флоренца. Определувањето се изврши без да биде земен предвид општиот принцип за обезбедувањето поволни услови за сигурност на заинтересираните страни”.
Откако генералот ги образложува “потребите” од измена на границите, за “сигурни граници на Грција” предлага: “Поради тоа, граничната линија спрема Албанија, според горното треба да оди како следува: остров Сашо, линијата која ги дели водите на реките Шкумби и Аржан до котата 1425, каде што се сретнува со споменатата погоре наша линија на сигурност спрема Албанија.”

Во врска со грчко-југословенската граница, бидејќи постојните теснини и пречки меѓу сегашните граници и Солун, на Костурино и Демир Капија, малку се оддалечени од Солун и во правец на висорамнините Лерин – Кожани не постоела никаква природна пречка и линијата на сигурност “кон Југославија” требало да биде следнава:

“Северните приоди на планинските масиви Сува Гора и Караџица, северно од Велес, северно од Штип сливот на реката Брагалница и нејзината притока Злетосвска Река, течението на реката Брегалница до околината на Царево Село”

Нема сомневање дека кога имаат смелост да бараат “исправки” спрема Албанија и Југославија, ќе побараат исто така и спрема Бугарија.

Откако набројува “аргументи” за оваа негова теза, заклучува: “Поради споменатите причини во околиите меѓу Струма и Места нашата погранична сигурност е незначителна, а во областа помеѓу реките Места и Марица не постои ниту трага од погранична сигурност. Поради сето тоа станува нужна потребата од стратегиско исправање на нашите граници со Бугарија на начин, кој во иднина да спречува секаква можност за анексионистички претензии против нас. Но тоа може да успее единствено со општото завладување на планинските масиви на Пирин и Родопите од наша страна, зашто овие планински масиви од една страна претставуваат многу сериозни

природни пречки за нападни операции од бугарска територија против нас, а од дурга страна – на овој начин се добива нужната длабочина на нашите застрашени околии за водење на одбранбена борба.”

Поздравен говор на “Конгресот за национални права” од 28 октомври 1945 година во Солун, одржа и генерал потполковникот Димитрие Какавос, кој наскоро беше отпечатен во посебна брошура под наслов: “Македонија во последните 40 години и нашите национални права”. Тој фрла летимичен поглед на блиската историја на Македонија, гледана низ призмата на грчките мегаломански очила и откако, оплакува за тоа дека Грција не била наградена како што требало, прелага.

“Нашите граници веќе минуваат покрај клонот на Пирин, кој исто така е клон на Родопите, но и Родопите се клон на Хемус. Ако, значи, сакаме справедливо да ги разделиме воените предности на територијата, потребно е, бездруго, да стигнеме до Хемус и оттаму линијата да се отправува западно кон Црно Море.

Но, ако истакнувањето на овие наши справедливи барања би се окарактеризирале евентуално како шовинизам, а не како неопходна мерка за сигурноста на државата од насилија, единствена согласност која би можело да биде примена, е да се ограничи нашата гранична линија до горните Родопи, оттаму преку Габровица, откако ќе ја надмине железничката линија Пловдив-Софија, да мине на Панаѓуриште и да заврши на Црно Море, така што да стане наша национална област делината на Марица заедно со, до пред извесно време развиените грчки центри Пловдив, Станимах, Кавакли, Бургас, Созопол, Агатопол.”

Откако накратко и лажно ги интерпретира воените настани од I и II балканска војна авторот се свртува на барањата према Југославија и вели: “По горното сметам дека нашата гранична линија од горните Родопи треба да минува низ масивите на Пирин и Арвин и да стигнува на Малеш и од таму да завршува над височините на Охридското Езеро, така што сите споменати грчки центри – Струмица, Дојран, Гевгелија, Прилеп, Крушево,

Битола да преминат во грчката држава, со што покрај нашата воена сигурност прилично се задоволува и прашањето на нашето економско засилување со приклучувањето на Пелагонското Поле.”

На крајот, заокружувајќи ја замислената граница на Грција до Јадранско Море, Какавос вели: “И денеска, продолжувајќи го одредувањето на нашата гранична линија до Јадранското Море, сметаме дека таа од северниот крај на Охридско Езеро треба да се насочува кон устието на река Скумби, така што Јужна Албанија, која правилно е наречена Северн Епир, заедно со развиените грчки центри, херојската Хумара, Авлона, Гинокастро, Корча, да преминат во нашата национална територија”.

Еве какви националистички и мегаломански идеи се ширеа во Грција од грчките шовинисти по најстрашната војна која до денес ја помни човештвото. Земајќи го овој факт во вид, може да се дојде до заклучок какви можеа да бидат односите на оваа влада спрема обичниот, мирниот работник и селанец кој се бори за гола егзистенција. Во Грција буржоазијата беше доведена во положба да падне. Таа паѓаше, но со помош од империјалистичките сили од странство таа одново застана на нозе, и тогаш со десетпати поголема жестокот се нафрли против својот гробар – работникот и работниот селанец, против работниот народ-револуционер. Само така може да се објаснат настаните во Грција по истерувањето на окупаторот.

Лично верувам дека како организаторите на “Конгресот на националните права” така и говорниците и учесниците, на него, ако кај нив останало елементарна мерка на реалност, и самите не можеа да веруваат во задоволувањето на таквите лудачки аспирации на мировните конфереции за сметка на соседите. Но она што е точно е фактот дека се тие непоправливи шовинисти. Во Грција, каде општествената криза дојде до израз уште пред Втората светска војна, и беше задушена со воведувањето на крвавата фашистичка диктатура на Метаксас од 1936 година, пламна во време на војната и окупацијата, што се изрази во Народно-ослободителната борба, а по војната го постави прашањето на патот по кој ќе тргне Грција, дали ќе избере нов,

или ќе оди по стариот? Ќе победат ли новите општествени сили или ќе останат на власт старите? Како што е познато, со помошта од странската интервенција, во Грција се реставрира старата власт. Но, на неа и беше потребно создавање на извесна основа и база во масите. А токму тоа сакаа да создадат преку оваа пропаганда, преку пропагандата за “националните права”. Сакаа да ги заведат масите со примамливи пароли за проширување на плодни територии кои и “историски” им припаѓале.

Целата 1945 година мина и во знак на одредување времето за одржување парламентарни избори и пребисцит, за тоа дали изборите за парламент или плебисцитот воопшто ќе се одржат и каков да биде системот на изборите. Во името на тоа, во текот на таа бескрајна анархија која владееше во целата земја, за време на владата на Вулгарис беа подготвени изборните списоци, кои всушност претставуваа нечуен и без преседан масовен фалсификат.

Откако административната влада на Вулгарис доследно ја изврши својата задача, во почетокот на 1946 год. истата беше заменета со владата на водачот на Либералната партија Темистоклес Софулис. И оваа промена не е од мало тактичко значење во смислените потези, како што ќе видиме понатаму, на грчката буржоазија во нејзините усилби со комбинација на насилство и фалсификат да ја зацврсти својата власт и пред светското јавно мислење да се претстави како “законита”

## 2. **Оцените на раководството на КПГ**

На 25 јуни 1945 година беше одржан XII Пленум на ЦК КПГ. Во Резолуцијата меѓу другото може да се прочита и следново:

“Пленумот на Централниот комитет на ЦК КПГ констатира сериозно влошување на внатрешната ситуација од XI Пленум до денес. Владата се покажа неспособна да воспостави внатрешен ред и не ја покажа својата зрелост за денешните критички моменти. Терористите на десницата на чело со Воениот сојуз кој дејствува како помошник на олигархијата на крупната буржоазија, со смислената толеранција од владата и

извесни кругови од странство и помошта на државните органи (националната гарда, жандармеријата, градска полиција) се готови да извршат фашистички пуч., да воспостават фашистичка диктатура. Подготвуваат меѓународни вооружени авантури. Имаат регистрирано десетина илјади демократски граѓани за да ги стрелат првата ноќ на пучот.

Грција е единствена земја во Европа од таборот на победниците каде фашисти, соработници на окупаторот, квинслинзи и предавници одново ја задушуваат демократијата. Движењето на отпорот се наоѓа во жестоко прогонство. Стотици лица се убиени и се убиваат. Десетици илјади се наоѓаат во затвор. Стотици илјади се наоѓаат во прогонство. Тоа е белег на еден политички авантуризам кој управува со земјата и ја тера во внатрешни и надворешни катастрофи."

По наведената констатација, под заглавие "Спасението на народот" се вели:

"Пленумот на ЦК на КПГ констатира дека само коалициониот демократски свет во земјата, земајќи го во свои раце и управувањето со земјата, може да ја спаси ситуацијата. Политичката коалиција на партиите од ЕАМ, која го претставува поголемиот и демократски дел од народот, треба да го подигне високо и решително знамето на борбата за да ги собере сите демократски сили во една приемлива програма за заштита на Републиката и воспоставување демократски ред во нашата земја. Пленумот нагласува дека одбивањето на бившите демократски и политички припадници за една елементарна демократска соработка и конкретните напори што се чинат од одделни нивни фактори за да се разбијат единствените демократски организации, во основата претставуваат кршење на секое демократско начело и морална норма. Тоа и користи само на реакцијата, дури и сега и дава поткрепа, мошне ја охрабри и ја направи дрска. Нагласуваме дека истата тактика во есента 1935 година доведе до пучот и "плебисцитот" "на Кондилис и до враќањето на Глигзбурк, до Метаксас, до 4 август, до предавството и капитулацијата. Истата опасност се испречува одново непосредно, како резултат од разбивањето на

демократските сили, што ќе му послужи на Глигзбурк за неговото враќање".

Откако во Резолуцијата на Пленумот се истакнува напред изнесеното, се бара спроведување на спогодбата во Јалта меѓу трите големи сили и со нивна интервенција и во Грција веднаш да се формира коалициона влада од сите партии кои не соработуваа со окупаторот и се против насилните фашистички решенија. Таквата влада да воспостави политички и синдикални слободи, демократски ред и спокојство, и во рок, најмногу од 4 месеци да спроведе слободни избори за уставотворно собрание со пропорционален изборен систем.

Натаму, откако е даден горниот предлог за "коалициона влада од сите партии" во Резолуцијата се поставуваат извесни задачи на таквата влада за подготовка на изборите.

Од изнесените констатации, недвосмислено може да се согледа каква беше ситуацијата во земјата. Во каква положба беше доведено движењето на отпорот и неговите припадници. Со какви средства се бореше десницата која беше на власт, каков беше државниот апарат кој беше во формирање, каква беше полицијата и војската.

Задачите кои ги постави Пленумот беа следниве:

"Пленумот потцртува особено: а) дека убиствената терористичка дејност на десницата императивно наложува веднаш организирање на МАСОВНА НАРОДНА САМО-ОДБРАНА за престанување на теророт. Мажите, жените, младината, целата демократска Грција ќе ја скршат раката на убијците – фашисти, секој пат кога ќе се крене вооружена; б) дека масовните борби на сите слоеви на работниот народ и демократските маси воопшто (протести, штрајкови, собранија, демонстрации, затворање на чаршијата) сенароден погреб на жртвите од фашизмот итн. е првенствен демократски долг за да се спречуваат конкретните терористички дела на реакцијата; в) масовниот и сенароден политички штрајк, како решително народно оружје, се налага денеска за да се спречат масовните и значајни терористички фашистички манифестации; г) сите

демократски луѓе треба да се готови да го бранат својот живот и да се спротивстават со СИТЕ СРЕДСТВА НА СЕКОЈ ФАШИСТИЧКИ ПУЧ. Народот да биде буден”.

Централната парола која се издигаше од моментот на потпишувањето на спогодбата во Варкиза и првиот налет на десницата против демократските маси и нејзината авангарда – борците од отпорот, беше паролата “масовна народна самоодбрана со сите средства”. Но токму затоа што не достигаа “сите средства” стана фатална по судбината на демократското движење во Грција, затоа што не само ја исклучуваше, ами и ја осудуваше борбата со оружје, ја предаваше судбината на демократското движење во земјата на милост и немилост на разузданата реакција, која од своја страна напаѓаше со сите средства, а во прв ред со насилство и силата на оружјето. **Во тоа се состои една од основните грешки на раководството на КПГ во поваркизниот период.**

Како што се гледа од самите констатации на Резолуцијата на XII Пленум на ЦК КПГ, во Грција фактички пламтеше една крвава војна од страна на десницата против демократските сили во земјата.

Решенијата на XII Пленум на ЦК КПГ и констатациите внесени во горецитираната Резолуција, главно беа становишта изнесени од тогашниот генерален секретар на КПГ – Захаријадис во неговиот реферат одржан на Пленумот. Така, на пример, осудувајќи ја појавата и приврзениците на потребата од непредевање на оружјето и оружен отпор против десницата и странските интервенции, Захаријадис во својот реферат го рече следново:

“Преминувањето од ослободителната војна во борба за Република, го доведе целото наше движење од повлекувањето после декември на еден свиок. Една нова ситуација се појавуваше и бараше брзо приспособување на линијата, тактиката, методите и паролите, иако може овде да се говори во овој случај за криза само од таа страна дека пред свиокот кон новото, се најдовме идеолошки малу неподготвени, нешто што доведе до извесна збрка. Многу членови и кадар не можеа

веднаш да расчистат – што бараме и каде одиме во новите услови. Оваа збрка имаше за резултат извесни малограѓански колебања внатре во партијата. Некои од тие, како она на Велухиотис, можеа да бидат опасни, но Партијата ги пресретна решително.

До колку таквите манифестации не ги предизвикуваше непосредно класниот непријател се должат на идеолошките слабости. На пример, манифестациите на партизанштина во движењето се должат на тоа што извесни другари не разбраа дека Варкиза беше една последица на поразот во декември и го наложи преминувањето од "лесната" партизанска борба, на масовна политичка борба, сакаа да ги задржат пушките и да ја продолжат партизанската борба (Захаријадис ја наречува со грчкиот израз "клевтополемос" – качачка војна м.п.). Тоа значи со вчерашниот билет да минат и денеска. Партијата удри и бие таква помисла затоа што води до последици катастрофални за целата борба. Но Партијата ги премина бргу сите овие колебања и решително се фрли во новите борби и новите задачи".

Многу се значајни овие Захаријадисови искажувања, затоа што го откриваат приодот кон политичката линија, врз инаку една правилна оцена на ситуацијата. Се осудува појавата на вооружен отпор. Меѓутоа, ако го анализираме ставот за потребата од вооружен отпор во светлината на ситуацијата која владееше во земјата, ќе можеме да расчистеме едно основно прашање – дали ситуацијата по Варкиза беше револуционерна ситуација или не и во врска со тоа, каква форма на борба се налагаше?

**Каква е ситуацијата и односот на силите по декемвриските настани и спогодбата во Варкиза 1945 година?**

Во својот реферат одржан на XII Пленум на ЦК КПГ во јуни 1945 година, Захаријадис ја дава следнава оцена за основната карактеристика на политичката ситуација во земјата:

"Реакционерната десница и оние кои ја следат, поддржуваат или толерантно се однесуваат, ја одреди по позициите што ги

заседе со странска помош и по настаните во декември, оваа линија:

а) со еден див терор кој надминува секој преседан во историјата на нашата земја, да го принуди народот да свитка глава, да напушти секој отпор;

б) со еден клеветнички поход и една нечуена фалсификација на стварноста да ја изолира КПГ, народната авангарда од народот, да ја извалка како партија на "убици", "предавници", "предадени", за да ја изолира и уништи;

в) со еден шовинистички патетички аларм да го скрше вниманието на народот од животните внатрешни прашања и го сврти кон надвор, за да може на тој начин со една антинародна еконмска политика да ја стовари целата тежина на ситуацијата врз народот и да ја удесетстручи мизеријата и безизлезноста".

Оваа констатација на Захаријадис е точна. Таа јасно говори за тоа дека во времето по декемвриските настани и Варкиза дотогаш се води една еднострана граѓанска војна. Тогаш се поставува прашањето: што во таков случај треба да се прави? Фаталната грешка на раководствата на КПГ се состои токму во тоа, што откако констатира дека се води немилосрдна, уништувачка војна против демократските сили во земјата, кога не со политички, туку во прв ред со воени средства десницата сака да расчисти со демократските организации и прогресивната мисла во земјата, КПГ спротивстави само политички средства и го исклучуваше вооружениот отпор.

Меѓутоа, што покажуваше практиката до половината на 1945 година.

Во оцената на декемвриските настани на XII Пленум се вели:

"Со востанието во декември се затвора една и се отвора друга страница во нашата историја. Тоа е преодот, свиокот, кризата. Востанието не победи, но ни двиижењето не беше поразено. Тоа е основната специфичност на поразот во декември".

Тоа е точно. Ова го потврдува и фактот што по декември беше потпишана спогодбата во Варкиза, а движењето не беше безусловно совладано. Но десницата беше свесна за своите сили. Имено, дека силите на страната на движењето на отпорот беа толку јаки што ако бара совладување на движењето ќе биде поразена, та затоа и таа се согласи со спогодбата во Варкиза, со која “вети” дека ќе спроведе демократизација во земјата. На Десницата и беше потребен здив, еден маневар и тоа го оствари.

Значи, грешката на раководството на КПГ е во тоа што борбата во декември беше ограничена само на Атина, а не беше проширена во целата земја. И во тоа што, откако беше изгубена битката во Атина, наместо да се повлече од Атина и да продолжи да се бори, дојде до спогодбата во Варкиза која не даваше ни најосновни гаранции дека може да осигури демократски развиток во земјата.

Втора грешка е што навреме не се согледа споменатата прва грешка и на време да се избегнат катастрофалните последици од спогодбата во Варкиза, која навистина беше една голема победа на десницата. Наместо тоа, од раководителите на КПГ беше прогласена како голема победа.

Грешка е и тоа, што по Варкиза, и тоа тогаш кога се здоби толку искуство што можеше да се донесе правилен заклучок за линијата на Партијата, за тоа дека како средство за борба треба да се организира вооружен отпор во земјата, се залажуваше членството со илузии за политичка борба, а вооружената борба се осудуваше како организирана од “класниот непријател” како “дело на правокатори” итн.

Благодарејќи на таквата политичка линија на Партијата, десничарската влада можеше со успех да ги остварува своите замисли. При спогодбата во Варкиза, владата фактички ја имаше власта само во Атина и околината и неколку поголеми центри во земјата, одржувајќи ја со помошта на англиски сили. По спогодбата и предавањето на оружјето од страна на ЕЛАС, веднаш пристапи кон мобилизација на свои сили. Веднаш, штом ги прифати од ЕЛАС затворените во логори, соработниците на окупаторот, ги вооружа и ги пушти разуздано

да делуваат против голоракото движење на отпорот. Од националистичките единици што ги доведе од Африка и остатоците на Наполеон Зервас и некои други националистички формации направи езгро на идната армија. Енергично пристапи кон организирање на полицијата и војската. За формирање на војската го спроведе системот на самостојни единици, таканаречени баталјони на националната гарда. Овие баталјони се формираа на територијална основа, а за кадар се земаа осведочени антидемократски офицери. Овие баталјони подоцна беа организационо порврзувани и создавани поголеми формации. Но тоа веше дури во текот на 1946 година.

До половината на 1945 година владата во Атина својата власт успеаја да ја воспостави, главно, во градските-околиски и поголеми општински центри. Но со своите слаби воени и полициски сили, разурнат железнички и патен сообраќај, беше далеку од тоа ефикасно да ја контолира провинцијата. Меѓутоа, како што е погоре нагласено, таа ги вооружа бившите соработнци на окупаторот и тие разуздано почнаа да крстарат низ провинциите.

Едновремено со воспоставувањето и проширувањето на власта, се ширеа и мерките за задушување на демократското движење и по селата. За да се има поправилна претстава за тоа како можеше така брзо да ја консолидира колку-толку својата власт контрареволуционрерната влада во Атина, треба да се земат предвид следниве моменти: прво, дека Грција беше земја која до војната имаше фашистичка диктатура во траење од полни пет години и со консолидиран фашистички државни органи, а рехабилитацијата на соработниците на окупаторот и даваше исто така предани на нејзиното дело луѓе, решени да се пресметаат со демократското движење и демокраските маки за да не одговараат како предавници; второ, дека ставот на Партијата беше против вооружениот отпор и за потчинување на обврските спрема власта. **Ако не беше ставот на Партијата, на пример, да се оди во војска, владата тешко ќе можеше така успешно да си ја постигне својата цел во однос на создавање на воени формации.**

Времето беше судбоносно и тоа секој член на Партијата, член на ЕАМ или симпатизер, учесник во движењето на отпорот, добро го чувствуваше. Го чувствуваше затоа што ударот на уништувачкиот терор му висеше над главата како Дамоклов меч. И затоа беше готов да се спротивстави – обичниот член, масите и средниот кадар, кои јасно увидуваа дека со “политичка борба” не можат да се спротивстават на уништувачкиот терор. Но тоа нивно убедување, неопходен революционер елемент за едно востание, го убиваше раководството на КПГ со својот став. Масите беа свесни за големината на своите сили, ако се заземаше курс за одбрана со сите средства, за организирање на вооружен отпор во земјата.

За потврда на горното, карактеристични се уште некои од оценките и ставовите изнесени на XII пленум на ЦК КПГод 25-27 јуни 1945 година, оценките и ставовите донесени на VII Конгрес на Партијата одржан во октомври 1945 година и нешто од активноста на раководството на КПГ во текот на 1945 година спротивно на десницата која во текот на 1945 година усилено работеше на консолидирање на својата власт.

Пред враќањето на Захаријадис од прогонство (Захаријадис, генерален секретар на КПГ уапсен уште од Метаксасовата полиција во време на Втората светска војна, по окупацијата на Грција беше предаден на Германците, и одведен во логорот Дахау во Германија) беше одржан XI пленум на КПГ, на кој е направен осврт на НОД во Грција, но не беше направена сериозна анализа на грешките кои доведоа до поразот на движењето. XI Пленум беше одржан во почетокот на 1945 година, кога Захаријадис не беше уште ослободен. Целото членство очекуваше дека враќањето на Захаријадис ќе има решително влијание за исправување на грешките, осудување на дотогашните грешки итн. Меѓутоа, на XII Пленум не беше дадена сериозна анализа на грешките на движењето што доведоа до победата на десницата, туку под едно подзаглавие “што е вината” во реферат на XII Пленум за развојот на НОД се вели:

“… Но тогаш во што е вината? Со ова прашање доаѓаме до јазелот. Да ја земеме конкретната стварност во Грција во

годините на окупацијата. Во внатрешноста, всушност, владееше ЕАМ кој решително војуваше со окупаторот. ЕАМ го собираше мнозинството, решително мнозинство од народот. Другите групи, како ЕДЕС, по однос на своето влијание во масите играа второстепена улога. Политички беа изолирани од народот. Во странство беше Глигзбург и неговата влада што ја претставуваа, како самите велеа, Грција, но без никаква врска со Народно-ослободителното движење и нацијата што се бореше Бившите политичари, всушност, се движеа во дворот на владата во бегалство во Каиро или во границите што им ги допушташе окупаторот, во земјата, каде соработуваа со него предавајќи ги врвните интереси или имаа став на очекување, на двоумење.

Напорите што беа направени за да се оствари единството помеѓу ЕАМ и владата во Каиро, заврши ја со договорот во Либан и ЕАМ зеде учество во владата. Се создаваа, всушност, две власти: власта на ЕАМ на чело со ПЕЕА која фактички е вистинска влада, затоа што таа ја имаше силата и власта во Грција, и "власта" на емигрантската влада во Каиро, во која учествуваше и ЕАМ, чија сила беше минимална. Особено по бунтот на војската на Средниот Исток, што имаше за резултат, речиси, потполно растураше на вооружените сили во странство.

Согласно овој внатрешно-грчки однос на силите, проблемот на власта во Грција во суштина беше решен, ако во играта учествуваа само грчки фактори, грчки сили. И навистина, кога со напредувањето на Црвената армија на Балканот и ударите на ЕЛАС внатре во Грција, Германците почнаа да се повлекуваат и да бегат подгонети, власта преминуваше **автоматски, природно** во рацете на ЕАМ. Штом вака стоеја работите, грчкиот внатрешен проблем ќе беше решен поскоро, полесно, понародно и подемократски од која и да е друга земја во Европа што се ослободија, БЕЗ ДУРИ ДА ИМА ПОТРЕБА НИТУ ЕДЕН СТРАНЕЦ ДА СТАПИ ВО ГРЦИЈА. И со враќањето на владата (од Каиро) од странство, пак фактички не би се изменило ништо. Ќе требаше да се изврши реорганизација на владата, која би била вистински одраз на волјата на нацијата. Дури да останеше и таква како што беше дошла, ќе требаше во рок од 2-3 месеци да се одржат избори и така ќе можеше целосно да се реши внатрешниот проблем. Во Грција имаше

ред, имаше полиција, имаше народна армија, дисциплинирана и јака, испитана, ПОБЕДОНОСНА, со солиден кадар и добро вооружање. Во рок од 3-4 месеци таа војска ќе можеше да ги удвостурчи и утростручи своите сили ”.

“Тогаш во што беше вината, та работите се развија токму обратно? Напразно се мачат оние кои сакаат да ги откријат причините во малите грешки и линијата во Народно-ослободителното движење. Такви грешки се неизбежни во една таква голема, широка и оригинална усилба. Но тоа не повлијае врз апсолутно правилната основна линија. Како што е нагласено и погоре, ЕАМ во основа од почетокот до крајот на окупацијата застана на правилниот пат. Тука не е ништо грешно. Ниту Либан е виновен. Затоа што, иако не постоеше или ако беше полош, договорот на хартија не ќе можеше да измени ништо суштествено во тоа време во дадениот однос на силите внатре во земјата. Во што тогаш беше вината?”

Се запрашува на крајот Захаријадис, и откако говори за тешката задача на ЕАМ, “правилно да го постави движењето во меѓународните рамки”, го дава следниов одговор:

“Да се обидеме сега да ја поставиме Грција во меѓународните рамки. Економски и политички Грција значително зависи од странскиот капитал, всушност од англискиот капитал. Економско-географски и следователно и политички му припаѓа на Балканот и Европа и не може да живее и да се развива надвор од таа нејзина природна средина. Природно дека економската содржина Грција ја наоѓа во Балканот и Европа. Не може да остане туѓа и без влијание од економско-политичките и општествени преобразби на Балканот и Европа. Ако сака да го стори тоа, ќе биде неприродно и ќе има за последица изолација од природниот потпир, со сите економско-политички последици и денеска, кога на Балканот дува ветерот на републиката и во југоисточна Европа се манифестира живо и творечки влијанието на големата социјалистичка република од север, една таква изолација ќе ја наведеше Грција на сериозни сплетки, опасности и опаѓање. Но до овде не завршува поставувањето на Грција во денешните меѓународни рамки. Нашата земја се протега во Средоземјето, речиси, до

африканските крајбрежја и владее во западниот дел на источното Средоземје на патот што ја сврзува Англија со мосулскиот петролеј, Суец и Индија и понатаму со Кина и Пацификот. Стоиме на една од стратегиските, невралгични и значајни точки, на една од најосетливите сообраќајни артерии на Британската империја.

Додека постои Англиската империја, ќе постои и оваа артерија и Англија ќе чини се што е во нејзина сила за да ја држи. За оваа артерија војуваше двапати – 1914 и 1939 година; затоа што таа претставува столб на нејзината светска зграда. На еден пршлен од тој столб стоиме ние. Ако им го одземеме, ќе се урне целата зграда. Оваа проста работа не треба да ја заборавиме никогаш, а покрај тоа да не забораваме дека се уште во основа зависиме, економски и политички, од англискиот капитал".

Спред изнесеното, на XII Пленум се отстапи дури и од благите констатации за грешките усвоени на XI Пленум на ЦК КПГ од април 1945 година, кога беше оценето дека спогодбата во Либан не одговара на соодносот на силите и според тоа не го унапредуваше делото на националното единство и не го обезбедуваше нормалниот демократски развиток; дека погрешно беа оценети силите во декемвриското судирање и не биле искористени можностите за една поповолна спогодба од онаа во Варкиза која дојде како резултат на поразот во Атина.

Захаријадис во неговата анализа целата вина за поразот ја фрла врз странскиот фактор, на англиското ангажирање. Точно е дека англиското мешање и вооружената интервенција беа неопходниот фактор за победа на десницата. Таквата оцена, меѓутоа, колку не даваше одговор за грешките во минатото, уште помалу отвораше перспектива за во иднина – тезата за "грчкиот пршлен" во империјалната зграда и "грчката оска", за местото на Грција во меѓународните односи и потребата од англиското присуство во Грција. Захаријадис не се осврнува сериозно, без да се потцени странскиот фактор и интервенција, кон сопствените грешки на движењето што доведоа до превласт на така слабите сили на деницата, од што можеше, во тоа време, да се извлечат драгоцени искуства. Така, на пример, вели дека од почетокот до крајот на окупацијата ЕАМ имаше, во сонова,

правилна линија. За спогодбата во Либан вели дека договорот на хартија и да бил полош, не би можел да влијае врз односот на силите во земјата. Не го споменува воопшто договорот во Казерта.

Меѓутоа, токму во тоа се основните грешки на раководството на КПГ и ЕАМ. Со договорот во Либан ЕАМ и ПЕЕА за легетимна влада на Грција ја признаа емигрантската влада и во која зедоа учество. ЕЛАС го ставија под командата на таа влада и сојузничката команда. Натаму, со договорот во Казерта се согласуваа со поделбата на територијалното владеење на силите на ЕЛАС, ЕДЕС и владините војски до создавањето на националната војска. А, што е најважно, ЕЛАС беше ставен под заповедите на сојузничката команда на Средниот Исток. Точно е дека договорите не можат да го изменат дадениот однос на силите, но тие договори можеа да влијаат врз натамошниот тек на работите, создаваа легални позиции на емигрантската влада и одврзани раце да истапува во името на “целата нација”, во името на Грција а да делува за своите себични – класни интереси.

Таква анализа на гршките беше потребна за одредување правилна линија за во иднина, за правилната ориентација на членството и масите и перспективите на борбата на демократските сили во Грција.

Со оцените што ги даде раководството на КПГ на својот XII Пленум на ЦК, всушност не даваше одговор на основното прашање кое се поставуваше: имено, дали постои револуционерна ситуација во земјата и каков треба да биде курсот за основната форма на борбата по декемвриските настани.

Во почетокот на октомври 1945 година во Атина се одржа VII Конгрес на КПГ. Овој Конгрес се одржување десет месеци по крвавите настани во декември 1944 година и осум месеци по потпишувањето на договорот во Варкиза; се одржуваше три месеци по XII Пленум на ЦК, а ситуацијата во земјата за демократските сили се повеќе и повеќе се влошуваше. Затоа е од интерес да се види како Конгресот ги поставува работите.

Политички реферат на Конгресот одржа Захаријадис. Откако со две-три реченици се осврна на меѓународната ситуација, првата реченица со која почнува да зборува за внатрешната ситуација е следнава:

“Вооружената насилна иногрчка интервенција во декември 1944 година, што ненадејно го просече нормалниот внатрешен демократски развиток и ја донесе на власт неогрчката реакција, квинслинзите и експлоататорите на народот, ја фрли Грција во длабока политичка криза. И денес, десет месеци после херојскиот отпор во декември, нашата земја пропаѓа во економска катастрофа, во политичкиот хаос и анархија”.

Осврнувајќи се потоа на “новогрчкиот политички проблем” и “политичката криза во Грција”, вели:

“Политичката криза која денес ја разјадува нашата земја, своите корени ги има во фактот што англиската насилна интервенција во декември во Грција ја зеде со сила власата од рацете на народот, им ја даде на експлоататорите, квинслинзите и предавниците. **На тој начин создаде една непормирлива спротивност меѓу мнозинството на народот, од една и кликата на плутократите што ја држат власта, од друга страна**”. (подвлекол Н. П.).

Под наслов “Односот на класните сили во денешна Грција” во рефератот се вели следново:

“Основно во Грција денес за политичка превласт се борат две странки, два табора, две струи. Прво, странката на плутократите ги собира во своите редови квинслинзите, старите оџаци, коџобашии, и чифлик-сајбиите, сите експлоататори на народот, на чело со финансиската олигархија како владеачка сила. Политички овој табор се бори под знамето на монархофашизмот. Влијае уште над заостанатите слоеви во градот и селото. **Како основно средство за политичка превласт му служи отворениот злочинечки терор кој го спроведува Црниот фронт, САН, Кситосите и останатиот монархофашистички олош.** Располага речиси со целиот

државен апарат и ги употребува полициските и војните сили, во прв ред офицерите, за терористички операции... **Применува од декември наваму режим на еднострана граѓанска војна против своите противници – народната демократија.** Оди по следнава политичка линија: тргнува од беспорниот факт дека народот го немаше со себе, ниту некогаш би го имал. Затоа и средствата кои ги употребува за да завладее се сите други, само не политички, демократски, народни”. (Подвлекол Н.П.).

Точно е дека Грција во 1945 година се наоѓаше во “економска и политичка криза, хаос и анархија”.

Точно е дека постоеше “непомирлива спротивност” и дека се водеше “еднострана граѓанска војна”. Но откако се прават горните констатации во заглавието “Смислата на предупредувањето” и подзаглавието “Нова ситуација – нови задачи – одговорностите на Англија”, меѓу другото се вели:

“Новата ситуација која се формира пред нас поставува нови задачи. **Не треба да постои никакво двоумење дека во центарот на политичката активност остануваат напорите да постигнеме еден мирен демократски развиток кон избори**”. (подвлекол Н.П.)

Какви избори подготвуваат властите? А уште повеќе какви избори можеа да бидат подготвени во услови на еднострана граѓанска војна лесно може да се замисли. Но за карактерот на претстојните избори се говори и во рефератот. На страна 8 од брошурата “Марксистичка библиотека” посветена на VII Конгрес може да се прочита следново:

“Но со ова не се исцрпуваат средствата за политичка превласт што ги употребува монархофашистичката реакција. Изолацијата од масите ја принудува и англиската подршка и дозволува да прибегнува и кон други терористички антидемократски средства за  политичка превласт. Како што знаеме, приготвена е една огромна изборна фалсификација. Денеска настојувањето во тој правец зема конкретна форма. Откако работите се сварија во Лондон, овде се применуваат. Со англиски натисок се вршат усогласувања меѓу сите буржоаски и

други партии. Одат кон тоа арамиски да ги поделат пратеничките места и по декември да спроведат и “избори” со изборните списоци на Булгарис, на тој начин во Грција да триумфира парламентаризмот и демократијата, исклучувајќи го в сушност ЕАМ! Во овие пазарлоци земаат учество и демократските и социјалистичките водачи, со сосем мали чесни исклучоци. Се работи за најбезобразно предавство на демократијата од сите што до денеска ги имавме во Грција”.

Откако ќе се прочитаат сите овие оценки и ставови, линијата на партијата стануваше нејасна и неразбирлива за членството. Затоа што откако се констатира “еднострана граѓанска војна”, се инсистира на политичка борба, избори и парламент, а десницата, од своја страна, го уништуваше целиот борбен цвет и авангарда на масите.

По спогодбата во Варкиза оружјето не го предаде комесарот на ЕЛАС – првиот организатор на партизанскиот отпор во Грција – Арис Велухиотис (Атанас Кларас). Тој во еден свој говор во Лариса отворено ја осуди безобзирната терористичка политика на десницата и истакна дека “оружјето не треба да го предадеме, затоа што не ја исполнивме светата клетва што ја дадовме пред нашиот народ да му донесеме слобода и посреќен живот”. И навистина, со тој идеал и загина. Арис не го предаде оружјето. Со една група од стотина борци се одметна во планина и крена во правец на Македонија. Во април 1945 година, кога Арис дојде во Костурско во селото Калевишта, се судри со владините единици и поради фактот што не му беше позната ситуацијата на север: Корештата – Вичо и Кајмакчалан, тој крена одново на југ, таму каде што теренот му беше познат и каде што дејствуваше за време на германската окупација. Арис сакаше да знае и за ставот на соседните комунистички партии и за таа цел премина во Албанија. Но во Албанија не беше примен од одговорните функционери, ниту беше даден јасен одговор за неговиот став.

Откако Арис разви прилична активност во реонот на Коница и Џумерка, во текот на мај и првите денови на јуни, на 10 јуни беше опколен од два баталјона на “Националната гарда” и на

другиот ден, на 11 јуни 1945 година, Арис и многу од неговите блиски соработници храбро загинаа.

Се тврди дека пред да биде заробен, се самоубил.

Со уништувањето на Арис грчката десница навистина ликуваше. Окружниот управител на Трикала го извести сследната телеграма Министерството на внатрешни работи: “Радосна вест, бандата на Арис е растурена и уништена. Од рано утро двете глави се обесени и јавно се изложени во Трикала...”

Со смртта на Арис, Грција го изгуби човекот кој навреме ги согледа последиците од капитулантската спогодба во Варкиза, човекот што ја согледа неопходноста од продолжување, на востанието до крајна победа. Многу е карактеристичен фактот што раководството на ЕАМ Ариса го зеде во заштита, раководството на КПГ го осуди. Раководството на КПГ се плашеше (она фатално плашење) за да не го обвини буржоазијата и тоа онаа најреакционерната, која беше на власт, за “екстремизам”. А раководството на ЕАМ добро го процени расположението на демократските маси спрема Ариса – на новите општествени сили во земјата кои се бореа за една нова Грција. Тие нови општествени сили, пролетерите од градот, сиромасите од селото и сите оние борци на отпорот кои беа подложени на жесток прогон од контрареволуционерните сили. Тие беа убедени дека само отворена, одлучна и тоа вооружена борба, а не спогодувачката политика во тогашните услови во Грција, може да доведе до конечна победа; тие самоуверено гледаа во своите сили. Но политичката линија им ги врзуваше рацете.

Договорот во Варкиза го предвидуваше и правото на властите да ги апсат и да ги држат 6 месеци во истражен затвор сите оние кои “непосредно учествуваа во злосторствата”. Со овој мотив беа апсени илјадници борци на отпорот, со овој мотив можеше да биде уапсен и суден и Арис. Размерите на тие апсења и теророт беа зеле таков замав што протестираа дури и претставниците на “буржоаско-демократскиот центар”. Ете како ја опишува таа состојба во месец јули списанието

“Комунистички преглед” (месечен политичко-теоретски орган на ЦК КПГ) во своето издание од август 1945 година, во рубриката “внатрешни прегледи”.

“Најважниот настан во месецот е судското гонење на ДВИЖЕЊЕТО НА НАЦИОНАЛНИОТ ОТПОР. Констатирано е дека 20.000 борци се држат во затвор. Исто така задржувањето во притвор повеќе од 6 месеци, и покрај договорот во Варкиза, се мотивира со смешното обвинение за “грабежи” и на сите им го залепуваат тоа обвинение, бидејќи не се нагласува изрично во спогодбата во Варкиза”.

Во изданието на ЦК КПГ 1952 “Хроника на борбата” за ситуацијата во земјата по Варкиза читаме: “Декември 1945 година”: “Монархофашистичка терористичка организација во целата земја. Во текот на првите девет месеци по спогодбата во Варкиза се извршени 1.000 убиства. Бројот на задржаните во притвор достигна 75.000 души, а преследуваните со судска потерница за апсење 65.000 души...”

Има ли поочигледни факти за тоа како десницата ја спроведуваше Варкиза и дали требаше да се ревидира тактиката на “исчекуваања”, на барање “Коолициона влада” и “слободни избори”?!

Откако дојде до судрувањето во Атина во декември 1944 година меѓу ЕЛАС и десницата и како резултат на тоа беше потпишана спогодбата во Варкиза со одредбите кои таа ги содржеше, при тогашната констелација и односот на силите во Грција беше јасно дека беа исклучени условите за “мирен развиток”, условите за “слободни избори” и “коалициона влада”. Грчката десница ја усвои линијата на свиреп и безобзирен терор против револуционерните сили.

### 3. **Кризата на буржоаското општество во текот на 1945 година**

Со воведувањето на фашистичката диктатура на Метаксас во Грција во 1939 година, сите политички партии беа растурени. Петгодишниот период на таа диктатура, а особено периодот на

окупацијата, од основа го разниша лицемерјето на буржоаските партии и нивната доверба кај широките маси. По истерувањето на окупаторот двете најголеми буржоаски партии познати од времето на парламентарните игри во Грција

-Популистичката и Либералната – тешко можеа да се совземат. На Популистичката партија, како отворена монархистичка, со помошта на власта полесно и појде од рака да ги прибере околу себе остатоците од Метаксасовата фашистичка диктатура, соработниците на окупаторот и неофашистите. Додека Либералната се разби на неколку групи. Најголема беше онаа под раководството на Софулис, потоа следеа групата на Стилианос Гонатас и групата под водството на Софоклис Венизелос. Натаму, беше обновена Партијата на прогресивните либерали на Кафандарис и Социјал демократската партија на Георги Папандреу. Потоа постоеа и други партии, како Национална партија на Грција на Наполеон Зрвас, Национална-унионистичка партија на Панајотис Канелопулос итн.

Во текот на 1945 година (заправо од октомври 1944 год.) во Грција станаа шест промени во владите. На 18 октомври 1944 година имигрантската влада на Георги Папандреу од Каиро дојде во Грција. Во неа учествуваа и 5 министри од коалицијата на ЕАМ. На 24 октомври беше извршена реорганизација на владата, а на први декември поднесуваат оставка министрите на ЕАМ. По крвавите настани во декември, на 3 јануари 1945 година формирана е владата на Николаос Пластирас, владата што го потпиша примирјето и договорот во Варкиза. Но по неполни два месеци владата на Пластирас, која свечено се обврзуваше да ја спроведе спогодбата во Варкиза, поднесува оставка затоа што во земјата не владееше владата, ами беззаконието; дејствуваа “црностотињашите”. На регентвото – застапништвото на кралот Георгиос II му беше потребна влада која најмногу ќе одговара на тогашните потреби – немилосрдно да се пресмета со демократските сили во земјата. Такво решение најдоа со формирањето на “административната влада” на поморскиот офицер Петрос Вулгарис. Владата на Петрос Вулгарис беше орган на крајната десница. Таа и овозможи на крајната десница да мине во општ напад против демократските организации. Од неговата владавина се “уплашија” дури и

либералите и бараа други решенија. На 11 август владата на Вулгарис претрпува извесна реорганизација, но на 17 октомври 1945 година паѓа и со владата раководи регентот, архиепископот Дамаскиност. На 1 ноември е формирана владата на Георгис Канелопулос, која остана на власт само до 22 ноември, кога е формирана владата на Темистоклис Софулис.

Софулис беше шеф на партијата која во периодот меѓу двете светски војни се афирмира како противмонархистичка-републиканска партија, макар што таква доследно не беше. Но, важно е дека таа со таквата легитимација можеше да се користи благодарејќи и на оценките на раководството на КПГ, дека Либералната партија не е претставник на круната, ами на ситната буржоазија, еден дел од интелегенцијата, чиновништвото, иако на раководството на КПГ добро му беа познати следниве факти:

Прво, дека либератите, и тоа под водството на Софулис во текот на политичката криза во Грција во 1935 година го изневерија договорот за парламентарната соработка меѓу КПГ и либералите и го расчистија патот за повторно воспоставување на монархијата;

Второ, дека во 1936 година Либералната парламентарна група и тоа под водството на Софулис, и изгласа доверба на владата на генерал Метаксас и фактички го легализира на власта за да може да воведе фашистичка диктатура;

Трето, дека либералот Софулис одбиваше секоја изборна соработка со КПГ за спречување реставрацијата на монархијата во Грција.

Четврто, дека либералите му предлагаа на регенството да се востанови парламентот од 1936 година, во кој можеа да учествуваат и фашистите, а само неколку пратеници на КПГ.

Либералната буржоазија во Грција всушност тргна по неминовниот пат, имено: секогаш кога буржоаското општество во Грција запаѓаше во криза, во најсудбиносните моменти се

определуваше против револуцијата. Лениновите мисли изнесени во неговиот труд “Поуки од револуцијата” (што се однесува на првата руска револуција 1905 година), како да се пишувани и за односот на грчката буржоазија.

“Кога револуцијата стапи во одлучна борба со царот, во декемврискoто востание 1905 година, либералите, сите од ред, подло ја предадоа слободата на народот, се повлекоа од борбата. Царското самодржавие го искористи предавството на народната слобода од оние што им веруваа на либералите и ги разби работниците кои го дигнаа востанието. А кога пролетаријатот беше разбиен, никакви Думи, никакви слатки зборови на кадетите, никакви нивни ветувања не го задржаа царот да не ги уништи сите остатоци на слободата, да не го обнови самодржавјето и семоќта на феудалоспахиите”.

Раководството на КПГ, меѓутоа како да заборавило на овие вистини. Заборавило дека буржоазијата, па и либералите, кога се во прашање одлучни пресметувања, ќе застанат на своите класни позиции. А во Грција имаше такви пресметувања. Затоа не случајно либералите од петни жили ја критикуваа со своите постапки крајната десница да не предизвика отпор, револуција – она од што најмногу се плаши буржоазијата. Затоа повикуваше на “мир и ред” и ги подржуваше паролите на КПГ и ЕАМ, само со една “ситна” разлика: во коалиционата влада да не учествува ЕАМ, туку главниот збор да го има “центарот”.

Откако на стотина места, резолуции и статии се констатира дека во земјата беснее  “еднострана граѓанска војна” и фактички таква владее и тоа со повеќе жртви отколку “обострана”, откако се констатира дека се подготвени фалсификувани изборни списоци, доаѓањето на Софулис за шеф на владата, раководството на КПГ не го оценува како успешна маневра на Обединетата десница. Во декемврискиот број на “Комунистички преглед”, во рубриката “Внатрешен преглед”, откако на кратко ги опишшува заткулисните игри до именувањето на владата и после тоа, карактеристично пишува:

“Владата на водачот на либералите г. Софулис ја има во начело подршката, согласно и на неколкукратни поранешни изјави на КПГ и целата ЕАМ на левица.

Понатаму се вели:

“Составувањето на владата на г. Софулис ќе наиде на огорчена реакција и отворена акција на монархофашистичката десница: Црниот фронт, САН, Кситосите и компанија. Целиот демократски свет, како граѓаните, така и оние што се наоѓаат во вооружените сили, имаат денес врховен национален долг со сите средства да го спречат пучот на монархофашистичката десница, слушајќи ги и следејќи ги директивите на кабинетот Софулис”.

Понатаму Резолуцијата продолжува:

“Што се однесува до владата на г. Софулис, Политбирото на ЦК КПГ изјавува дека ќе поддржува секоја мерка на владата на Софулис, што ќе оди кон тоа во Грција да воспостави рамноправност, ред и мир, со крајна цел што поскоро да дојдеме до слободни избори. Политбирото на ЦК КПГ, имајќи во предвид дека навистина катастрофална е за земјата економската ситуација, дава дополнителна изјава дека до изборите ќе ги поткрепи владините напори за економската стабилност, ако тежината се подели рамномерно т.е. ако се принудат да платат и експлоататорите што се збогатија и се богатат. Политбирото на ЦК КПГ констатира дека отстранувањето на неговото свештенство – владиката од регенството претставува суштествен елемент за внатрешниот ред и спокојство и за воспоставување на морален ред во политичкиот живот, кој толку многу опадна во времето на неговото регенство. Политбирото на ЦК КПГ им дава директива на сите партиски организации својата работа веднаш да ја усогласат во духот на оваа резолуција...”.

Сметам дека беше потребно да се дадат сите погорни извадоци од Резолуцијата на ЦК КПГ, затоа што на тој начин најрелефно се изразува ставот на раководството на КПГ кон крајот на 1945 година. Се гледа ставот спрема кабинетот на Софулис, спрема

кабинетот за време на чие владеење се одржаа изборите од 31 март 1946 година, со помошта на кои се легализира и се "озакони" беззаконието и се отвори патот кон реставрација на монархијата и повторно зацврстување на власта на контрареволуцијата во Грција.

## ГЛАВА ВТОРА - РЕСТАВРАЦИЈА НА МОНАРХИЈАТА

### 1. **Парламентарните избори и Плебисцитот**

Откако контрареволуционерните сили во земјата со помош на англиските окупациони војски им беа задале силен удар на демократските сили, ги подготвија фалсификуваните изборни списоци, а ги придобија на своја страна и либералите на Софулис (кон крајот на 1945 година беше формиран кабинетот на Темистоклис Софулис) контрареволуционерите се почувствуваа подготвени да ги одржат изборите на 31 март 1946 година. Борбата на демократските сили, а во демократските партии и организации за ревизија на изборните списоци, за прекинување на теророт и меѓународната контрола на изборите од четирите големи сили: САД, СССР, Англија и Франција останаа без успех. Не обѕирајќи се на огорчените протести на демократските сили во земјата и демократското јавно мислење, контрареволуционерните сили во Грција, со помошта на империјалистичките кругови од странство, ги одржаа изборите и изораа парламент кој им беше нужен за натамошната борба и зацврснување на своите позиции. Од изборните списоци беа исклучени илјадници демократски граѓани. Во земјата владееше беззаконие и насилие на оружените органи на власта и десничарските организации. Спроти изборите теророт се засили и десетина илјади граѓани беа затворани или прогонувани.

И навистина, грчката десница својата замисла ја постигна. Од изборите апстинираа коолицијата на ЕАМ (со тоа и КПГ, партијата на Цудерос, на Кафандарис, групата на Карталис, групата на левите либерали и ЕЛД на Зволос). Апстиненцијата овозможи многу полесно да се изврши фалсификацијата. Не треба и да се докажува дека апстинираа над 55% од бирачите и покрај теророт, но тоа не им попречи на фалсификаторите да го преиначат резултатот зашто немаше кој да ги контролира. Имаше контролна комисија и тоа делегирана од ООН, но таа комисија поправо им беше од помош на фалсификаторите. Комисијата за контрола на изборите беше составена не од четирите ами од трите големи сили: Англија, САД, Франција. Советскиот Сојуз не се согласи да учествува во комисијата,

истакнувајќи дека е тоа “мешање во внатрешните работи на Грција”. Се разбира дека би било смешно неколку екипи од луѓе да можат во целата земја да ја контролираат слободата на изборите или уште повеќе да го докажуваат процентот на гласовите или да тврдат дека не е направена фалсификација. Но ете, комисијата од претставници на САД, Англија и Франција “најодговорно” и најавторитетно ги потврдија резултатите од изборите и го легализираа режимот кој дотогаш беше на власт.

Парламентот избран на тие избори го имаше следниот состав:

Популисти – 131, либерали – 84, социјал-демократи – на Папандреу – 30, национал-либералите на Гонатас – 22, националната партија на Зервас – 21, партијата на Маркезинис – 18, национал-унионистичката партија на Конелопулост – 12, Национални сили – 10, независна парламентарна група – 5, независните – 15, сегрчка национална партија 1, Реформистичка партија – 1, Патриотски сојуз – 1, работничка партија – 1 Сојуз на земјоделските партии – 1 и независен либерал – 1 пратеник.

Освен либералите со 84 пратеници, кои беа камуфлирани монархисти, сите останати беа монархисти. Ете зошто и појде од рака на популистичката партија да формира влада, да организира во текот на 1946 година и плебисцит и го врати кралот.

Плебисцитот кој се одржа на 1 септември 1946 година беше спроведен во ситуација на уште поголема анархија и терор во земјата. Прво, поради тоа што добивајќи “законско” овластување со изборите од 31 март 1946 година, контареволуционерните сили со уште поголема жестина се нафрлија против демократските сили. Беа ликвидирани сите провинциски бира на организациите ЕАМ и КПГ и демократските весници. Второ, по парламентарните избори и засилувањето на теророт граѓанската војна навлезе во нова фаза. Имено, почна отворен вооружен отпор во земјата, така што плебисцитот фактички се одржа во услови на граѓанска војна.

Од плебисцитот не апстинираа демократските организации и воопшто левицата. Но кој можеше сега да сомнева во успехот на монархијата? Ако фалсификацијата можеше да успее во парламентарните избори, тогаш зопто таков успех да не постигнат при плебисцитот? И навистина, на очиглед на целиот свет на 1 септември 1946 година во Грција е извршен втор масовен фалсификат и одново е реставрирана монархијата.

Најкарактеристични моменти за овој период се следниве:

- Контрареволуционерните сили систематски го засилуваат теророт врз демократското движење;

- Граѓанските партии, во овој број и либералната на Софулис, како претставник на либералната буржоазија, преминува на страната на монархистите. Тоа го потврдува нивното десолидаризирање со левицата-коалицијата на ЕАМ, Кафиндариса и некои други групи, учеството во изборите и држењето при плебисцитот за реставрација на монархијата.

- Кај левицата провејува колебање за можните патишта за развој на работите во Грција. Поради теророт во планините се повеќе одметнуваат прогонувани борци на отпорот.

- Грчкото прашање се поставува пред ООН и станува предмет на меѓународни расправи.

## 2. **Ставовите на левицата**

Доаѓањето на кабинетот на Темистоклис Софулис на власт во ноември 1945 година, како што се гледа и од ставот на Политбирото на ЦК КПГ заземен непосредно по неговото доаѓање, беше неосновано оценето како победа на демократските сили и неосновано се полагаше надеж дека тоа ќе доведе до смирување во земјата, слободни избори итн. Софулис неколку месеци откако дојде на власт лавираше како што им е својствено на либералите во таква ситуација така што тоа сееше уште поголема неизвесност и илузии. Но во исто време, теророт од органите на власта не само што не престануваше, туку стануваше се посистематски и посеопфатен.

Сепак, Софулис успеваше да лавира непосредно се до изборите, кога мораше отворено да застане против демократскиот табор и да изјави дека изборите секако ќе бидат одржани. Затоа дури тогаш можеме да прочитаме во партискиот печат, наспроти комуникето на Политбирото од 24 ноември 1945 година, написи како овој: “За сојузничките наблудувачи. Во нашиот град пристигнаа сојузничките наблудувачи што ќе ги наблудуваат изборите што сака да ги одржи Софулис на 31 март”. (Ники од 16 март 1946 година орган на ЕАМ за Леринско). или: “Никој на избори. Секој демократски граѓанин од градот и селото треба да се крени и апстиненцијата да стане гроб на изборниот пуч”. (Ники, од 28 март 1946 година). Треба да се одбележи дека овој весник во тоа време се издаваше илегално. Истиот весник од 16 февруари 1946 година објави статија (тогаш легален) под наслов: “Под кои услови ќе учествуваме во изборите”, а потоа во статијата ги набројува тие услови.

На 12 февруари 1946 година, на Вториот пленум на ЦК КПГ, Захаријадис меѓу другото рече:

“... Без никакво сомнение ќе треба денеска да истакнеме уште еднаш дека договорот во Варкиза беше правилен зашто наполно одговараше на националните, демократските и народните интереси”.

Јасно е дека со таквиот став се стоеше на становиште за “мирен развиток”. Но релефно состојбата се гледа и од еден извештај на партизанската група на планината Пајак-Кајмакчалан:

“**Јануари**: народот на Пајак се бори за чесни и слободни избори, се бори против плановите на Англичаните и САД, кои со сите средства подготвуваат изборен пуч. Се поставуваше недложно задачата за одбрана со сите средства од плановите на монархофашистите. Месецот измина без никаква организациона работа и без акција, чекајќи на развитокот на ситуацијата.

**Февруари**: Ситуацијата во реонот останува иста и истите проблеми го интересираат народот. Се врши извесна организациона подготовка за дочекување на секој евентуален

пуч. Во последните десет дена се формира комитет за народна самоодбрана во Воденски округ и зема живо учество во движењето за организирање на самоодбрана. Тешко е комитетот да се движи колку е потребно, поради условите кои владеат, а основно поради тоа што не можеше да осигура врска со раководството.

Март: Објективната ситуација на Пајак се влошува. Монархофашизмот води кон изборен пуч. Народот се бори под најтешки услови на терор. Комитетот за самоодбрана доаѓа во врска со раководството, се поставуваат задачи и настојуваме да дадеме содржај на масовна народна самоодбрана. Почнува со проучувањето на проблемот за пренесувањето и осигурувањето на оружјето. Се анализира проблемот на евентуален пуч. Добивме врска со селата и работиме за подигање духот за самоодбрана и во селата го средуваме оружјето.

**Април**: Со резултатите од изборниот пуч збеснетиот монархофашизам со неизмерна суровост се нафрла против демократските организации и демократскиот народ...”.

Од изложеното, ми се чини, јасно се гледа ситуацијата која владееше, а исто така и двоумењето и исчекувањето на “развитокот на ситуацијата”. Не е случајно и тоа што не се презема никаква вооружена акција пред изборите, заправо се чекаше “пуч” или како што се вели во анализата “изборен пуч”, дури тогаш да влезе во дејство “масовната народна самоодбрана”. Формално пуч значи, антипарламентарни и вонпарламентарни решенија за заземање на власта. Но, ете така грчката буржоазија, иако е искусна и во тие игри, не го стори тоа, туку направи “парламентарен пуч”, го освои парламентот по пат на фалсификувани избори.

Како што се гледа од извештајот на партезанската група на Пајак-Кајмакчалан, подготовки за вооружен отпор во земјата се вршени уште од почетокот на 1946 година, поточно: поради прогоните на борците на отпорот илегални групи има ширум цела Грција. Но се до крајот на изборите не се презема никаква вооружена акција.

На 31 март 1946 година, не само што се апстинира од изборите, туку една вооружена партизанска група врши вооружен напад во Литохоро на Олимп и со што се означува објавувањето на вооружената борба од страна на припадниците на левицата, кои се наоѓаат во состојба на постојано прогонство и терор.

Во наредните месеци зачестија вооружените судри во сите реони на земјата и постојано растеа партизанските групи. На 28 октомври 1946 година формиран е Главен штаб на Демократската армија. Но и при оваа положба тешко е да се определи што мислеше раководството, која форма на борба ја сметаше за главна: вооружената или политичката т.е. парламентарната иако не беше во парламентот, бидејќи сметаше дека ќе дојде до поништување на одржаните парламентарни избори и одржување на нови “слободни”. Впрочем тоа го потврдува и ставот по блебисцитот, на кој е заземен став да учествува и левицата иако плебисцитот фактички се одржуваше во услови на граѓанска војна.

**Фактички двоумењето ќе продолжи до октомври 1947 година. Затоа може да се заклучи дека политичката борба се сметаше основна форма на борба, а вооружениот отпор средство за притисок врз десницата да се согласи на компромис, на повлекување итн.** Така може да се објасни и фактот што вооружената борба му е доверена на кадар кој беше гонет, без да се почувствува раководната улога на КПГ. За ставот према вооружената борба, може да се суди и по следниов податок: “Во октомври 1946 година, кога излегов во планина, вооружените групи кои дејствуваа беа: во Грамос една група од 65 борци на чело со Г. Гјанулис и 350 борци на Вич. Во сета останата Грција имаше уште 1.200 борци... За формирањето на Главен штаб, што се изврши на 28 октомври немаше никаква директива. (Според искажувањата на генерал Маркос на седницата на VII Пленум на ЦК КПГ во 1957 година, објавени во списанието “Неос Козмос” од април-мај 1957 година стр. 53).

Дури во октомври 1947 година, кога е одржан III Пленум на ЦК КПГ, заземен е јасен курс за вооружено востание изразен во следниот став:

“Американската интервенција во Грција го затвори патот за спогодба на двете противнички страни, се поставува прашањето за подигање народот на вооружена борба”. Понатаму поставува како цел “ослободување на земјата, осигурување на нејзината независност и демократски развиток” и како непосредна задача “создавање поголема слободна територија и формирање демократска влада. За таа цел Демократската армија да изврши мобилизација и бројчано порасне; да се подигне борбеноста; да се изработи генерален план за напаѓање и да се спроведе тактика на постојани офанзиви; да ги прошири и зголеми ударите; да не се штетат сили како досега”.

Еве зошто е занимлив развојот на настаните до изнесениот став од октомври 1947 година – односот на силите во земјата, борбата и тактиката на спротивните табори и местото на грчкото прашање на меѓународен план.

3. **Настаните од септември 1946 до септември 1947 година**

Со фалсификуваниот плебисцит, кој беше одржан во септември 1946 година, во Грција се реставрира монархијата. На престолот дојде Ѓорѓи II, со лоша репутација во грчкиот политички живот, но со големо влијание во контрареволуционерните кругови на Грција. Ѓорѓи II со владата на Констандин Цалдарис не можеше да помисли на друго освен на едно решение: задушување на движењето на отпорот со сила. Такво решение не можеше да бара со други, освен со насилни средства, со војна. Затоа и својата тактика ја насочи кон пресметување со демократското движење на воено поле. И кога во декември 1946 година се обрна до ООН, токму на тој план ја поставуваше работата, имено дека се работи за “вооружен бунт потпомогнат однадвор” за да ја оправда војната против демократските сили во земјата.

Ставот на КПГ, пак од друга страна беше дека вооружената борба треба да се зајакне, но без намера со сила да ја урне владата и да ја заземе власта, туку да послужи како средство за натисок, да се принуди владата на повлекување и мирно – парламентарно решение. Овој став на раководството на КПГ е во сила до октомври 1947 година и произлегуваше од оценката

дека: “односот на силите во земјата дозволува, а и меѓународните услови созреаја за мирно решение на грчкото прашање”. Меѓутоа, меѓународните услови се свртеа против “мирното решение”, затоа што токму во тој период имаме поларизирање на силите на меѓународен план и се повеќе се нарушуваше коалициониот дух од војната.

Определената цел од владата на Цалдарис, по враќањето на кралот во земјата, се повеќе и повеќе се спроведуваше: растеше теророт против демократските сили, а тоа од своја страна дејствуваше за масовизирање на вооружениот отпор во земјата, каде владееше економски хаос и работничките штрајкови беа редовна појава. Есента 1946 година постигната е спогодба за обединување на вооружените партизански сили на грчката левица со силите на НОФ. (Народно-ослободителен фронт на Македонците во Егејска Македонија кој дотогаш делуваше во несогласност со КПГ.) Оваа спогодба имаше многу позитивно дејство за масовизирање на вооружената борба во целата земја. Од малите партизански групи, по обединувањето израснаа големи партизански одреди и регуларни единици, а ударите против кралските сили станувaa се посилни.

Не можејќи сама да се спротивстави на нападите, грчката реакција во декември 1946 година го покренува прашањето во ООН, во резултат на што во Грција во јануари 1947 година доаѓа Анкетна комисија на Советот на безбедноста. Во времето кога се подготвуваше да дојде и во времето на дејноста на Анкетната комисија во Грција, до извесна мера беше ублажен теророт, во градовите се покажуваше слаба слика на демократскиот живот. Во поголемите градови излегуваа демократски весници, а свои простории има и организацијата на ЕАМ. Со повлекувањето на Анкетната комисија од Грција и доаѓањето за министерот на безбедноста Наполеон Зервас во месец март 1947 година, почнува масовен терор. Сите негови пријатели и приврзеници се поставени на одговорни места. Сите оние кои сведочеа пред Анкетната комисија беа уапсени и фрлени во затвор; почна да се прогонува и централното раководство на КПГ. Во малите градови се забранува излегувањето на демократските весници, а во поголемите, со

честите провокации, е оневозможено излегувањето на органите на КПГ и ЕАМ.

Владата на Цалдарис, со сите сили и сите средства ја водеше борбата за уништување на партизанското движење, а избегаваше да се согласи на какво и да е компромисно решение и борбата да се пренесе на политичко поле. За таа цел својата дејност ја насочува кон следново:

а) напроти развитокот на партизанското движење, спроведува масовен терор против секоја демократска појава, врши масовни апсења, интернации, смртни пресуди и стрелања за да го обезглави демократското и работничко-селанско движење во градот и селото;

б) на одговорни места во државниот апарат поставува луѓе кои се истакнаа со своите противнародни дела за време на метаксасовата фашистичка диктатура, германската окупација и подоцна;

в) ги ангажира сите средства за јакнење и зголемување на вооружените сили – војската и џандармеријата, а потоа пристапи кон вооружување на единици од население.

Во војската е вршено чистење на офицерите кои и најмалку пројавуваа демократски идеи и на нивно место се поставувани проверени монархисти. Засилена е ЕСА – воената полиција, која ги задушува и најмалите демократски појави; мобилизирани се и нови сили, но при мобилизацијата се употребува методот на лични покани, а не мобилизација на одредено годиште. Обрнува големо внимание на опремата и вооружувањето на војската. Офицерите и подофицерите се платени добро, а на борците и нивните семејства им е доделувана помош.

Но и покрај овие мерки, во овој период монархистите уште немаа направено од војската сигурен инструмент, зашто преку војската и натаму делуваа демократските елементи, поради што војската не беше опфатена со офанзивен дух. Војниците не преминуваа на страната на Демократската армија, но затоа, пак,

и не се бореа упорно против неа. Причините за таквата состојба во кралската армија во овој период лежи во тоа што од неа отсуствуваа најборбените демократски елементи, кои беа во планините или во затворите. Затоа, преовладуваше конзервативен, колеблив дух. Силната владина пропаганда влијаеше врз војничката маса дека не е можна победата на Демократската армија, а присуството на англоамериканците во Грција ја потенцираше таа пропаганда. Покрај, тоа во редовите на кралската армија беше оневозможено организациона работа на КПГ.

Полицијата и џандармеријата беа најсигурната вооружена сила во земјата во рацете на атинската влада. Тие беа привилигирани и добро платени. Од нив се составуваа казнените експедиции за терор во провинциите. Тие вршат масовни апсења по градовите и селата, ги уништуваат демократските институции, весниците, канцелариите и клубовите на демократските организации, тие во борбите со партизаните се бореа најжестоко. Во формациите на полицијата и џандармеријата се вкучени квинслишки елементи и колаборационисти – учесници во "тагмата асвалијас" (баталјонски формации во Грција во услуга на окупаторот). Со доаѓањето за министер на јавната безбедност на колаборационистот Наполеон Зервас во март 1947 година, се разуздува уште повеќе и онака разузданата полиција и џандармерија и тогаш теророт беше најмасовен и најжесток – по изборите и по плебисцитот.

Во текот на 1947 година почна да се форсира вооружувањето на цивилното население. Оваа акција датираше од порано, но тоа повеќе се вршеше преку некои параетатистички организации и под изговор дека "самото население се вооружува за да се брани од партизаните". Сега веќе вооружувањето организацијата и раководството, го преземаат отворено државните органи, војската и полицијата и тие стануваат составен помошен дел на вооружените сили на контрареволуцијата. Овие единици познати под името МАИ – (монадес асвалијас ипетру-единици за безбедност на провинцијата), одиграа важна улога како помошно воено-политичко средство на грчката реакција во текот и по граѓанската војна во Грција. Тие и до денеска во Грција

постојат и играат важна улога во задушувањето демократските права.

Монархофашистичката пропаганда – печатот и радиото не бираа средства во нападите против движењето на Демокраската армија. Најомилен, начин беше Демократската армија да се претстави како "оружје на Славјаните" кои "сакаат да ја унииштат Грција" и тн. Натаму, нивната пропаганда се бореше да го зацврсти уверувањето во масите дека Велика Британија и САД се крајно заинтересирани да не дојде до победа на Демократската армија, затоа што губат една многу важна стратегиска позиција, која би паднала под влијанието на СССР. Таа нивна пропаганда вршеше определено влијание врз масите, бидејќи ја поткренуваа и настаните. Велика Британија упорно се бореше во ООН да го задржи правото за стационирање на свои единици на територијата на Грција, кое, всушност, значеше најбрутална интервенција во корист на десницата; владата на САД, пак, од своја страна, покрај дипломатско-политичката поткрепа на атинскиот режим во меѓународните односи и ООН, во март 1947 година изјави дека ќе му даде материјална помош, која веднаш потоа и уследи.

Но и покрај сите напори на владата на Константин Цалдарис да го задуши движењето и да ги зголеми своите вооружени сили до таа мера што да се во состојба да го задушат партизанскиот отпор во земјата, тоа не и појде од рака. Под натисокот на се повеќе зголемените партизански сили, зачестените и зголемени удари, кралскиот генералштаб се најде принуден да изработи план за повлекување. Во април 1947 година издава тајна наредба нивните единици да се сконцентрираат во поголемите административни и комуникациони центри, тука силно да се закрепуваат за конечно да го изолираат демократското партизанско движење од градските центри. Со повлекувањето на кралската армија во центрите со сила се евакуирани голем број села. Подоцна е воведена економска блокада на селото и во голема мера е постигната контрола над центрите. Овие мерки беа проследени со максимални напори за организирање одбраната на спомenатите центри и комуникациони објекти. Во реоните на партизанското движење градовите се оградени со бодликава жица (некаде таа ја зачуваа уште од времето на

окупацијата), поставени се мински полиња, направени се бункери, митралески и топовски гнезда итн.

Тактиката на повлекувањето на армијата на атинскиот режим од многу востанички реони во центрите и насилната евакуација на селата (покрај насилната евакуација извесен број кулачки елементи сами се беа повлекле во градовите), создаде не само паника, но и економски хаос. Бројот на населението во овие градови се зголеми двапати, а некаде и трипати. За одбележување е дека стотици илјади бегалци во центрите живееја на колективни казани од мизерната помош од УНРА. Токму тоа го користеше атинската влада да вооружи еден дел од овие бегалци или да ги користи за гадење на одбранбени објекти.

Со економскиот хаос и теророт што владееше во земјата од ден на ден се повеќе растеше граѓанската војна. Владата на Констандинос Цалдарис, иако беше поткрепена од шестмина лидери на крајно-десничарски страни, во август 1947 година таа падна. Десет дена Цалдарис настојува да состави нова влада на "широка коалиција" во која би учествувале и либералите, но во тоа не успеа. На 29 август состави еднопартиска влада исклучиво од популисти, но таа не можеше да се одржи подолго. На 7 септември 1947 година составена е влада под претседателството на Темистоклис Софулис, шеф на Либералната партија.

Демократските сили во овој период борбата против режимот ја водеа на два начини: со политички средства и воено партизанска вооружена борба. Политичката борба ја водеа партиите на левицата, а вооружената борба партизанските единици кои подоцна израснаа во Демократска армија. ЕАМ се бореше против теророт во земјата, за очувување и проширување на демократските права и право на живот и делување на своите партии и организации. Таа борба повеќе се одвиваше на агитационото поле, преку печатот, затоа што со масовното апсење на средниот и најактивниот кадар, режимот фактички ги онеспособи организациите за организациона работа сред масите. Ставот на ЕАМ беше смирување, компромисно решение, учество во владата за мирен развитокот

и изградба на земјата, чистење на државниот апарат и војската од фашистичките елементи и спроведување слободни демократски избори (тоа беше ставот и на КПГ).

Ставот на ЕАМ по однос на вооружениот отпор беше дека тој е резултат на непосредниот терор во земјата. Паралелно со тоа директивните од КПГ гласеа: “кого го застрашува опасност од апсење да стапува во редовите на партизанските единици”.

За време делувањето на Анкетната комисија, КПГ организираше по градовите и селата истапување пред Комисијата на поединци и групи со разни меморандуми и жалби. Мислењето кое преовладуваше тогаш во редовите на партијата беше дека созреале условите во меѓународен однос за мирно решение на грчкото прашање.

Со доаѓањето на Наполеон Зервас за министер на јавната безбедност во март месец 1947 година и со воведувањето на масовен свиреп терор, организациите на КПГ и ЕАМ престанаа потполно јавно да делуваат во градовите. Вооружената борба и партизанските единици како објективна потреба постојано растат; доаѓаат нови борци од редовите на демократските организации, од оние што можеа и сакаа да го избегнат апсењето од државните органи. Особено замав движењето добива по април 1947 година, кога кралскиот генералштаб издаде наредба за повлекување во центрите и организација за одбрана на истите. Но и ако бројчено Демократската армија во тој период порасна и ги одбиваше од време на време нападите на владините сили против слободните реони, таа не разви потребен револуционерен замав за наполно да јаземе иницијативата во свои раце и да премине во општа офанзива. Кралската армија пролетта 1947 година во востанатите реони на Македонија, Тесалија и Епир беше принудена да се повлече во градските и комуникационите центри (бидејќи повеќе пати спомнав “комуникациони центри”, треба да се има предвид дека во Грција не беа обновени комуникационите железнички врски разурнати во текот на војната. Така, на пример, не работеше линијата Солун-Лерин, Солун-Цариград и тн.). Во овие центри немаше одбранбени објекти, па моралот на кралската армија опадна, додека моралот на борците од ДАГ

беше на високо ниво. ДАГ, меѓутоа, не го искористи тој период кој даваше многу поволни услови силите решавачки да превагнат на страната на револуцијата. Не знаеме што мислеле тогаш раководителите на КПГ кои уште можеа слободно да се шетаат низ Атина, ниту пак што мислеле раководителите на ДАГ кои беа во планина. Но факт е дека условите беа најповолни за премин во офанзива и проширување на слободната теритрорија на целата област од Северозападната Грција – Западна Македонија, Епир и дел од Тесалија.

Тоа што Левицата не капитализира на оваа ситација може да се објасни ако се имаат предвид овие моменти:

- на вооруженото востание се уште се гледаше како на средство не за одлучна победа над непријателот, туку како на средство непријателот да се принуди на компромис;

- иако се повеќе тежиштето се префрлуваше на вооружена борба, се уште раководството на ЕАМ, во тој број и на КПГ живееше легално. Со тоа силите на револуцијата беа поделени; нејзиното раководство не беше единствено на позициите кои го бараа потребите на револуцијата;

- поради овие моменти, линијата на борбата не можеше да биде јасна во смисла таа да стане сознание на масите и на вооружените востаници;

-во редовите на ДАГ во прилична мера провејуваше духот и тактиката на ЕЛАС на штедење на силите.

Затоа периодот од летото 1947 година измина без оние одлучи удари кои можеше да и бидат зададени на државната машина од страна на силите на револуцијата. Всушност од тогаш се наѕираа белезите на позициона борба. На блокадата, на пример, од страна на атинската влада на слободните реони, Демократската армија одговори со контра-блокада, а од тоа можеше да има штета само револуцијата. Оваа грешка беше согледана по неколку месеци. Но токму тие неколку месеци му беа потребни на противникот солидно да ја организира својата одбрана во некои критички пунктови на неговите позиции. Во

овој период, кој беше најповолен за применување на тактиката за прибирање партизански сили за одлучна надмоќност над непријателот и напад во неговите центри, не беше применета, а ДАГ во летото 1947 год. имаше доволно сили да може на непријателот да му задава такви удари.

Еве зошто владината криза во август 1947 година, која траеше преку 10 дена (во услови на граѓанска војна Грција беше без влада) не предизвика дезорганизација. За ова има заслуга и странскиот фактор што сестрано го помагаше атинскиот режим. Но и фактот што револуционерните сили не беа во офанзива, па монархофашистичкиот режим можеше да ја преживее оваа, можеби, најтешка криза во граѓанската војна.

Во време на владината криза во Грција, август 1947 година. Главниот штаб на Демократската армија издаде свое комунике со кое ја прогласуваше Грција за “независна Република”. Во комуникетето натаму се соопштува дека Главниот штаб ја врши врховната, законодавна и извршна власт до формирање на демократската влада.

4. **меѓународна интервенција**

Меѓународната интервенција во Грција всушност почна уште во текот на II светска војна, кога Англија под изговор на помош на движењето на отпорот во земјата го помагаше колаборационистот Зервас, а го запираше масовизирањето на вооружениот отпор под раководството на ЕАМ. Но, тоа сепак беше скриена интервенција, додека не дојде откриената англиска немера во декември 1944 година. Тоа беше кулминацијата која непобитно потврдуваше, дека грчката десница се наоѓа во крајна нужда и пред опасност наполно да ги изгуби своите позиции, да биде симната од власта.

Декемвриските настани беа во својот разгор кога во Атина пристигна претседателот на англиската влада Черчил во придружба на министерот за надворешни работи Иден, командантот на силите на Средниот Исток Александар и министерот за Средниот исток Макмилан. На 26 и 27 декември 1944 година во Министерството за надворешни работи на

Грција, под заштита на англиските тенкови, се одржа конференцијата на која присуствуваа претставници на политичките партии, претседателот на грчката влада во оставка Георгис Папандреу, кандидатот за регент атинскиот архиепископ Дамаскинос и Николаос Пластирас (кандидат за претседател на грчката влада). Од страна на КПГ и ЕАМ присуствуваше секретарот на ЕАМ и член на Политбирото на ЦК КПГ Димитриос Парцалидис. На состанокот исто така присуствуваа и претставници на двата големи сојузници: амбасадорот на САД во Атина, Мак Ви и претставникот на Советскиот сојуз, полковникот Попов.

И самото доаѓање на Черчил говореше дека со интервенцијата која ја презеде, англиската влада беше доведена во крајно незгодна ситуација, како во својата земја исто така и во светот кој живееше во атмосферата на коалицијата. Од друга страна ова говори и тоа дека грчката десница беше во крајна опасност; ако борбата се развие во сегрчки размери би имало опасност да ја изгуби битката. На овој состанок не се постигна согласност, па борбите и натаму продолжија и завршија, како што е речено, со спогодбата во Варкиза.

По оваа меѓународна сцена во грчкото прашање, работите тргнаа по патот на еднострана граѓанска војна со морална и материјална помош на грчката десница од англиските воени сили, кои останаа во Грција по завршувањето на II Светска војна.

Во текот на целата 1945 година грчкото прашање не стана предмет на меѓународни расправи.

Во намера да и се помогне на коалицијата на ЕАМ, која се наоѓаше во тешко прогонство во земјата, уште во почетокот на 1946 година на 21 јануари советската делегација во ООН го покрена грчкото прашање во Советот на безбедноста со барање да се донесе резолуција за “повлекување на англиските окупаторски сили во Грција”. Но таквата резолуција наиде на огорчен отпор како кај англиската, исто толку и кај американската, француската и други делегации од западните сили. Покренувањето на грчкото прашање од страна на

советската делегација по долги дискусии во Советот за безбедност, заврши на 6 февруари 1946 година со една неодредена резолуција во која меѓу другото се вели: “Советот за безбедност ги зеде предвид изјавите што ги изнесоа делегациите на Советскиот сојуз, Велика Британија, Грција, како и изразените мислења од делегациите на другите сили по однос присуството на британските војски во Грција. Изјавите се внесени во документите на Советот, кој на тој начин го смета прашањето за завршено”.

Непосредно по оваа, односно додека уште се одигруваа овие настани на меѓународен план, во Грција беа распишани парламентарните избори, кои се одржаа на 31 март 1946 година. Од изборите апстинира коалицијата на ЕАМ и некои мали буржоаско-демократски странки. Но изборите беа одржани. Иако фалсификувани, тие ја легализираа власта на контрареволуционерните сили. На грчката буржоазија и беше потребна меѓународна закрила за тоа “дека изборите се слободни”. Така помош доби во лицето на комисиите за изборите составени од трите големи сили: САД, Велика Британија и Франција. Овој пат, значи, меѓународната интервенција дојде од Англо-американците, бидејќи ја сметаа како неопходна за да ги сочуваат своите империјалистички позиции во Грција. Откако на изборите од 31 март беше избрана “легална” влада и со плебисцитот од септември 1946 година вратен на престолот кралот Ѓорги II, а еднострааната граѓанска војна во Грција со постепениот отпор на масите се претвори во вистинска граѓанска војна, грчката влада се обраќа одново кон ООН за помош. Така, на 3 декември 1946 година грчката делегација при ООН (овој пат таа) “одново го покренува грчкото прашање со едно свое писмо до Советот за безбедност со мотивација дека: “борбата која ја водат во Грција бунтовниците ја помагаат северните соседи на Грција и со тоа е повредено меѓународното право и е доведен во опасност мирот на Балканот”. Оваа жалба на грчката влада беше набрзина ставена на дискусија во Советот за безбедност и со поткрепата на Англо-Американците на 19 декември беше донесено решение за формирање на Анкетна комисија, која на лице место ќе ја испита ситуацијата. Анкетната комисија се состоеше од 11 претставници на Советот за безбедност, а како застапници на

заинтересираните страни беа делегати на четирите балкански земји – Југославија, Албанија и Бугарија од една и Грција од друга страна. Анкетната комисија започна со работа на 29 јануари 1947 година, кога пристигна во Атина. Таа имаше право да анкетира на лице место и за таа цел, откако од 19 јануари до 15 февруари се задржа во Атина, се префрли во Солун а поодделни екипи престојуваа како од едната, така и од другата страна на грчката северна граница. Од 24 март комисијата замина за Софија и Белград, а една нејзина екипа во Скопје, каде остана до 2 април 1947 година и главно се задржа на испитување на сведоци. Пред комисијата истапија делегации на КПГ и ЕАМ, а една екипа дојде во контакт и со командантот на Главниот штаб на Демократската армија генерал Маркос. Од 17 април до 23 мај 1947 год. Анкетната комисија се повлече во Женева за да го подготви извештајот. Се разбира, извештајот не можеше да биде непристрасен, затоа и не беше едногласно примен. Но со мнозинството од 8 гласови во извештајот беше внесена констатацијата:

“На основа фактите кои Комисијата ги констатира – прави заклучок дека Југославија и во помала мера Албанија и Бугарија, ја потпомагаат бунтовничката војна во Грција”.

Таа констатација им беше потребна на носителите и заштитниците на грчкиот режим за да ја мобилизираат ООН да и помогне на грчката влада, односно да го оправда натамошното стационирање на британските сили и помошта на Американците од една, а од друга страна да ја спречат помошта на партизанското движење како “опасност по мирот на Балканот” и “повреда на меѓународното право”. Додуша со работата на Анкетната комисија, се чу гласот и на демократските сили и во голема мера се мобилизира демократското јавно мислење. Зашто навистина имаше на што да се згрози кога се изнесоа фактите за неизмерниот терор, бројот на затворениците од 70.000 души, кои не само што не соработувале со окупаторот туку биле борци на движењето на отпорот, стотици стрелани, испретепани и тн. И во таа смисла демократските сили однесоа морална победа.

На основа споменатата констатација на Анкетната комисија, во името на таа констатација и закамуфлирани зад неа, уште пред да ја заврши својата прва анкета, беше одредена нова анкетна комисија, позната под името “Балканска комиција”. Оваа комисија никогаш не беше признаена од балканските земји – Југославија, Бугарија и Албанија, земјите обвинети за тоа дека ја “помагаат бунтовничката војна”, и никогаш не беше пуштена на нивните територии. Но, без оглед на тоа, Комисијата постојано прибираше “факти” за тоа дека “северните соседи на Грција ја загрозуваат нејзината независност”. Оваа комисија претставуваше морален фактор на грчката буржоазија, која во текот на 1947 година преживуваше голема криза.

Но моралната подршка не беше доволна за да се задуши партизанското движење беше потреба и материјална помош. Велика Британија тежината на зголемените потреби во Грција не беше во состојба да ги поднесе и тогаш прискочија и САД. Во март 1947 година тогашниот претседател на САД Хари Труман, отворено изјави дека е решен “да ја помогне Грција во очувањето на нејзината независност”. Оваа Труманова изјава пред американскиот Конгрес позната под името “Труманова доктрина”, беше спасителна даска на грчката буржоазија. На основа таквиот став на американската влада, почна отворена американска интервенција во граѓанската војна на Грција. Испратена е воена помош од 300.000.000 долари за 1947 година и таа практика продолжи за целото време на граѓанската војна во Грција, па и по неа. Покрај материјалната помош во воена опрема, грчката армија беше потпомогната и со американски воени експерти. Есента 1947 година беше формиран еден вид заеднички генералштаб под командата на американскиот генерал Ван Флит, а во сите поголеми оперативни единици беа доделени американски офицери. Но, оваа интервенција имаше “легален” карактер. Таа доаѓаше да ја помогне “законитата” влада “законитиот режим во Грција” против “субверивните елементи”. Американската помош дојде во време кога грчката буржоазија запаѓаше во тешка ситуација. Пред доделувањето на споменатата помош, дел од грчката буржоазија почна да се колеба во успехот на една динамична политика што ја спроведуваше владата на Популистичката партија со својот шеф и претседател на владата Константин Цалдарис.

Темистоклис Софулис шеф на либералите со своите пратеници во парламентот беше во опозиција и ја критикуваше владата и партизанското движење како две крајности и се залагаше “за спогодба”, “за мир” итн. Американската помош имаше такво дејство што целата либерална буржоазија, откако ја поздрави помошта во септември 1947 година, стапи во коалиција со владата, по тоа застана на чело на таа коалициона влада и ја поведе војната против Демократската армија со многу поголема умешност.

На основа два извештаја на Балканската комисија “со факти за намесата на северните соседи”, грчкото прашање остана на дневен ред на Советот за безбедност во текот на целото лето 1947 година. Но поради постоењето на вето што го бложуваше советската делегација, секогаш кога за тоа сметаше да е нужно, на 20 август 1947 година, американската делегација со писмо до генералниот секретар на ООН бараше грчкото прашање да се внесе на заседанието на Генералното собрание, кое требаше да се свика на 17 декември 1947 година во Њујорк, со тема “загрозување националната независност и териоријалната целост на Грција”. Покренувањето на грчкото прашање од американската делегација во август 1947 година имаше големо значение претставуваше и охрабрување на контрареволуционерните сили во земјата. Во текот на август 1947 година во Грција избувна владина криза, но благодарејќи на меѓународниот, а во прв ред, американскиот фактор, постигна е согласност и е доверен мандатот за состав на владата на шефот на дотогашната парламентарна опозиција, Темистоклис Софулис, кој за Американците како во земјата така и на меѓнароден план беше последен, но доста добар адут. Резултат од одново покренатото грчко прашање во Генералното собрание на ООН во текот на октомври 1947 год. беше да се донесе решение за определување Балканската комисија со задача да и  помогне на грчката влада во задушувањето на движењето. Оваа комисија, составена од претставници од САД, Велика Британија, Франција, Австралија,Бразилија, Мексико, Пакистан, Кина (куоминтанг) и Холандија, во текот на ноември 1947 година се истовари во Грција и откако неколку дена се задржаа во  Атина, се настани во Солун, а свои поткомисии и екипи парќаше на разни пунктови на самата гранична линија.

Комисијата во Грција се задржа се до мај 1948 година, кога се повлече во Женева. Балканската комисија стана добар закрилник на грчката буржоазија. Таа редовно настоујваше да не дојде до поефикасна материјална помош на демократското движење од демократските земји, делуваше морално-политички во корист на буржоаската влада како во земјата така и на меѓународниот план. Кога на 24 декември 1947 година беше објавено формирањето на Демократската влада, со генерал Маркос на чело, Комисијата прва притрча да ги предупреди балканските земји дека "секое признавање на Демократската влада е спротивно на одлуките на ООН", и тн. Така "меѓународната интервенција" во грчкото прашање фактички се разви во корист на грчката контрареволуција.

# ГЛАВА ТРЕТА - ФОРМИРАЊЕ ДЕМОКРАТСКА ВЛАДА

## 1. **Обединетата грчка десница во борба против демократското движење.**

На 7 септември 1947 година, по длабоката владина криза, во Грција беше формиран кабинетот на Темистоклис Софулис, шеф на Либералната партија, која до тогаш, од денот на парламентарните избори од март 1946 година беше во опозиција. Со тоа што Софулис дотогаш беше во опозицијата и ја критикуваше владата на крајната десница за економскиот хаос во земјата, за теророт и тн. се беше здобил со глас на “мирољубив” и “умерен елемент”. Токму тоа му овозможи да стане, со доаѓањето за шеф на коалиционата влада, многу поопасен за демократското движење.

Преземајќи ја владата, Софулис објавува едномесечна амнестија за борците од Демократската армија кои би се предале; ослободи незнатен број затвореници и интернирци, за да се покаже “доследен” на своите опозициони ставови кои ги заземаше во парламентот. Меѓутоа, Софулис не дојде на власт со намера да се постигне некое компромисно решение, туку да ја продолжи истата политика за задушување со сила на движењето на отпорот. Во таа смисла тој не само што не престана, туку и го засили зацврстувањето на вооружените сили и од американците бара натамошна испорака на оружје. Но истовремено со воените подготовки тој продолжи и со политичките маневри. Во периодот на траењето на “амнестијата”, единиците кои оперираа против Демократската армија беа инструирани да не вршат отворен терор над населението, туку напротив да агитираат дека тие се бореле затоа што Демократската армија била против националните интереси дека владата на Софулис била претставник на вистинската демократија, дека ова се гледало и по тоа што дала амнестија итн. Софулисовата влада знаеше дека со амнестијата не може да ја растури Демократската армија. Најмногу што можеше да очекува е тоа да се предадат извесен број колебливци. Но тоа што сакаше да го постигне беше психолошкиот и политичкиот ефект, за да ја оправда својата

однапред определена линија за општ напад против Демократската армија.

По истекувањето на роковите на "амнестијата", Софулис објавува "тотална мобилизација на сите национални сили", за борба против Демократската армија. Во врска со тоа ги презеде следниве мерки:

- реши да ги лиши масите во земјата од каков и да е контакт со движењето на Демократската армија. Масовно средство преку кое демократското движење имаше контакт со масите беше демократскиот печат кој под тешки услови излегуваше во поголемите градови. Тој забрани отпрво да се растураат демократските весници во северниот дел на земјата, каде движењето беше најмасовно, а подоцна е изгласан закон со кој беше забрането излегување на демократските публикации. Така беше ликвидиран демократскиот печат и од 28 дневни и неделни изданија приврзани на демократската армија, не излегуваше веќе ниту едно;

- продолжи со мобилизација на нови вооружени сили, затоа што силите со кои располагаше не беа доволни да се спротивстават на Демократската армија. Во однос на тактичките задачи организирани беа два вида војска. Од постарите набори и единиците МАИ формиран се единици на Националната гарда, баталјонски формации од по 500 души со задача да ги обезбедуваат градовите. Планот предвидуваше овие единици да бројат 50.000 луѓе. Другата војска, која требаше да израсне до 150.000 души, беше предвидено да се оспособи и вооружи за офанзивни акции против ДАГ. Во соодветност со горните цели објавена е мобилизација;

- во градовите и поголемите населени места, каде има своја војска и полиција или други вооружени формации, воведена е строга воено-полициска контрола и го контролираа речиси секое движење на луѓето. Сето тоа во намера да се изолираат масите од контактот со слободните територии. Голем број од населението го мобилизира за помошни работи, пренесување на муницијата и храна на единиците кои се бореа против ДАГ, чување на друмските патишта и чистење истите од мините,

копање шанци во градовите и на положаите на владините единици;

- откако презедоа мерки да не се слуша друга освен нивната агитација, како за време траењето рокот на “амнестијата” така и по тоа, формирани се таканаречени пропагандни одбори од свои угледни личности, кои по градовите и селата развиваат усилена пропаганда, ширејќи разни исмислици и клевети против соседните земји, а во прв ред против Југославија. Токму во времето кога е спроведувана “амнестијата” се подготвуваше терен за мобилизација, монархофашистичкиот печат пишуваше дека во Југославија избувнала “револуција” против Тито, а по извесно време дека “бунтовниците се борат и заседоа неколку места”, “на бунтовниците им се приклучува и Титовата војска” итн. Тоа е правено со намера да се изврши психолошка диверзија и да успее нејзината мобилизација;

- по истекот на роковите на амнестијата го засили теророт на демократското население. Палат цели села под изговор во нив “да не се вгнездат партизаните”, плачкосуваат жива стока и инвентар од селата под изговор дека “тоа го прават и партизаните”, иселуваат цели села во чија близина партизаните извршуваат некоја диверзантска акција. Воените судови изрекнуваат смртни пресуди повеќе од кога и да е порано.

Овие беа мерките на Софулисовата влада есента и зимата 1947 година, а во исто време се вршеа диверзантски напади, се подготвуваше за офанзива од поголеми размери во пролетта 1948 година.

Ахилова пета и на Софулисовата влада останувааше економскиот хаос во земјата. Производството не можеше да се совземе уште од окупацијата. Готовата американска стока и помошта од УНРА беше мизерниот материјален извор за егзистенција на повеќе од милион обезбедомени и безработни. Не можеше да се воспостави никаква економска рамнотежа – стабилизација на пазарот и парите. Незадоволството во масите беше огромно, но тоа незадоволство владата настојуваше да го искористи за своите цели. Од изгладнетите маси врбува своја војска. Запослува само членови на профашистичките

организации а со закон забранува секаква синдикална активност и штрајкови.

Сите овие мерки, сепак, не беа доволни наполно да ги охрабрат грчките контрареволуционерни сили. Затоа беше нужна и некоја отворена манифестација дека американците директно се ангажираат. Во таа мисла беше формиран заеднички генералштаб, а во секоја поголема воена формација имаше американски офицери кои раководеа со операциите.

Таква е состојбата во владиниот табор под коалиционата влада на Софулис спроти 1948 година – година која, како раководството на Демократската армија, така и непријателот во Атина ја оценуваше како решавачка за крајниот исход на борбата.

## 2. **Формирање на привремена Демократска влада**

Демократска армија и воопшто демократското движење во земјата со доаѓањето на Софулис на чело на атинската влада со септември 1947 година, се најде пред една нова ситуација. Политичките маневри на Софулис не беа за потценување, особено ако се земат предвид опозиционите ставови во парламентот кои често беа пофалувани од демократскиот печат. А зад политичките маневри следеше засилената американка помош и мерките за зголемување на вооружените сили – војската, полицијата и вооружените цивили, таканаречени МАИ.

Амнестијата на Демократската армија беше навистина едно силно испитание. Дури траеше амнестијата се појавија поединечни дезертерства од редовите на Демократската армија.

Во текот на месец септември 1947 година од страна на кралските војски беше преземена офанзива и извршен напад на ослободената територија на планина Грамос. Таа офанзива имаше за цел да направи клин во слободната територија на Епир и Западна Македонија и ја засенчи одлуката на Главниот штаб на Демократската армија кој се прогласи за врховна власт на слободната територија до формирањето на Демократската

влада. Оваа непријателска офанзива не успеа да го заземе Грамос, но успеа да и наметне позициона борба на ДАГ и со поголема ефикасност да се служи со тешкото вооружување – артилерија и авијација. Тој непријателски напад го осуети планот на ДАГ да ја прошири слободната територија, со што би се создале поволни услови за реализирање на замислениот политички потег – формирање на Демократската влада.

Во месец октомври 1947 година одржан е Третиот пленум ан ЦК КПГ, на кој е констатирано: “Американската интервенција во Грција го затвори патот за спогодба на двата спротивни табори”. На основа на таа оценка на истиот пленум се поставува задача да се покрене народот на вооружено востание и во врска со тоа Пленумот го застапува следното становиште:

“Ослободување на земјата и осигурување на нејзината независнот и демократски развиток”.

Како непосредна задача се постави создавањето на поголема слободна територија, а за таа цел “Демократската армија да изврши мобилизација и бројчено да порасне, да се подигне борбеноста, да изработи генерален план за напаѓање и спроведување на постојани напади, да не се штедат жртвите како досега”.

Во врска со споменатиот пленум на ЦК КПГ, Главниот штаб на Демократската армија донесе решение за формирање регуларни воени формации и следните два документа за мобилизација пред одржувањето на самиот Пленум:

“ЗАПОВЕД

Демократска армија на Грција
Главен штаб
Штабно биро I

**Број на проток. 722.**

Во врска со број 132/25.VIII.1947 година и А.П. 307/25. IX.1947 година, заповед

1. ги повикуваме под оружје да служат во редовите на Демократската армија мажи и жени од следните категории:

а) сите граѓани кои служеле во редовоте на ЕЛАС, како борци и офицери кои зедоа отпусница по спогодбата во Варкиза.

б) кои служеле во Националната милиција како милиционери и офицери и кои зедоа отпусница по спогодбата во Варкиза.

в) оние кои служеле во интендантурата на партизаните и зедоа отпусница по спогодбата во Варкиза.

2) Се исклучуваат од погорната мобилизација инвалидите на Народно-ослободителната борба 41-45 (ЕЛАС) чиј процент на инвалидност ги направил неспособни за воена служба.

3) Погоре мобилизираните, каде и да се наоѓаат, ќе треба да најдат начин да се јават при најблиските во своето местожителство единици на Демократската армија

Оние од мобилизираните што не ќе се јават со оваа заповед во редовите на Демократската армија, ќе се сметаат за непријавени.

4) Штабовите во области да издадат соодветни наредби на своите единици. Да се преземат мерки за навреме да се известат сите повикани.

Главен штаб, 30.IX.1947 год.
генерал Маркос."

А под бр. 721, следната заповед:

"Главниот штаб на Демократската армија, имајки ја предвид желбата на грчкиот народ да се бори со сите свои сили за слобода, демократија и независноста на Грција,

Ги повикува сите демократски граѓани што се наоѓаат во градовите и селата држани од непријателот, да помогнат на кој и да е начин на делото на Демократската армија.

Наредени во редовите на Демократската армија ќе се сметаат сите демократски граѓани кои во градовите и селата ќе се состават во групи повеќе од по три члена, ќе положат клетвата на борец на Демократската армија и ќе работат енергично за успешно извршување на нејзините цели.

Главен штаб, 30.IX.1947 година
генерал Маркос."

Задачите што ги постави III Пленум на ЦК КПГ не се остварија. Мобилизацијата што ја објави Главниот штаб на ДАГ не ги даде очекуваните резултати. Непријателот имаше спроведено силна контрола над градовите и селата што ги држеше под своја власт. Покрај војската и полицијата вооружените цивили, таканаречените МАИ, беа јака опора на контрареволуционерната власт. Освен од оваа важна причина, за неуспехот на мобилизацијата влијаеше и фактот што дотогашната линија на КПГ беше двосмислена во однос на вооружената борба во Грција. Но мобилизацијата сепак бројчано ја засили Демократската армија и ја доведе во положба не само да ги одбие монархофашистичките напади на Пелопонез, Тесалија, Источна и Западна Македонија, туку да премине во офанзива. Така, наредните зимни месеци и пролетта 1948 година, единиците на Демократската армија презедоа офанзивни акции ширум цела Грција. Поголеми партизански одреди се јавија во близината на Атина. Се зачестија нападите на југ – во Пелопонез и Тесалија, а во Егејска Македонија, Тракија и Епир, тие зедоа најголем замав. Во споменатиот период преземен е напад против Солун, нападнати се градовите Нигрита, Негуш, Собоско, Ксанти во Тракија и Коница во Епир.

Но, ако Демократската армија можеше да ја преземе иницијативата и да ги спроведе горните акции во зимата 1947-48 година и пролетта 1948 година, таа од летото 1948 година ја изгуби иницијативата и оттогаш, може да се рече, почнува крајот на востанието.

На основа оценката дека “американската интервенција го затвори патот за спогодба меѓу двата спротивни табори” и задачата за ослободување на поголема територија, беше донесен план за ослободување на Западна Македонија и Епир и фронтот да се пренесе во Тесалија. Тоа се поставуваше како минимум план за 1948 година, што ќе беше и услов за формирање на Демократската влада и таа да добие меѓнародно значење и тежина. Меѓутоа, Демократската армија не успеа да ја изврши таа задача и кога во декември 1947 година беше формирана Привремена демократска влада, немаше слободна една поголема поврзана територија со некој окружни или покраински град, за да послужи како седиште на револуционерната влада.

На 23 декември 1947 година беше формирана Привремена Демократска влада. Веста за формирањето на Демократската влада навистина предизвика коментари ширум светот, а забуна во Атина, Лондон и Вашингтон, зашто формирањето на Демократската влада требаше, всушност да значи нова фаза од развитокот на борбата на демократските сили во Грција и фаза на нов степен и од меѓународно значење. Меѓутоа, текот на настаните тоа го демантираа. Борците на ДАГ и демократските маси во Грција очекуваа демократската влада да биде признаена за законита влада на Грција од пријателски расположените влади спрема демократското движење. Но тоа не беше така. Тој факт одеше во прилог на пропагандата на непријателот и тој елемент беше од определено влијание за натамошниот развиток на работите.

Привремената Демократска влада донесе неколку законски акти од внатрешно-политички карактер, што за општествениот и политички живот на Грција означува општествена програма. Донесен е Закон за народни одбори на народно-демократска основа, Закон за аграрна реформа, некои законски прописи за школството и признавање рамноправност на националните малцинства, а во одговор на атинската влада на Софулис, донесен е Закон за амнестија.

Но сите овие акти не можеа да го надоместат ефектот кој би имал признавањето на привремената Демократска влада од страна на еден број земји за легитимна влада на Слободна Грција.

Работите во текот на 1948 година не се развија ниту на војно, ниту на политичко поле според предвидувањата од демократското движење во земјата.

Прво, мобилизацијата на Демократската армија не ги донесе очекуваните резултати. Непријателот презеде една голема офанзивна акција во февруари-март 1948 година на една колона од новомобилизирани, борци, невооружени, од Тесалија и Румелија, и на теренот на планината Пиерија, успеа да ја разбие. Тој успех на непријателот беше голем морално-политички удар за ДАГ, а конкретно и една изгубена битка.

Второ, Демократската армија, иако презеде офанзивни акции со редица напади на повеќе градови низ цела Грција, не успеа да реализира ниеден територијален успех, според предвидениот план, ниту да ги уништи главните сили на непријателот. Наспроти тоа, непријателот кога не успеа да однесе полна победа на Грамос – летото 1948 година, го прегази целиот терен на Румелија, изврши големи злочинства над мирното население, свлече по затворите нови стотици невини луѓе од дотогаш слободната територија во овој реон.

Трето, во јуни 1948 година се појави резолуцијата на Коминформ против КПЈ, што имаше директно негативно влијание по демократското движење, а го охрабри непријателот кој умешно знаеше да го користи тоа во пропагандни цели.

Четврто, како последица од ставот на Коминформ спрема раководството на КПЈ и Југославија, слабостите и грешките во демократското движење во текот на 1948 година, дојде до разидување во раководството на Демократската армија. Захаријадис се пресметува со своите противници, што предизвика криза во редовите на Демократската армија и воопшто во демократското движење.

# ГЛАВА ЧЕТВРТА - ПОВЛЕКУВАЊЕ НА ДЕМОКРАТСКАТА АРМИЈА

## 1. Односот на силите спроти 1949 година

Демократската армија 1948 година не успеа да ги оствари своите поставени задачи, како во однос на мобилизацијата на нови сили во своите редови, така и за реализација на планот за создавање поголем дел од слободна територија.

Во почетокот на 1949 година (30-31 јануари 1949 година) одржан е V пленум на Централниот комитет на Комунистичката партија на Грција. На тој пленум е оценета воено-политичката ситуација во изминатата 1948 година, односот на силите и наредните задачи. Воената ситуација на V Пленум оценета е како следува:

“Во 1948 година монархофашизмот имаше општ неуспех и на воениот сектор. Американците и монархофашизмот во текот на 1948 година се подготвија сестрано да расчистат со ДАГ. Создадоа вооружени сили (војска, национална гарда, џандармерија, МАИ, МЕА итн.), од над триста илјади души. Овие сили ги вооружија со најдоброто вооружување кое го произведува американската воена техника. Обездомија 700.000 селани за да ја изолираат Демократската армија. Со злочинечки терор, што ги надмина и класичните примери, сакаа да го задушат народниот отпор во градовите, Развија и една добро организирана идеолошка пропаганда, остварија своја “духовна мобилизација” за да повлијаат и го скршат духот на масите. Сите овие подготовки се одразија во паролата: во 1948 година ќе завршиме. Ова го прогласија сите – Американците, Англичаните, монархофашистите со одобрувањето и од меѓународната реакција. Но резултатите ги демантираа сите народни непријатели. Монархофашистичките, американските и англичанските генерали стратешки не успеаја на целата линија. Не успеаја ни да задржат и да уништат макар и незнатна сила на ДАГ. Изгубија, особено на Грамос, десетици илјади од својата елита. Кон крајот на 1948 година видоа дека им се испаруваат тактичките успеси од цела година. Цакалотос, иако имаше два корпуса, изгуби на Вич. Демократската армија здраво го држи

масивот на Пинд и повторно го заседе Грамос. Во Пелопонез се создаде положба која заканува да ги сврти сите стратешки предвидувања на монархофашизмот и на целата воена ситуација во Грција...”

Точно е наведеното дека Демократската армија во 1948 годниа издржа едно тешко искушение. Но точно е и тоа дека непријателот ако не успеа да го совлада отпорот на Демократската армија успеа да го осуети планот за широка мобилизација во редовите на Демократската армија – натаму успеа да и ги осуети плановите за проширување на слободната територија.

Токму поради погоре споменатите тактички и стратегиски задачи на двата спротивни табора во Грција, во текот на 1948 година се развија големи битки, какви што беа во Централна и Источна Македонија, Румелија и Пелопонез, битките на Вичо и Грамос. Местото и времето, начинот на борбите и својата тактика, секој гледаше да ја наметне. Непријателот и ја наметна на Демократската армија позиционата борба во Грамос, која, иако му нанесе големи загуби на непријателот во жива сила и во материјал, човешки жртви имаше и Демократската армија, која откако го бранеше повеќе недели, беше принудена на крајот да отстапи. Тоа беше позициона борба иако на планински терен каде не можат да дејствуваат тенкови, но затоа дејствуваше артилеријата и авијацијата, оружје со кое непријателот обилно се користеше.

Значајна победа Демократската армија забележа есента 1948 година во реонот на Малимади. Тука не само што беше одбиен нападот од единиците на атинскиот режим, туку беа разбиени две бригади и натерани во панично бегство. Меѓутоа, резултатите од оваа битка ДАГ не ги искористи за заземање на градските центри во Југозападна Македонија, во правец на Костур-Кожани, бидејќи не беа свесни за значењето на ова добиена битка.

Спроти 1949 година, атинскиот режим располагаше со добро вооружена армија од околу 200.000 души, со фанатизирана џандармерија од 50.000 души и вооружени цивили од околу 50-

60.000 души. Оваа армија располагаше со современо оружје. Атинскиот режим успеа да формира и такви единици, кои по својата тактичка намена и состав даваа доволно гаранција дека ќе се борат. Тоа беа таканаречените единици ЛОК и единиците на џандармеријата.

Демократската армија располагаше со околу 40.000 луѓе вооружани со доволно пешадиско наоружање (според информациите на ДАГ).

Атинскиот режим успеа во доволна мера да ја контролира одбраната на градовите и сообраќајните врски така што спроти 1949 година Демократската армија не располагаше со широки можности да делува во градовите и да врши мобилизација на нови борци – беше ограничена главно на планинските терени на Источна, Централна и Западна Македонија, Епир, Румели и Пелопонез.

Од чисто воена гледна точка атинскиот режим во однос на Демократската армија имаше предност како во бројната состојба така и во вооружувањето на својата војска. Но за една револуционерна армија со востаничка иницијатива, таков однос не е страшен, ако навистина демократската армија ја развиваше во полна мера својата револуционерна суштина. Но за развојот на борбите не е доволна само оваа страна на прашањето, важни се и други моменти, особено морално-политичкиот.

Нападот од Коминформ, со познатата резолуција од 22 јуни 1948 година против КПГ, имаше директно влијание врз настаните во Грција. Отпрвин не во голема мера, но заострувањето на односите се повеќе и повеќе се храбреше непријателот, кој умееше тоа добро да го искористи. Таа криза не остана без последици и во редовите на Демократската армија. Во Резолуцијата на V Пленум на ЦК КПГ читаме дека пленумот “продискутира и за решението на Политбирото на ЦК КПГ од 15 ноември 1948 година, за десното опуртунистичко скршнување во КПГ...” Оваа, како што после стана извесно, се однесуваше на исклучувањето на генерал Маркос и Хриса Хаџивасилиу од редовите на ЦК КПГ. Јасно е дека тоа можеше да има само негативни последици во редовите на ДАГ и

демократското движење во целост, со оглед на раководната улога на генерал Маркос- врховен командант на ДАГ и претседател на Привремената демократска влада. Затоа настаните во 1949 година треба да се гледаат во светлината и на овие моменти.

Непосредните задачи кои се поставуваа пред ДАГ на споменатиот пленум од јануари 1949 година, беа следните:

“а) со ненадејни и постојани напади во целата земја да ги спречиме и парализираме во најголема можна мера подготовките на непријателот за 1949 година;

б) да ге стабилизираме и прошириме слободните територии во Северозападна Грција, заземајќи и градски центри;

в) Тесалија и Румелија имаат задача со решителна борена активност да го предизвикаат и исцрпат на својот терен нападот на непријателот во 1949 годниа и да создадат една широка слободна зона околу централен Пинд;

г) Пелопонез треба да го уништи нападот на непријателот и толку да ги развие своите сили и напади што да претставува фактички еден вистински втор фронт во задницата на непријателот, кој ќе му ги разстрои стратегиските планови и предвидувања.

д) VI и VII дивизија имаат како главна задача да ги зајакнат своите напади против непријателот, зголемувајќи го прогресивно натисокот на Солун”.

Познато е дека овие планови не се остварија, во прв ред поради тоа што Демодратската армија и во овој период, како и порано, не можеше да го реши прашањето на резервите, т.е. на широка мобилизација на нови сили. Ова всушност ги вклучува во себе сите елементи на слабостите на вооруженото востание во Грција. Тоа значи дека ова движење не го разви потребниот револуционерен замав.

Еве што за горното прашање вели резолуцијата од V Пленум на ЦК КПГ:

а) "Да ги осигуриме по области, дивизии и Главен штаб, резервите што ги предвидува планот. Било какво заостанување во тој поглед ќе ги има истите последици како и во 1948 година. Вредноста на секој воен и политички раководител и секој наш кадар, ќе се цени на база на тоа, дали ќе задаволи на ова основна задача".

Сите напори за една масовна мобилизација на востаничките сили не успеа и 1949 година стана година на крајна фаза на граѓанската војна во Грција, со повлекувањето на главнината од Демократската армија во источно-европските земји.

2. **Поважните настани во 1949 година**

На основа оцената и поставените задачи на V Пленум на ЦК КПГ, се направија обиди да се развијат борбите во текот на 1949 година. Демократската армија требаше да ги осуети подготовките на непријателот, кој користејќи го опитот од 1948 година се спремаше за нови офанзиви во текот на 1949 година. И навистина, Демократската армија во текот на зимата и раната пролет 1949 година, разви широка офанзивна активност во цела Грција.

Во текот на месец јануари единиците на ДАГ го нападнаа и го заседоа градот Негуш во Егејска Македонија. Нападот и заземањето на Негуш беше добар успех, макар што не можеше да биде задржан од единиците на Демократската армија. Тој напад го подигна моралот на ДАГ, опадна кај непријателот. Од Негуш стапија во редовите на ДАГ нови борци, тоа беше единствениот начин на кој можеше да се врши поширока мобилизација на нови борци од територијата контролирана од непријателот.

Во текот на месец јануари беше заземено и извесно време задржано гратчето Карпениси во Румели.

Овие напади продолжија и во текот на месец февруари со нападот на Лерин. Но нападот на Лерин не само што не успеа, туку беа дадени голем број жртви од ДАГ, што претставуваше и морален удар за единиците на ДАГ на овој терен.

Со настапувањето на пролетта 1949 година почнаа наизменички напади на ДАГ и на атинскиот режим, кој постепено ја презема иницијативата во свои раце на тој начин што истовремено презема офанзива на Грамос, Источна Македонија и ја засилува офанзивата во Пелопонез и Тесалија. Пролетната офанзива на атинскиот режим во Грамос не успева да ги измести единиците на Демократската армија.

Пролетта 1949 година Привремената демократска влада презеде мировна иницијатива.

На 26 април 1949 година печатот на ДАГ го објави на првата страница под крупни наслови апелот од Привремената демократска влада до "Генералното собрание на ООН, Светскиот конгрес на приврзениците на мирот, демократите од целиот свет". Текстот изнесен во весникот "Прос ти ники" гласеше:

"Привремената демократска влада на својата вонредна седница од 20.IV.1949 година, денот кога отпочна Светскиот конгрес на приврзаниците на мирот, го објави следниот апел:

"Минаа три години од денот кога туѓите господари заедно со монархофашистички лакеи го принудија грчкиот народ одново да ги земе пушките за да ја брани слободата и независност, за да ги брани своите права на еден мирен живот, правото да работи за своите деца и доброто на својата татковина.

Во овие три години непријателите на мирот и демократијата ги мобилизираа сите свои сили за да го уништат нашиот народен отпор. Но нашиот народ остана непобедлив. И Грција ќе живееше денеска спокојно и мирно ако ги немаше странците, оние што го потпалуваат огинот на граѓанската војна во нашето место.

Трите години што изминаа ја турнаа Грција во уште поголем глад. Десетици илјади мажи и жени ги изгубија своите животи во овој период. Привремената Демократска влада за да тури крај на оваа трагедија, многу пати предлагаше да престанат воените операции и да се постигне една демократска спогодба. Но сите тие наши предлози секој пат се одбиваа и така во нашата земја продолжува катастрофата и крвопролитието.

Ние денеска ја пружиме нашата рака на нашите противници. Треба да престане драмата на еден милион обездомени селани што се истерани од своите домови за да мизеруваат по градовите; треба да престане трагедијата на стотина илјади голи, гладни и напуштени деца; време е да се вратат при своите фамилии, своите домови, своите нивје, војниците кои војуваат. Доста веќе крвопролитие во Грција. Нека згасне пожарот.

За да постигнеме мир и спокојство во Грција, готови сме да направиме најголеми отстапки. Ја правиме оваа изјава иако Демократската армија на Грција останува непобедлива и му нанесува успешни удари на својот противник. Не раководат исклучиво интересите на народот во Грција и мирот.

Ве каниме сите вас да ни помогнете во ова дело. Готови сме да ја запреме војната веднаш кога во Грција се осигури можноста секој да живее без страв од смртта, веднаш штом престанат масовните стрелања, штом се даде општа амнестија и се осигурат најелементарните демократски права на човекот и граѓанинот.

Во последно време официјални претставници од Атина говорат за нуждата во Грција да се одржат нови парламентарни избори. Готови сме да придонесеме за едно такво мирно демократско решение на внатрешните прашање во Грција, за да престане крвопролитието, за народот да добие спокојство, за да се зајакне светскиот мир.

Слободна Грција 20. IV. 1949 година.

Привремена Демократска влада”.

Го изнесов целиот текст на овој документ за да се согледаат сите важни моменти во него.

Грчката влада во Атина категорички одби да преговара на база предлозите од страна на Привремената демократска влада. Од предлозите на Привремената демократска влада атинскиот режим направи пропагандно оружје дека тоа го чинат од слабост и ги засили своите напади против Демократската армија.

Летото 1949 година силите на атинскиот режим, по повеќемесечните борби успеаја да ги разбијат единиците на ДАГ во Пелопонез, а постепено и во Централна Грција, така што во голема мера можеа да ги сконцентрираат своите напади во Македонија, Епир и Тракија. Во јуни 1949 година нападнати беа единици на ДАГ во Пајак и Кајмакчалан и по неколку-дневни тешки борби ги исфрли од нивните положаи, голем број од кои се беа повлекле на југословенска територија. По ова своите сили ги концентрира за напад против двете главни упоришта од слободни територии – на Вич и Грамос.

Подготовките за напад на слободната територија на Вич беа очигледни.

Во една своја статија под наслов "Во една решителна супер напнатост", објавена на 10 јуни 1949 година во печатот на ДАГ, Захаријадис меѓу другото го пишува и следното:

"На Вич се ближат големи битки. Ако монархофашизмот не сака отворено да го признае своето банкротство, тогаш е принуден да ја направи својата голема офанзива на Вич. Инаку е загубен. Ја губи војната – го губи и мирот. Во моментот кога сака да се прикаже како семоќен и победник, ќе признае дека на Вич не е способен да се измери со ДАГ. Токму затоа е принуден да дојде на Вич, го притиска политичката, војничка и моралната нужда. Затоа, сакајќи или не ќе ја испита горчливата чаша што се вика Вич".

А во друга, пак, статија, објавена исто така во печатот на ДАГ од 6 јуни 1949 година, под наслов “На Вич непријателот нема да стапне”, Захаријадис завршува со зборовите:

“Наша парола е:

Непријателот на Ви нема да стапне.
На Вич ќе му ги скршиме крилата на Папагос. На Вич ќе ја направиме 1949 година решителна година на победата”.

Предвидувањата на Захаријадис дека непријателот на Вич ќе нападне се обистинија, но паролата не се оствари. Вич беше нападнат и заземен. Тука не беше даден ниту посериозен отпор, а поголемите жртви од ДАГ беа дадени при теснината меѓу Малото и Големото Преспанско езеро, единствен пат за отстапување кон Албанија (бидејќи на војниците и цивилите им беше забрането да се повлекуваат кон Југославија. Во Југославија се беа повлекле само тие единици, кои споменатиот премин дури да отстапат, го најдоа заземен од непријателот).

Единиците на ДАГ кои беа отстапиле од Вич, брзо беа упатени во Грамос, во очекување дека сега непријателот ќе преземе офанзива и таму. И навистина во текот на октомври непријателот презема офанзива на Грамос и ги потисна единиците на ДАГ.

Во октомври 1949 година главнината на Демократската армија се повлече во Албанија. Некои од нејзините единици од Источна Македонија и Тракија во Бугарија, а некои единици од Централна и Западна Македонија се повлекоа во Југославија уште во текот на борбите преку летото 1949 година. При крајот на 1949 година фактички во Грција останаа само мал број партизански групи од оние кои делуваа во заднината на непријателот, таканаречените групи на политичките комесари.

Така за неполни пет година Народно-ослободителното движење во Грција претрпе втор пораз и покрај натчовечките напори на демократските сили во земјата, тешките борби на борците од ДАГ и тешките маки и страданија на илјадници интернирци и затвореници по грчките острови и затвори.

Соопштението кое по повлекувањето на единиците на Демократската армија го издаде Врховниот штаб и Привремената демократска влада, меѓу другото гласеше дека Демократската армија не е победена, но се повлече само да тури крај на крвопролевањата и да придонесе земјата да крене кон мирен развиток.

Во врска со ова соопштение и исходот на граѓанската војна во Грција заслужува да се одбележи дека во Грција одамна општествените спротивности се изострени до таа мера што наложуваат општествени промени. До такви промени не дојде поради грубата воена интервенција на империјалистичките сили. Во декември 1944 година интервенираа силите на Велика Британија и ја задржаа на власт буржоаската влада која немаше никаква подршка во масите. Во текот на Граѓанската војна, кога товарот на големите издатоги со сила да се задуши герилското движење, Велика Британија не можеше да го поднесе, на сцената се појавија американските империјалисти.

Победата над Демократската армија е постигната со помошта на странство и тоа во прв ред од САД. Иако Демократската армија беше натерана на повлекување не беше совладано и демократското движење. Затоа и грчката буржоазија и солдатеска во времето кое уследи по граѓанската војна, тесно ќе се врзе зад колата на американскиот империјализам и ќе ги слоди неговите интереси. Грција беше од оние земји, кои учествуваа во војната во Кореја на страната на САД. Со САД 1953 година е потпишана воена спогодба, според која на САД им се отстапуваат воено-поморски бази. Грција е ревносна членка на Атланскиот пакт.

Цената со која грчката буржоазија ја плати помошта од странските империјалисти е губењето секаква независност и достоинство. Грција стана орудие во рацете на странските империјалисти, пред чии груби интереси ја ништи и сопствената осново.

Грција одново треба да се бори за својата независност, да го отфрли јаремот на империјализмот и воената диктатура.

# ДЕЛ ВТОРИ - МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА

## ГЛАВА ПЕТТА - СИСТЕМАТСКИ ПРОГОН НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД

### 1. **Положбата на Македонците под грчка власт**

За да се свати ставот на Македонците во Граѓанската војна, нужно е да се знае во општи црти положбата на овој народ во границите на Грција.

Македонскиот народ по направи и обичаи, јазично и етнички и е туѓ на Грција. Од тие причини грчката буржоазија од првиот момент кога ја прошири својата власт над Егејска Македонија, изгради политика на физичко истребување на нашиот народ и менување на етнолошкиот состав во своја корист. Тоа го прифати како основно средство до толку повеќе што обилните материјални средства дотогаш растурани преку Патријаршијата и училиштата во Македонија не го дадоа барaниот резултат. Ете каде треба да бараме објаснение, покрај останатото, за истребувачките мерки спрема македонскиот народ и целата политика на грчката буржоазија спрема Македонија.

Со самото настапување во времето на Балканската војна, грчката армија ја опустоши Централна Македонија и десетици илјади Македонци принуди да ги напуштат своите огништа и да бегат во соседните земји.

По Првата светска војна и Грчко-турската војна од 1920/1922 година, Грција направи неколку чекори во служба на нејзината основа цел: - истребување на македонскиот народ. Во ноември 1919 година меѓу Грција и Бугарија беше потпишана конвенција за “Доброволно иселување на бугарите од Грција” – тоа се однесува на нас Македонците кои им служевме како пара за поткосурување. Оваа конвенција ја продолжија неколку пати со цел да се реализира што поголем број иселеници. Во резултат на тие конвенции и воените дејствија од Балканските и

Првата светска војна во Бугарија се иселија околу 95.000 Македонци.

На 30 јануари 1923 година, по поразот на грчката армија во Мала Азија од страна на Турците, во Лозана е потпишана конвенција меѓу Турција и Грција. Во резултат на ова конвенција 538.000 Грци и други христијански припадности се населија во Егејска Македонија и заедно со порано уселените (во текот на војните и после тоа) други 100.000 или вкупно 638.000 лица се населија во Егејска Македонија. (Според необјавениот труд "Миграционите движења во Егејска Македонија од Балканската до Втората светска војна" на Тодор Симовски, соработник на Институтот за национална историја – Скопје). Впрочем изнесените констатации за миграционите движења во Егејска Македонија и измената на етнолошките услови се слични на сите истражувачи на овој проблем.
Тоа се познатите меѓународни акции на Грција да го измени етнолошкиот состав на Егејска Македонија во своја полза. Меѓутоа, грчката буржоазија не се запре на ова. Таа презеде и други мерки со намера да го уништи, истреби или денационализира македонскиот народ. На Македонците во Егејска Македонија за целото време под грчка власт не им е признато право на посебна националност. Секогаш биле малтретирани, омаловажувани и жестоко експлоатирани и прогонувани.

Грчката буржоазија во намера да го избрише секој белег што потсетува на македонскиот карактер на Егејска Македонија, во ноември 1926 година донесе закон за измена на имињата на селата и градовите, називите на планините, реките итн. со грчки. Тој закон е објавен во службен лист на грчката влада "Ефимерис тис кивернисеос" бр. 332 од 21 ноември 1926 година, а во истиот лист бр. 346 објавени се новите грчки имиња. (стр. 231 од книгата на Лазар Мојсов "Ококу прашањето на македонското национално малцинство во Грција" – Скопје 1954 година).

Во 1929 година, за време кога на чело на грчката влада стоеше познатиот политичар Елевтериос Венизелос во Грција е донесен закон "за мерки за безбедност на општествениот

поредок и заштита на слободата на граѓаните” (Идионимон). Тој Закон всушност беше исто што и Законот за заштитата на државата во Југославија. Според овој закон за големопредавство се сметаше секој оној кој се бори за самоопределување на туѓите националности. Фактички овој закон беше насочен против Комунистичката партија и Македонците.

Кога на власт 1936 година во Грција дојде германскиот воспитаник генералот во пензија Иоанис Метаксас, незадоволен од тогашните мерки против Македонците, со закон го забрани македонскиот јазик и го праќаше во прогонство секој што ќе прозбори и еден македонски збор.

За возрасните кои не знаеа грчки отворија вечерни училишта каде на стари години требаше да го учат грчкиот, а да го заборават мајчиниот јазик. Активноста за сузбивање на македонскиот јазик која беше систематски, за бришење на секаков белег што потсетува на македонскиот карактер на Егејска Македонија, грчките властодршци ги одведе толку далеку што дури ни мртвите во гробиштата не ги оставаат на мир “Ги бришат словенските написи по крстовите, и ги вадат коските од гробовите и ги спалуваат”. [3 Лазо Мојсов во својата книга “Околу прашањето на македонското национално малцинство во Грција” – Скопје 1954 на стр. 235-236 го цитира Англичанецот В. Хил, кој патувал во Егејска Македонија 1928 година, а во врска со односот на грчките власти спрема Македонците го напишал следното: “Грците ги гонат не само живите Словени, коишто еднаш ги наречуваат “бугарофили”, вторпат “славофони”, туку и сите мртви Словени чии гробови се растурени по цела Македонија. Тие дури во гробот не им даваат мир: ги бришат словенските натписи по крстовите, ги вадат коските од гробовите и ги спалуваат”.]

Тие и таквите мерки го оставија нашиот народ во економска немаштина, во културана и национална заостанатост. Македонската младина беше воспитувана, колку-толку само во грчки дух што услови во минатото и сега масовно емигрирање во туѓина.

И покрај сите споменати истребувачки и дискриминаторски мерки на Грција против Македонците од Егејска Македонија сообразно со условите, во текот на три десетилетија од Балканските до II Светска војна, тие жилаво се бореа и опстанаа, се сочуваа и во Централна и во Источна Македонија и како компактна маса во Демирхисарско, Еницевардарско, Гуменичко, Воденско, Леринско и Костурско. Тие не само се сочуваа во живот, туку успеаја да го сочуваат својот национален бит иако национално-ослободени не заживеаја, бидејќи петвековното отоманско ропство го наследи грчкото, уште поварварско. Македонците само во две работи беа рамноправни во Грција: да служат војска и да се борат на фронтовите во сите војни што ги водеше грчката владеачка класа и да плаќаат даноци.

По поделбата на Македонија во Балканските војни, борбата на Македонците за национална слобода стана далеку посложена и потешка. Во условите на поделена Македонија, национално-ослободителното движење на македонскиот народ се поставуваше во поинакви – балкански рамки. По Првата светска војна кога на меѓународната сцена, со победа на Великата октомвриска револуција во Русија, работничкото движење израснува како решавачки фактор, национално-ослободителното движење на национално поробените и колонијални народи, станува составен дел на борбата на работничката класа и сиромашното селанство.

Национално-ослободителното движење на Македонците поради поделеноста на Македонија, степенот на општествениот развој на Македонија и развојот на работничкото движење на Балканот, тесно се поврза со работничкото движење.

Национално обесправените и експлоатирани работнички и широки селански маси во Македонија поучени од дотогашното искуство од политиката и практиката на балканските буржоазии, не можеа да сметаат како на свој сојузник ни на една друга општествена сила, освен на работничката класа. Еве зошто можеме да забележиме една општа карактеристика на сите три дела на поделена Македонија – ориентацијата на

Македонците кон работничкото движење и нивните организирани одреди-комунистичките партии.

Ниедна друга политичка партија во Југославија, Бугарија и Грција немаше запишано во својата програма она што тежеа да го остварат Македонците освен комунистичките партии и III-та Интернационала. Тука може да се најде објаснение и за односот на ВМРО (обединета) со III-та Интернационала и комунистичките партии на Балканот. Но, како што е познато, не се оствариjа до крај програмските цели истакнувани во III-та Интернационала и комунистичките партии на Балканот. Доследно го оствари, во новосоздадени услови во текот на Народноослободителната војна, програмското ветување само Комунистичката партија на Југославија под раководството на Тито и како резултат на Народната револуција се конституира националната република на Македонците – како Федерална единица на југословенската федерација.

Раководството на Комунистичката партија на Бугарија имаше променлив став по македонското национално прашање. Како и останатите комунистички партии таа го подржуваше ставот на III Интернационала. Меѓутоа, во текот на народноослободителните војни на Балканот и по заземањето на власта се уште не најде сила да остане доследна на револуционерните позиции по тоа прашање очигледно подлегнувајќи на великобугарскиот национализам. Исклучок од тоа прави времето кога на чело на ова раководство беше големиот Ѓорѓи Димитров. Како виситнски револуционер тој можеше уште во текот на војната да ја согледа огромната преломна улога на Народната револуција на југословенските народи за општествениот и политички развиток на Балканот. Решението на националното прашање во Југославија претставуваше фундаментална содржина на нова Југославија. Конституирањето на Федерална Република Македонија беше основата за нови односи меѓу балканските народи, односи врз демократска и рамноправна национална основа на сите балкански народи, а во тој број и Македонците како народ дотогаш обесправен од балканските династии и балканските буржоазии. Правилното согледување на овој голем чии на Балканот остварен со победата на Народната револуција на

југословенските народи најде израз во Бледската спогодба од 1947 година. Таа спогодба означуваше нова ера во односите на Балканот и со најголемо воодушевување го поздравија балканските народи. Годините кои уследија по резолуцијата на Коминформ и смртта на Ѓорѓи Димитров, раководството на Бугарската комунистичка партија ги искористи во основа да го измени својот став по македонското национално прашање. Подлегна на притисокот од големобугарската идеологија и дозволи одново да добијат право на граѓанство великобугарските сфаќања по националното прашање. Се повампири старата буржоаска историографија и се негира постоењето на македонската нација, не им се признаваат националните права на Македонците во Пиринска Македонија, отстапија од спогодбата во Блед и Евксиноград како сигурен пат на трајна соработка и дружба на јужнословенските и сите народи на Балканот. Македонскиот народ е огорчен на таквиот став и политика на бугарското раководство, посебно се огорчени Македонците од Егејска Македонија кои водат тешки борби за своите национални права во Грција, борците кои заради тие права со оружје во рака се бореа за време на II Светска војна и за време на граѓанската војна во Грција. Во годините на граѓанската војна БКП во одреден период имаше поинакво гледање. Еве ги становиштата на БКП во резолуцијата на Х Пленум на ЦК од август 1946 година по македонското прашање:

“1. Бугарската работничка партија (комунисти) смета дека основниот дел на македонскиот народ се организира државно и национално во рамките на ФНРЈ како Народна Република Македонија. Обединувањето на другиот дел на македонскиот народ претстои да се изврши врз базата на македонската народна Република и во рамките на ФНР Југославија.

2. Бугарската работничка партија (комунисти) смета дека приготвувањето на неопходните услови за тоа обединување, а имено, присоединување на Пиринскиот крај кон НР Македонија, пред се, е работа на самите Македонци, но е општа задача и на отечественофронтовска Бугарија и Федеративна Република Југославија.

3. Бугарската работничка партија (комунист) смета за неопходно, во периодот до присоединувањето на Пиринскиот крај кон НР Македонија, систематски да се работи на културното зближување на македонското население од тој крај со НР Македонија, на популаризирањето во нивната средина, работата и постигањата на македонската Народна Република, македонскиот јазик и македонската литература, на запознавањето со историјата на македонскиот народ како што се предава во Македонија, да се олеснат граничните услови помеѓу Македонија (Југославија) и Пиринскиот крај за широко взаемно општење на македонското население од едната и другата земја, и воопшто да се преземат мерки по линија на културна автономија, кои што би придонеле за развојот на националната свест на македонското население и би го олесниле неговото обединување со основниот дел на македонскиот народ во НР Македонија.

4. ВРП (к) смета дека при соединувањето на Пиринскиот крај кон НР Македонија треба да биде врз базата на сојузен договор помеѓу Југославија и Бугарија, кој што ќе ги одреди точните граници на присоединувањето на Пиринскиот крај, земајќи ја предвид земјата и општите интереси на македонскиот народ како и правото на кооптирање бугарско државјанство за жителите на Пиринскиот крај, кои што сакаат да го искористат тоа право. Со тој договор ќе се реши враќањето на западните покрајни на Бугарија кои што сега се наоѓаат во Југославија.

5. БРП (к) смета дека е во интерес на македонскиот народ, како и на Бугарија и Југославија, присоединувањето на Пиринскиот крај кон Македонската Народна Република да се изврши на таков начин што фактички да не постои царинска или друга граница помеѓу Македонија и Бугарија, како што таква не постои помеѓу НР Македонија и другите единици на ФНРЈ. Присоединувањето на Пиринскиот крај треба не само да не ги отежи стопанските и културни врски помеѓу присоединетиот дел и Бугарија, туку напротив, уште повеќе да ги зацврсти тие врски помеѓу Македонија (Југославија) и Бугарија.

БРП (к) ги задолжува сите членови на Партијата, пред се членовите од Пиринскиот крај, најстрого да ја исполнуваат и

практички да ја спроведуваат таа директива на Партијата по македонското прашање и упорно и препорачува на македонската емиграција во Бугарија сестрано да соработува во зацврстувањето на братската македонска република, како и во подготовките за обединување со неа на македонското население од Пиринскиот крај врз базата на сојуз меѓу Отечествено-фронтовска Бугарија и ФНРЈ Југославија”. (Од книгата “Пиринска Македонија во борба за национално ослободување” стр. 302 до 304 од Димитар Митрев, Скопје, 1950 година.).

Македонците од Егејска Македонија беа доследен сојузник на работничката класа на Грција во нејзината борба за едно поправедно општествено уредување, за едно демократско општество и на тој начин да ги оствари своите национални идеали. Раководството на Комунистичката партија не најде секогаш сила доследно во политичката акција и организационата практика да ги мобилизира силите на македонскиот народ, очигледно плашејќи се од владеечката буржоаска идеологија, националистичките и шовинистичките идеи за “Голема Грција” фанатично проповедувана и всадувана во Грција од буржоазијата.

Комунистичката партија на Грција и работничкото движење имаше силна подршка во Македонија и Македонците ја делеа судбината на тоа движење во плимата и осеките.

До средината на триесеттите години, поточно до 1935 година ставот на КПГ по македонското национално прашање беше единствен со ставот на другите балкански партии и III Интернационала т.е. за обединета и независна Македонија и Тракија.

Во решенијата на VI Пленум на ЦК КПГ, од јануари 1934 година “за ситуацијата во Грција и задачите на партијата” стои: “... национално самоопределување на потиснатите Македонци и Тракијци, полна национална рамноправност на Евреите”. [Стр. 347 од изданието на КПГ – 1918-1958 избрани документи ноевмри 1958 година.]

По рефератот на V Конгрес на КПГ одржан 1934 година, за активноста на ЦК "Револуционерниот успех и борбата против фашизмот и војната" прифатен едногласно, во резолуцијата на Конгресот стои:

"Подршката и помошта на национално-револуционерните организации на националните малцинства и зацврстување на нивните организациони позиции внатре во нив, покрај катадневната борба за сите прашања и најмалите, на националните малцинства кои се борат против националното, економското угнетување, буржоаско-феудална Грција и признавање на националните малцинства правото на самоопределување до државното отцепување, ќе овозможи на КПГ да ја здобие довербата на потиснатите малцинства и да ги направи сојузници на пролетеријатот во очекуваната револуција во нашата земја. КПГ треба да се бори решително за сузбивање на грчкиот големонационализам и неговите манифестации во нејзините редови и за интернационалистичко воспитание на Грците работници и земјоделци" [Стр. 363 – Четириест години на КПГ 1918-1958 год.]

Но, веќе во решенијата на III Пленум на ЦК КПГ кој се одржа во април 1935 година, стои следното:

"По пучот од март нашата Партија на место на лозинката "обединета и независна Македонија и Тракија" ја истакна лозинката "полна рамноправност на малцинствата". Оваа промена на лозинката по однос на националните малцинства на нашта земја, не значи негација на марксистичко-ленинистичкото начело за самоопределување на националните малцинства. Замената на старата лозинга "Обединета и независна Македонија и Тракија" ја наложува измената на националниот состав во грчкиот дел на Македонија во тесна врска со промената на условите во кои денеска се развива револуционерното движење на Балканот и посебно во нашата земја, со основна задача антифашистичка борба и борба против војната".[стр. 426-427 Четрдесет години на КПГ – 1918-1958 година.]

Откако ги потцртува зголемените одговорности на КПГ да ја помогне борбата на малцинствата, во истото поглавие на крајот е запишано следново: "**Нашата партија не престанува да нагласува дека конечно и дефинитивно македонското прашање ќе се реши братски по победата на советската власт на Балканот, која ќе ги раскине нечесните спогодби за размена на населението и ќе ги преземе сите практични мерки да се ликвидираат империјалистичките неправди. Само тогаш македонскиот народ ќе најде целосно национално воспоставување.**" [стр. 426-427 Четрдесет години на КПГ – 1918-1958 година.] (Впрочем, измената на етнолошкиот состав не може да го замени економскиот принцип и економската национална целина).

Раководството на КПГ за време на Народноослободителната борба на Балканот заборави на истакнатите револуционерни обврски и направи груби грешки во политичката активност и организационите мерки како во времето на НОБ, така и за време на граѓанската војна и потоа – земајќи во предвид: дека работничкото движење не е имуно и од сопствени деформации и дегенерации и дека треба да ги преземе сите мерки од нив да се обезбеди, особено тогаш кога го зема кормилото на судбината на народот во своите раце. Бидејќи тогаш во практиката можат да се проверат ставовите од конгресните и пленумските резолуции. Ниту бугарското ниту грчкото раководство не постапи така, затоа западнаа во сопствена противречност.

Втората светска војна, окупацијата и прекројувањето на Балканот, КПГ ја најде со споменатиот став : "Полна рамноправност на националните малцинства". Борбата против окупаторот, а за национална слобода, стана акциона програма на комунистичките партии од окупираните земји. Објективните услови беа изменети и се поставуваа нови задачи. Условите беа изменети и во Македонија, таа беше прекроена, а со нестабилни и цврсти граници: поради општата окупација на Балканот од Германците, сојузништвото меѓу фашистичка Италија и фашистичка Бугарија, но и нивните противречности околу Македонија; па дури и грчките аспирации околу Македонија, без оглед што со капитулацијата им отстапија дел на Бугарите и

тн. Развојот, пак, на Народноослободителното движење не познаваше граници и гранични линии. Ете зошто како од политички така и од организациони причини се наложуваше една ревизија на ставот по македонското национално прашање и неговото поставување во новосоздадените реални и објективни услови. Но, тоа претпоставуваше заедничка согласност на раководствата на сите заинтересирани комунистички партии, или заземање правилен став по македонското национално прашање секоја комунистичка партија поодделно. Како што е извесно тоа не беше случај! Првото не можеше да се оствари затоа што сите раководства не беа спремни за второто. Не беа спремни да заземат правилен и револуционерен став по македонското прашање и тој став да го поткрепат. Нас сега ни се познати расправиите по тоа прашање помеѓу раководството на КПЈ и БРП (к) уште во текот на 1941 година, што се манифестира по однос на Пиринска Македонија и сега. Раководството на КПГ исто така заземе крајно опортунистички став. Тоа воопшто не покажа спремност правилно да го постави и решава македонското прашање како неминовно, објективно барање во новите услови. Раководителите на КПГ очигледно го сопираа природното место и природен развоен пат на борбата на македонскиот народ од почетокот до крајот на Народноослободителната борба, па дури и тогаш кога битката беше изгубена и власта во Грција дојде во рацете на контрареволуционерите. Ете зошто борбата на македонскиот народ во Егејска Македонија не го доби оној револуционерен замав, не ја доби својата независна физиономија, не можеа да дојдат до полн израз тежненијата и тие да бидат остварени.

Раководителите на КПГ користејќи го авторитетот на Комунистичката партија, раководството на Народноослободителната борба и партиската дисциплина на членството, систематски работеа врз тоа, македонскиот фактор да не израсне како независен и македонскиот народ да ја земе својата судбина во своите раце. Тие упорно се противеа на формирање македонска народноослободителна организација, формирање посебни македонски партизански единици и израснување на национални кадрови. И кога ова се има на ум, дури тогаш може да се објасни колку беше тешка задачата на

Македонците-борци од Егејска Македонија. Направени беа обиди да се афирмира борбата на македонскиот народ од Егејска Македонија. Но за успехот и за таква афирмација нужен беше позитивен став на КПГ, или максимално единство на волја и акција на македонските комунисти од Егејска Македонија, кое тешко можеше да биде остварено без единствена организација и при постоење на негативниот став на раководството на КПГ. Под притисок на состојбата есента 1943 година создаден е СНОФ (Славо-македонски народноослободителен фронт) и партизански единици СНОВ (славо-македонска народноослободителна војска). Раководителите на КПГ, меѓутоа, уште во зачетокот ги пресекоа таквите иницијативи. Затоа што во програмските начела на ЕАМ на ПЕЕА и при спогодбите со избегличката влада не ги предвидоа и не ги бранеа правата на Македонците ниту пак им помогнаа на Македонците да создадат сопствени сили сами да ги бранат тие права. Епилогот на таквата политика беше да се лишат од помошта на Македонците при судирите во Атина во декември 1944 година – фактор кој воопшто не беше за потценување, како тогаш така и во текот на НОД.

Објективните услови создадени за времето на Втората светска војна беа такви, какви историјата ги поставува пред еден народ еднаш во текот на една генерација. После неуспехот на Илинденското востание, објективните услови за време на II Светска војна беа навистина такви што го поставија на дневен ред, не само ослободувањето на Вардарска Македонија, туку ослободувањето и обединувањето на цела Македонија. Ако тоа не се постигна, причините треба да ги бараме во субјективните фактори. Затоа што прашањето се решаваше на начин кој бара најмногу жртви – по пат на вооружено востание, но кој е затоа понајкраток и најреволуционерен пат.

Во текот на II Светска војна и народноослободителните борби на Балканот 1941-1945 година, сознанието кај Македонците дека се работи за историски момент созреваше, поради тоа и дојде до многу судрувања ушт во текот на 1941 и 1942 година со КПГ. Првото пак отворено судрување дојде после расформирањето на СНОФ и партизанските единици СНОВ во Костурско и преминот во мај 1944 година на еден партизански

баталјон во редовите на Македонската партизанска војска. Тој конфликт беше решен на тој начин што беше постигната заедничка спогодба меѓу Главниот штаб на Македонија (поправо претставникот на Врховниот штаб, делегат при Главниот штаб на Македонија, Добривое Радосављевиќ) од една и Главниот штаб на ЕЛАС од друга страна. Според таа спогодба споменатиот баталјон се враќаше во редовите на ЕЛАС со право на мобилизација и формирање на нови Македонски воени единици. Но по кратко време (горната спогодба беше остварена во јули 1944 год.) во октомври 1944 година доаѓа до нови расправии меѓу Македонците и раководителите на КПГ и ЕЛАС, што доведе до повторно одделување на споменатиот партизански баталјон, на еден македонски партизански баталјон од Воденско и еден партизански одред од Леринско и нивното повлекување на територијата на слободна Македонија. Од овие единици, во ноември 1944 година, беше формирана I ударна Егејска бригада (која ќе биде расформирана со победата над Германија – мај 1945 година). Покрај формирањето на оваа бригада, во исто време во Битола беше организирана конференција со делегати од Егејска Македонија и избрано политичко тело од 29 членови на чело со комисија од 10 членови. [4. Политичката комисја се состоеше од десет членови и тоа: Атанасов Ѓорѓи, Керамитчиев Михаил, Митревски Паскал, Николов Тодор, Пејов Наум, Поплазаров Лазар, Туруџов Ѓорѓи, Раковски Павле, Урдов Џоџо и Шупурков Наум.]

Барањата поставени при овие акции се состоеја во признавање правото на самоопределување. Раководителите на КПГ, меѓутоа, не сакаа нити да чујат за такво прашање. И според тоа, потфатот за извршување на таа задача со сила до истерувањето на окупаторот можеше да најде отпор и кај ЕЛАС, а по истерувањето на окупаторот и на отпор кај Англичаните, со оглед на нивното присуство во Грција по истерувањето на германските окупатори.

Кога избија декемвриските настани во Грција (декември 1944 година), Првата ударна егејска бригада беше спремна да притекне во помош, но под услов да учествува како таква и со право на мобилизација на нови сили. Меѓутоа, на тоа не сакаа

да се согласат раководителите на КПГ. На крајот, текот на настаните во Атина и воопшто во Грција, не беше во состојбата да го измени една бригада. За тоа беше потребна поинаква стратегија и тактика на Народноослободителното движење, како што видовме при анализата на декемвриските настани и спогодбата во Варкиза.

Во новата ситуација создадена по судрувањата во декември и спогодбата во Варкиза, што се состоеше во разоружувањето на ЕЛАС и проширување власта на буржоазијата и буржоаската влада во Атина на целата територија, македонскиот народ го очекуваше соочувањето лице во лице со вооружениот непријател. Владата од Атина, проширувајќи ја својата власт на територијата од Егејска Македонија, отпочна со масовен истребувачки терор против македонското население, како резултат на што почнаа првите емигрирања на мирното население од Егејска Македонија во соседните демократски земји и отпорот на прогресивните македонци.

## 2. **Теророт 1945-1946 година**

За македонскиот народ од Егејска Македонија, како историјата да се повторува секогаш кога треба да се соочи со пречекот на неговата земја на грчката власт и армија. По спогодбата во Варкиза пролетта 1945 година, со самото проширување на својата власт во Егејска Македонија почна остер натисок над голоракото македонско население. Но како што е нагласено и во првиот дел, грчката десница немаше доволно сили да ја воспостави власта во целата земја непосредно по спогодбата во Варкиза. Затоа во подрастична мера, токму тука во Егејска Македонија, ги мобилизира соработниците на окупаторот – четите на Коларас, Пападопулос, Антон Чауш и други и ги пушти во разуздан терор да го убиваат и го плачкосуваат македонското население. Тоа беше таков поход (1945/1946 година), кој идните историчари ќе треба навистина да го одбележат како еден, колку злобен, толку и вешт маневар на грчката буржоазија да создаде јас и омраза меѓу Грците и Македонците и да направи своја опора кај грчкиот елемент.

Еве што изјавуваат живите сведоци на таа недогледна трагедија низ цела Егејска Македонија. [5. Во личната архива на авторот се наоѓаат изјавите кои лично или други другари ги собираа од бегалците за да се евидентира теророт на грчките власти и башибузук над населението во Егејска Македонија. Некои изјави се дадени во врска со работата и истрагата на Анкетната комисија на Обединетите нации, која анкетираше на Балканот за време на Граѓанската војна. Но, уште еднаш треба да се подвлече, дека ни оддалеку не се изнесени сите неизмерни страдања на кои беше изложен македонскиот народ од грчките монархофашисти по Втората светска војна.]

Прв со новата трагедија се соочи нашиот напатен народ од Источна Македонија. Тука беа четите на Андон Чауш, кои дејствуваа во служба на Германците и можеа да се зафатат веднаш со работа.

“На 18 април 1945 година, ноќта, една чета владина војска на чело со капетанот Кукатис од село Алистрати, го опколи селото Зрново, Драмско – опишува Коста Кундаков од истото село. Штом се раздени, нападнаа на куќите да вршат претрес и плачка, за да го исплашат населението, истовремено пукаа од митролески оружја. Тој ден пребија со ќотек повеќе селани-мажи и жени и убија двајца селани. Димитар Богоев и Пандо Сулов на 65-годишна возраст”.

За настанот на 18 април, делегацијата од селани, дојде кај англиските воени власти. Но тие смеејќи им одговорија: “Е, па вие сте Бугари, треба да си одите”! Но и кога си отидоа, кога си одеа од своето родно огниште, требаше да платат крвав данок. Натоварувајќи го на коли преостанатиот имот, селаните, но повеќе жени од селото Зрново, зашто мажите мораа да ја префрлуваат границата преку планините, се упатија кон бугарската граница да ги спасат своите голи животи. Бегајќи селаните Катерина Божова и Јана Савова, наидоа на една вооружена чета. Ги симињат од коњите двете жени, им ги плачкосуваат сите предмети, па дури и облеката и голи, избодени со ножеви ги остават да лежат на патот, каде од раните умираат.

Истата судбина тие денови ја доживе и селото Старчиште. Тука покрај плачкосувањата и масовното малтретирање, беа убиени и селаните Георги Киров, Ванчо Имиров и Димитар Загинов.

"Во месец април 1945 година, една ноќ, грчките владини војски ни го убија 95-годишниот татко – раскажува Велик Ѓеорги Печаров, од село Плевна – Драмско. Истата вечер војските извршија претрес во целото село и оплачкаа што им дојде до рака, запалија три куќи и ја ранија жената на Јани Божиков".

Бегалецот Димитар Богданов, го раскажува истото за селото Просачани – Драмско, а бегалката Магда Иванова за селото Горенци, Дедото Димитар, вака ги опишува своите маки: "Јас, како стар човек, си седев дома без да се мешам во ништо. По договорот во Варкиза и откако партизаните го предадоа оружјето, најдоа владини војски и почнаа да не мачат сите нас Македонците, да бараат од нас оружје – пушки и бомби. Една ноќ, беше април 1945 година, во селото дојдоа бурантари [Бурантари ги викаа грчките владини војски, по името на злогласниот командант на Атина за време на окупацијата – Бурантас, познат по своите редовни рации и злочини над населението.] и упаднаа во мојата куќа. Ме фатија и откако ми ја затнаа устата да не викам, почнаа да ме тепат и да ме влечат по земјата, ми зедоа 243.000 лева и ме однесоа во шталата, каде што ме затворија. Потоа ја фатија мојата 70-годишната стара, ја малтретираа да им даде пари. Бидејќи немаше што да им даде, со ножеви и ги избодеа двете раце. Бо меѓувреме, дури едни тепаа, други ја плачкосуваа куќата. На крајот ни викаа "да ве снема од тука оти ќе ве убиеме".

Слична трагедија се гледаше ширум цела Македонија и токму затоа во пролетта 1945 година имаме масовно бегање. **Села со илјадици жители беа опустеле пред опасноста да бидат ликвидирани од уништовачкиот терор.**

Во Кукушто и Солунско ситуацијата не беше подобра. Но онаму каде македонското население беше покомпактно, таму нападот беше понасочен, а теророт пожесток. Во Кукушко и Солунско таа сметка ја расчистија башибузукот од 1913 година сега тоа требаше да се стори во останатите реони.

Бегалците од селата Баровица – Гуменичко, ја преживеаја истата трагедија на белиот терор. По спогодбата во Варкиза и разоружувањето на ЕЛАС затворениците беа преземени од владините војски и Англичаните. Така беше преземен и затворот во град Бер, каде, покрај останатите 50-60 соработници на окупаторот, беше и лицето Мицо Дујамов, од село Баровида. Затворениците од Бер, откако во март ги презедоа Англичаните, наскоро потоа ги ослободија и ги вооружија. Во јуни 1945 година се појави во својата околија Мицо Дујамов, на чело на една вооружена чета почна да крстосува по селата, да плачкосува, пали и убива, исто онака како што тоа го правеше за времето на окупацијата. Марија Ајдова од село Баровица, која есента 1946 година беше принудена да пребега во Југославија, раскажуваше како мајките од село Баровица ја преживеаја трагедијата на 9-те свои синови: Под знакот на терорто, немаше само бегалци преку границите. За да го избегнат бесот на Бешибузукот што упаѓаше ноќе по селата, мажите дење работеа на своите ниви, а ноќта остануваа во шума. Имаше и млади луѓе кои како припадници на организацијата и учесници во борбата против окупаторот, исто така седеа в шума за да го избегнат бесот на новиот окупатор. Така беше и со младинците од село Баровица кои еден ноемвриски ден 1945 година беа предадени и опколени од монархофашистичката војска и ликвидирани.

Георги Евангелос Кехајов, од село Баровица, на следниов начин го опишува својот случај и случајот на некои негови соселани: “По договорот во Варкиза, кога му се гарантираше на секого да живее слободно, ние учесниците во движењето на отпорот бевме жестоко прогонувани. Секојпат кога слушневме дека идат војници требаше да бегаме за да го избегнеме теророт. Летото 1946 година мојот братовчет Ѓорѓи Тантов, учесник во борбите против окупаторот на пат за пазар во Гуменџе го убија без и каква причина. Истиот ден убијците на братовчедот ми, владините чети, дојдоа во селото и откако направија неколку зулуми кренаа во планината да ги гонат партизаните. Бидејќи партизани не открија, тогаш недалеко од селото убија две мали деца што си ги пасеа свињите. Тоа беа Јован на 14 години и Пено Даутов на 20 годишна возрааст, им ги отсекоа главите и

кога се вратија во селото ги носеа в раце. Ги свикаа селаните в црква и со главите в раце им се заканувaa: “така ќе ви ги отсечеме главите на сите”! И како дивјаци се нафрлија врз мирните селани да ги тепаат. По овој терор голем број селани го напуштија селото и преку границата дојдоа во Југославија”.

Марија Бету од село Карпи, Гуменичко, мајка на 4 деца, вели дека и таа била принудена заедно со други селани да бега, зашто не можело да се издржи теророт од монархофашистите. Кога првпат дојдоа во селото владините војски, ја уапсиле и неа, а ја ослободиле одкако неа и нејзиното најмало дете ги држеле и малтретирале цела седмица. А кога втор пат дошле во селото владините војници го уапсија нејзиниот свекор Георги Бетов заедно со неговота жена Велика и ги интернирале на островите, а куќата ја плачкосале и разурнале до темел.

Малиот бегалец Проди Петар Ристов, од село Купа, Гуменичко, на својата 12-годишна возраст со неговите четири помали браќа и сестри ја доживеја трагедијата на бегалец. Една ноќ во месец октомври 1946 година селото Купа пак го посетила една владина чета. Тие секој пат кога го “посетувале” ја посетувале и куќата на малиот Проди го застрашуваа барајќи од него да го поткаже својот татко. Но овој пат тие постапиле уште пожестоко. Ја уапсиле неговата мајка Маса и ја одвеле пред училиштето. Децата од жал оделе но неа и плачеле, но џелатите не обѕирајќи се на детскот плач, пред нивни очи ја претепале до смрт. После неколку дена мајката умрела, а бидејќи во меѓувреме запалиле повеќе куќи, меѓу кои и куќата на петте сирачиња, тие станаа мали бегалци.

Муров Дионис Анастасов, од село Бресловци, Караџовско, ги опишува маките на своите селани и како неговиот брат од многу ќотек останал сакат.

Андонија Личева од с. Лугонци, Гуменичко, зборува за тоа како неколку пати во нејзиното село владините војски извршиле рации од пролетата 1945 годниа, до есента 1946 година, кога го запалиле селото и таа заедно со останатите селани била принудена да пребегне во Југославија. При една рација, пукајќи со митролеско оружје за да ги исплашат селаните, го раниле

младинецот Христофор Балцов. Истиот ден сред село ги собрале сите селани – мажи, жени и девојки и со митралези насочени кон нив барале да им дадат податоци за партизаните.

Бегалците од Црна Река, Гуменичко, кога ја преминуваа границата еднодушно изјавува: “бегаме и си го оставаме родното место, куќите и имотите, за да го избегнеме дивјачкиот монархофашистички терор”. Јован Бечов вели: “Се принудив да го оставам родното место и својот имот, затоа што не можеше да се издржи монархофашистичкиот терор. Го бараа сина ми, но знаев ако им се јави ќе го интернираат во пустите острови. Заради тоа постојано ме тероризираа мене и мојата другарка. На крајот ми претстоеше интернација и тогаш решив да бегам”. Вангел Жаров, од истото село, пребегна затоа што владините чети не можеа да го уапсат сина му, кој беше учесник во движењето на отпорот и му определија рок во кој или да го пронајде синот или во спротивен случај ќе биде интерниран. На 29 септември 1946 година група војници му ја запалија куќата со сета покуќнина и тогаш беше принуден да бега.

На 1 октомври 1946 година беше извршена рација во селото Црна Река уапсени голем број селани кои ги одведоа во затворот во Гуменџе.

Во селото Лумница Гуменичко, веднаш, по договорот во Варкиза беше воспоставена џандармериска станица и седиште на воена единица. Селаните немаа право без полициска дозвола да одат на пазар или во поблиските села, па дури и на своите ниви. Во ноември 1946 година беа уапсени 8 души, меѓу кои Димостени Меши, Тома Пифа и др. Во текот на ноември 1946 година беше нападната од партизаните џандармеријата и воената единица. Тогаш изгореа повеќе од сто куќи и селаните беа принудени да бегаат, едни преминаа во Југославија а други во гратчето Бојмица.

На 8 мај 1945 година англиски и грчки војници извршија рација во селото
Радомир, Енџивардарско, изапсија голем број селани, ги одведоа надвор од селото крај реката и ги подложија на нечовечки маки. Меѓу уапсените беа и селаните Атанас

Капасузов, Ристо Козаров, Божин Стаменковски и Сотир Жупов.

Во јули 1945 година англиски и грчки војници извршија рација во селото
Црна Река, Гуменичко, откако ја претресоа планината барајќи партизани, во близината на селото сретнаа четворица селани и тоа: Мино Чатков, Ристо Жаров, Ѓорѓи Дурчов и Иван Попов, кои со својата волска кола возеа греди в село. Ги уапсија, ги однесоа во селото и ги затворија во една селска крчма, каде ги подложија на страшни маки. Откако направија и други зулуми во селото, кренаа за Гуменџе, а со нив ги однесоа и споменатите селани. Во октомври 1945 година, селото Црна Река беше повторно блокирано од грчки војници и џандари. Георги Танов и Атанас Танов, кои беа кренале на пазар во Гуменџе, ги уапсија и ги одведоа в сред село. Веднаш Ѓорѓи го слекоа гол и пред очите на другите селани почнаа да го тепаат. Го тепаа до онесвестување. Истиот ден покрај другите злодела и тепања, тешко беше тепана и девојката Лиса Дурчева.

Во месец април 1945 година од англиски и грчки владини војници беше блокирано селото Мачуково, Кукушко. Откако извршија претрес во селото, уапсија и одведоа во затовор повеќе луѓе, меѓу кои: Ѓеорги и Митко Безирови, Париз Толев, Ристо Ристачев и Ристо Делиџаков.

Во октомври 1946 година, при една блокада на селото Карпи, Гуменичко, војниците пукаа во насобраните селани, при што е ранета Марија Настева, а на Вангел Божинов му ги отсекоа рацете.

Теророт во Воденско не заостануваше зад оној во другите места. Грчките “цивилизатори” и тука си го покажаа своито вистинско лице. Од Воденско ќе наведеме само неколку примери, бидејќи целосен преглед на тие ѕверства немаме.

Во месец мај 1946 година беше блокирано селото Саракиново. Откако варварите го оплачкаа селото и пребија со ќотек кого што стигнаа, почнаа да ги напаѓаат жените. “Пред опасноста да биде погазена нашата чест, ние бевме принудени да бегаме во

Југославија" – раскажуваат бегалките од село Саракиново Гица Терзиева и Тина Манолчева. Старата бегалка Нуша Манолчева од селото Саракиново, раскажува дека варварскиот терор ја натерал да стане бегалка на стари години. Селото Саракиново беше блокирано и во месец август 1946 година и плачкосано од грчката владина војска. Оплачканата стока ја натовариле на коњи, а селаните ги натерале да ги водат до Соботско. Сите оние што ги воделе коњите биле затворени. Истиот ден умреа како последица од тепањето Ване Манолчев – сопруг на бегалката Нуша Манолчева, Стојан Крајнов, од село Саракиново имаше мобилизирано син во грчките владини војски. Но тоа не им пречеше на грчките џандари кога одеа во селото да го тепаат и Стојана. Тие едноставно прашуваа "каде е твојот син"?, а одговорот не им беше бажен. Иако одговорот гласаше дека синот му е во војска, тие и спрема Стојана постапуваа исто така како и спрема другите селани, поради што бил принуден и тој да стане бегалец.

Селото Волкојаново повеќе пати беше блокирано и плачкосано од единиците на грчката војска и џандармерија на чело со офицерите Бафас и Талаганис.

На 6 јули 1946 година, блокирано е и плачкосано селото Ошин, а беа уапсени петмина селани: Јорго Иоани, Делис Мора, Димо Мурџов, Бошана Самара и Васил Самара. Од неиздржливиот ќотек умре Јорго Иоани.

Во јануари 1946 година една џандармериска чета водена од офицерот Комајнус, го блокира селото Кронцелево. Ги собраа сите селани во училиштето и почнаа да вршат сослушување. Тој ден претепаа повеќе луѓе, меѓу кои и Ефтимија Атанасова и нејзината золва Гица Атанасова. Теророт во селото Кронцелево го преживеаа и бегалците: Сава Димитрова Стојанова и Лена Ристова Георгиева. Тие со одвратност ги опишуваат монархофашистичките терористички методи.

На 15 април 1945 година група од 40 вооружени грчки војници, меѓу кои и тројца Англичани, го опколија селото Струпино-Воденско испукувајќи неколку митролески рафали, за да го заплашат населението. Во моментот кога се блокираше селото

55-годишниот Ристо Качаров излегуваше од својата куќа. Војниците кои крстареа низ селото испукаа во него еден рафал и тешко го ранија. Откако цел ден вршеа претрес и терор, вечерта се повлекоа во селото Пожар, а со нив одведоа осуммина селани. Пред опасноста да бидат уапсени и малтретирани, група млади селани, учесници во движењето на отпорот, беа принудени веднаш на 17 април да емигрираат во Југославија. Бегалката Елефтерија Христова Чапова, која во селото остана до крајот на 1946 година, доживеа многу поголеми страданија. "Беше августовски ден 1946 година. Група од 15 грчки џандарми крстареа во околината на селото Горно и Долно Пожарско. Недалеку од селото, 17-годишно момче Кољо Митрев Јанчев го пасеше добитокот. Група вооружани цандари се добраа во близината и му викнаа "горе рацете"! Коле ги крена рацете и чекаше да го уапсат или извршат претрес, кога еден од џандарите му извикува "бегај ќе те увијат"! Детето исплашено почна да бега, а џандарите испукаа неколку рафали и детето падна мртво. Ова раскажува Петре Кацаровски од село Пожарско, кој ја гледал целата таа сцена, орајки на својата нива. Истиот ден споменатата група го уапси Ѓорѓи Ристов Кацаров од село Горно Пожарско на 20-годишна возраст, во моментот кога си работел на својата нива и на пат за Соботско го стрела.

"На Крстовден 1946 годниа дојдоа од Соботско џандари и го блокираа нашето село – раскажува Ленка Димова Крстова од село Горно Пожарско. Во селото почнаа да плачкосуваат и да го тепаат народот, затоа што беа антифашисти. Мојот 19-годишен син Трајко си доаѓаше од работа и штом дојде во селото го уапсија и уште истата вечер го однесоа во Соботско. Другиот ден, со другото дете појдов во Соботско да го барам уапсениот син. На пат ме сретна кметот на нашата општина Христо Вецков и ми вели: "Детето го убија, туку да гледаме да се спасиме ние живите". Јас повеќе не се вратив дома, стигнав во планината и оттаму кренав кон границата и дојдов во Југославија". Лена Крстева не беше сама. Со неа во Југославија поминаа и други селанки и селани од Горно и Долно Пожарско, од Тресино и другите села на Воденско.

На Камена Христова Трпкова, од село Долно Пожарско не и е подобра судбината. Таа остана вдовица во месец септември 1946 година. Нејзиниот маж едно септемвриско утро како и секое утро излезе на реката која течеше во близината на нивната куќа да се измие. Тоа утро беше блокирано селото од грчките џандари. Веднаш беше уапсен, немилосрдно тепан, од што и умре. Затоа и Камена стана бегалка.

Лена Костадинова Киравакова, од село Пиперја е бегалка со сета своја фамилија, зашто не можеше да го издржи теророт на грчките власти. Летото 1945 година беше задржана 10 дена во затвор со Соботско, каде до изнемоглост беше злоставувана.

Во мај 1945 година ѕверски беше убиен Кириако Мариузани од село Бахово – Караџовско, од вооружана цивилна единица на власта, бивши соработници на окупаторот, во моментот кога си работеше на својата нива.

Георги Жоглевски од селото Жерви, ја остави својата фамилија со 6 малолетни деца и пребега во Југославија, затоа што не беше сигурен за својот живот. Властите сакаа да го уапсат затоа што беше антифашист и учесник во движењето на отпорот. На 25 октомври ја оплачкаа неговата куќа а неговата жена и стариот татко тешко го измачија. Истиот ден од селото Жерви беа уапсени и 10 жени и девојки.

Теророт во Леринско имаше исти размери.

Во јуни 1945 двајца вооружани џандари и шпионот Милтијадис Дунукас, извршија препад во куќата на Ване Русевски во село Пападија. Неговата ќерка Левтерија и сната Катина како и него лично најжестоко ги измачија. На крајот џелатите му се заканија дека кога повторно ќе дојдат, ако не го најдат синот му целата фамилија ќе ја интернираат. Поради тоа целата фамилија на Ване се најде принудена да го напушти своето родно огниште и да пребега преку граница.

На 18 февруари 1946 година една група од 5 грчки џандарми го "посетија" селото Долно Котори, и извршија апсења. Ги уапсија жените: Султана Наумова, Катерина Папа Димитриу,

Димитрула Стефаниди, Крста Вељанова и мажите Мите Вељанов, Танас Пападимитриу, Илија Недин и Димитрија Недин. Откако ги одведоа во зградата на селската општина ги подложија на мачење цела ноќ, а утреден ги однесоа во затворот во град Лерин.

Селото Бесвина во Преспа го блокираа повеќе пати грчки џандармериски единици и ги малтретираа селаните. Од многу ќотек полуде шеснаесетгодишната Тодора Кочовска, која ја уапсиле и ја одвеле во џандармериската станица во селото Брезница. Во јуни 1946 година од селото Бесвина уапсија 5 младинци и ги одведоа во џандармериската станица во селото Брезница. Тука ги подложија на мачење, од што младинецот Спиро Каров умрел. Поради неиздржливиот терор, група селани тргнаа кон границата да преминат во Југославија, меѓу кои: Ристана Скендерова  и Ставроица Дуковска. Двете беа уапсени и одведени во затвор во Лерин. Андон Грзданов од истото село, кој со својата фамилија пребега во Југославија во јули 1946 година, го раскажува следново за теророт во своето село: “Кога во село Бесвина џандармеријата воспостави седиште, му забрани на населението да се движи надвор од селото, па дури да оди и на работа. Добитокот кој беше по колибите  мораше да се доведе во селото и долго време го хранеа дома. До 27 јули 1946 година во селото ги уапсија и малтретираа, а потоа ги одведоа во леринскиот затовор: Анастас Мичовски, Борис Скендеров, Ламбро Близнаковски. Потоа ја уапсија младинката Славка Ангелова и ја одведоа во затвор во селото Герман. Исто така беа уапсени Христо Клковски, Вангел Трајков, Васил Чоламов, и одведени во леринскиот затвор. Уапсени и одведени во затвор беа и жените Доневица Дукова, Ставровица и четиринаесетгодишниот Ламбро Дуковски. При една потера на грчката џандармерија во околината на селото беше ранет младинецот Ване Гроздановски во моментот кога го чуваше своето стадо овци”.

Во село Буковиќ грчките власти веднаш штом дојдоа во Преспа ги уапсија и ги одведоа в затвор над 10 души меѓу кои: Пандо Ристовски, неговиот син Ристо, Васил Секуловски, Трајко Делевски, Илија Попов и Илија Георгиев.

Во селото Оровник, Преспа, го убија Никола Стериов без каква и да е причина.

На 20 јули 1945 година грчката чета го блокира селото Папли и откако го собраа целото население во зградата од селското училиште, поради теророт во селото беа останати повеќе старци, жени и деца. Затоа почнаа да ги тепаат од ред и да ги бараат мажите. Потоа жените ги натоварија на камиони и ги однесоа во затвор, а ги ослободија дури вториот ден по тешки мачења.

На 31 март 1946 година-денот на парламентарните избори – џандармериска група од станицата во Брезница и војската го блокира селото Рулја и под закана дека ќе бидат уапсени и интернирани, беа натерани да гласат. Бидејќи на тоа селаните им се спротивставија, наредниот ден, на 1 април 1946 година, одново е извршена рација во селото, беа уапсени 15 души и одведени во затвор во Лерин, меѓу кои: Илија Србинов, Илија Тошев, Митре Јованов, Доне Лазаров, Велјан Карадаков, Спиро Србинов, Митре Тачков, Лазо Рачков и Апостол Трендафилов. На 15 јули 1946 година во селото беа уапсени и следните лица: Тодор Цветков, Киро Костовски, Лена Карафилова, Софија Рамовска, Зора Марковска и Лозана Трендафилова. Откако беа уапсени пред очите на сите селани, беа тешко мачени, а особено 85-годишниот старец Киро Костовски и Лозана Трендафилова.

Во јули 1945 година уапсени се над 10 селани од село Штрково – Преспа меѓу кои: Божин Костовски со неговата фамилија, Пандо Костовски, Алексо Георгиев идр.

При блокада на селото Граждано – Преспа покрај малтретирањето на населението, од митралирањето по нивите за да се собере населението летото 1945 година, ранет е Атанас Ристевски.

Селото Герман во Преспа одамна им беше трн во очите на грчките власти. Тоа е најголемото село во Преспа, каде што тешко можеше да се скрши македонскиот патриотизам. Со доаѓањето во Преспа, пролетта 1945 година, грчките власти веднаш воспоставија џандармериска станица и доведоа една

чета војници. Требало тука во Герман да го скршат духот на народот за да можат полесно да господарат со Преспа. Затоа веднаш почнаа со застрашувања и терор. Му наредија на населението на куќите да истакнат грчки знамиња, се разбира за да најдат повод да го малтретираат мирното население. И навистина, тие почнаа масовен терор над старо и младо. Селаните не сакаа да истакнат грчки знамиња и тогаш џелатите отпочнаа со својата работа: почнаа да мават на кого можеа и кого стигнуваа. Уапсија над 100 души, меѓу кои: Герман Стојчевски, Коста Гогаров, Коста Дојчиновски, Наум Којчевски, Мара Маджева итн., запалија неколку куќи и над 150 плевни и колиби. Како и во другите села, и тука долго време беше забрането движењето на селаните надвор од селото што причинуваше голема тешкотија за исхрана на селскиот добиток.

Каранфил Кировски, од село Кладораби, за маките кои го натераа да стане бегалец него и фамилијата, вели дека него заедно со фамилија го уапсиле и го мачеле една недела, а неговиот син бил задржан во затвор цели пет месеци.

Дола Костова Цингова и Велика Алексова Костова, од село Крушоради, во октомври 1946 година беа уапсени, затворени и малтретирани во с. Овчарени, и беа принудени да бегаат во Југославија. Од село Крушодари беа уапсени и лицата: Апостол Чекрев, Пандил Весов, Крсте Башов, Георги Башов, Борис Костанчев, и др. Во тероризирањето на населението особено се истакнуваше поручникот Теодорос Венеатос и учителот во селото Сетина, Милитијадис Дунукос.

Четириесет монархофашистички војници предводени од офецерот Далис, пролетта 1945 година го блокираа и оплачкаа селото Ајтос, а истовремено уапсија 60 селани: старци, деца и жени и ги однесоа во затвор во Соровиќ. Истиот ден разурнаа повеќе и запалија три куќи: на Стефан Дифов, Кољо Миринов и Методија Зула. На уапсените Дончо Наов и Михајло Бошков со бричеви ги бодеа по телото, па потоа ги одведоа во затвор – вели бегалката Менка Сотирова Чонтова.

Со доаѓањето на монархофашистите во селото Неволени беа уапсени и малтретирани повеќе селани, меѓу нив: Филип Танев

Димитров и неговата жена, Горги Хаџиев, Чуила Јуштикова, Спиро Штруимов, Илија Станичев, Георги Бибев, Атанас Бибев, Ване Жалев и Стојадин Панов.

Во текот на јуни 1945 година, грчката џандармерија и војска неколку пати го блокираа селото Баница, барајќи да уапсат поистакнати антифашисти, а истовремено извршија и гробежи во повеќе куќи. Во тие блокади го убија Пандо Мијајлов на 40-годишна возраст без каква и да е причина, а Алексо Стојанов го ранија. Токму поради таквиот див терор многу селани од Баница станаа бегалци уште со доаѓањето на монархофашистичките сили на власт.

Теророт во Кајларско.

Злогласникот и соработник на окупаторот Коларас со својата чета, познат е особено во Кајларско и Костурско. Тој ги запали селата Зогоричани, Бобишта, Мокрени и др. Тој на 18 септември 1944 година, уште кога Германците се наоѓаа во земјата, со својата вооружена чета го блокира Кајлари, го собра населението и веднаш побара да се одвојат Македонците од Грците. Откако се одделија Македонците ги построи и почна да ги малтретира барајќи да го предадат оружјето, да прекинат да ги помагаат партизаните и др. Ги издвоија од стројот Илија Коџа, Кољо и Киро Паскови и пред очите на селаните почнаа страшно да ги мачат. По спогодбата во Варкиза, штом дојдоа монархофашистичките единици, почнаа веднаш да ги прогонуваат Македонците и демократски располежените Грци. Во мај 1945 година беа уапсени повеќе Македонци, меѓу кои Јани Велјанов, Поп-Хари Каравелчев, Леонид Бабалоку и др.

Во октомври 1944 година четата на Коларас навлезе во селото Дорутово, го уапси и стрела Трендафил Иванов, а неговиот брат Борис Иванов, откако го измачија го заклаа со нож. Истиот ден го убија и синот на Трендафила Андреа. Потоа навлегоа во куќите и пљачкаа скапоцености, Запалија 14 куќи. Населението исплашено од препадите на Коларасовата чета, пребегнаа во планината и се врати по неколку дена откако Народноослободителната војска го ослободи селото. Но мирниот живот на селаните потраја кратко време. Пролетта

1945 година на сцената пак се појави Коларас со својата чета. На 10 мај 1945 година со помош од соработниците на окупаторот блокирано е селото, уапсени 13 селани и одведени во затвор.

Во март 1945 година Доларис од селото Галатија, припадник на контрашите на Коларас, со група вооружени бандити, го нападнаа селото Ракита, ги собраа селаните и побара од нив да соберат и да му предадат 150 златни наполеони. Во спротивно ќе дојде со целата банда на Коларас. Исплашени селаните собраа поголема сума пари и му ги предадоа. Но тоа ништо не помогна. Во текот на мај 1945 година во селото дојдоа Англичани на моторни возила во придружба на џандармериски офицери од Кајлари, истите оние кои доаѓаа и за времето на окупацијата. Тој ден уапсија повеќе селани и ги испратија во затворот во Лариса. Меѓу уапсените беа Стефан Чуков, Ѓорѓи Јанев, Димитар Кирков, Леонида Коробанов, Симо Муцаров и Димитар Муцаров. Во август селото беше одново блокирано од вооружени контраши припадници на бандите Доларис, Коларас и џандармеријата. Го опљачкаа селото и ги уапсија следниве селани: Никола Маткаров, Вангел Мончов, Јордан Митов, Ѓорги Бојков, Ставро Куркитов, Крум Поп Димитров, Ѓорги Венков кои беа одведени во затвор во градот Кожани. По оваа акција на монархофашистите во селото беше поаставена џандармериска станица чиј командир беше познатиот гестаповец Манолис Карабелас. Овој гестаповец направи големи злодела во селото. Тешко беа малтретирани селаните: Евгенија Гајтанова, Невена Илиева Атанасова, Антула Раденкова, Трпа Лазарова, Тола Лазарова и др.

Во јуни 1946 година, по сите села во Кајларско вршено е апсење на младината која потоа е жестоко малтретирана. Од селото Ракита беа уапсени до 75 младинци и младинки, од селото Палиор 120 души и одведени во џандармериската станица во селото Ракита. Уапсени беа младинци и младинки од селата Емборе, Добница, Кобој, Пердика и Налбан. Во селото Налбан беше убиен и Минче Минчев во моментот кога си ораше на нивата затоа што за време окупацијата беше претседател на НОО во селото.

Теророт во Костурско во ништо не заостануваше зад оној од другите реони на Егејска Македонија.

Во мај 1945 година двапати беше блокирано селото Апоскеп, вели бегалката Божана Анастасова Шантанова што било и причина да го напушти своето село. “При првата блокада го собраа населението в сред село и почнаа да го малтретираат, а во исто време опљачкаа поодделни куќи. Откако ја извршија плачката, уапсија повеќе селани меѓу кои: Никола Поп Јанов, Мито Влаов, Стефан Милјов, Тоде Бубев, Стефан Бубев, Трифун Бубев, Димитар Шалевски, Илија Шалевски, Танас Калајџиев и Андон Јакимов, и откако ги подложија на мачење, ги одведоа во затворот во Костур, каде тука ги подложија на мачење, а на жените им ги исекоа косите. Меѓу уапсените беа Евангелија Закова и Вена поп Димитрова”.

На 28 април 1945 година во текот на ноќта, беше извршен препад од група монархофашисти во селото Граче. Опљачкани беа повеќе куќи. На 25 мај истата година селото Граче пак беше блокирано, населението собрано на сред село и подложено на тешки мачења. Особено тешко беа тепани Софија Кирчова и Канза Веловска.

Селото Дреничево исто така беше опљачкано, а на 28 август 1945 година од вооружена група монархофашисти беше убиен Павле Дутовски, во моментот кога си работеше на полето.

На 4 мај 1945 година беше блокирано и опљачкано селото Добролишта од наоружена банда на чело со Андон Аманатидис. Покрај пљачкосувањето многу селани – мажи и жени, беа мачени, а особено Ангелина Петровска, Каљопа Новачева и Лабрија Губиенова.

Бегалката Маки Томовска од село Света Недела, раскажува дека причина да го напушти своето село било теророт и неизвесноста за судбината на Македонците во нивниот крај. На 5 мај 1945 година било блокирано селото и вршена пљачка и терор. Уапсени биле двајца селани, а Сидера Соколова и други жени подложени на мачења. Во пљачката и теророт учествувале

и познати соработници на окупаторот од село Света Недела Анастасис Стамбулидис и Андонис Анастасидис.

Населението на градчето Рупишта исто така настрада од теророт. На 19 април 1945 година беше извршена рација и уапсени повеќе граѓани учесници во движењето на отпорот. Меѓу уапсените, чиј број достигна околу 50 души беа: Димитар Маровски, Леонид Џувара, Јорго Маловски, Никола Узуновски. Тие беа одведени во костурскиот затвор, а потоа во логорот “Павлос Мелас” во Солун. Покрај тоа потполно ги демолираа просториите на комитетот на ЕАМ и АКЕ, а Мартула Вервери, која ја затекнаа во просториите на ЕАМ, ја тепаа до бесвест. Протагонисти на овој терор во Рупишта беа Ѓеорги Митрушис, Василис Соколо, Никос Маридис, Кендрос Стејлис и др.

На 27 април 1945 година беше блокирано селото Песјак. При блокадата, покрај масовното малтретирање на селаните од болките умре Томе Димовски, а Димитар Колевски долго време не можеше да се дигне од постела. Во исто време и на ист начин постапија и во селото Марковени, каде Христо Манолевски беше мачен до бесвестие.

Селото Сетома беше два пати опљачкано од вооружани контраши и воени единици: на 10 мај 1945 година и на 20 јуни истата година. При тоа тешко од мачење беше повредена Зоица Лазарова.

На 21 јуни 1945 година беше блокирано селото Тиолишта, населението собрано в сред село и подложено на мачење. Од мачењето умре Василка Поп Панајотова, а Катина Делева ја фрлија од еден балкон при што и беше скршена едната нога. Откако го измачија населението и го опљачкаа селото, се повлекоа, а со нив одведоа две жени: Анастасија Грежова и Костадинова Софија. Во овие акции учествуваа и четите на Николас Коларас и Андреас Попандопулос. На ист начин ги опустошија сите села источно од Костурско Езеро и Кајларско. Во селото Комуничево ги уапсија Самара Стефанова Влаова и Стефо Дуевски. Глигор Поп Атанасов од многу мачења, по неколку дена умре во кострускиот затвор. Од тешки мачења во селото умре и Димитар Дуевски.

“На 16 јуни 1945 година воена единица го блокира селото Жупаништа. Го собраа населението на сред село и почнаа да го малтретираат за да им ги посочат жените чии мажи се бегани. Бидејќи народот не сакаше да ги открие бараните лица, почнаа да мачат кого стигнаа. Тој ден беа уапсени повеќе жени и мажи и опљачкани многу куќи. Меѓу уапсените и одведените во затворот во Костур, откако претходно на лице место ги претепаа, беа жените: Левтера Безова, Костадина Лазарева и 80 годишната Хајда Христова Влахова и мажите: Туваре Шишков, Васил Мангов, Павле Телачкин, Кољо Кољовски, Мито Шопов, Петре Желин, Алеко Шишковски, Кољо Бојкин, Јордан Дељов и др. Кога ги видов овие маки, вели бегалката Димитрула Лазарева – другиот ден на 17 јуни го напуштив селото и побегнав во Југославија”.

Летото 1945 година при првата блокада на селото Лобаница, го собраа населението и го подложија на малтретирање. Многу беа измачени: Пида Лазарева, Пандевица Мизова, Јани Марковски и др.

Во септември 1945 година беше извршен препад од вооружени џандари врз селото Дупјак. Уапсени беа 7 младинци, меѓу кои: Глигор Панов и Атанас Този и ги подложија на тешки маки за да им ги кажат припадниците на демократските организации во селото. На малтретирање подложена беше и Евгенија Пачова со своето едногодишно дете, од што детото и умре.

На 9 септревври 1945 година, четата на Коларас го уби во моментот кога работеше на својата нива 15-годишното момче Крсто Мунџаров, од село Прекопана. Четата на Љакопулос жестоко ги тепа: Борис Бучков, Фоти Карадаков, Кузо Клеков и Јани Љољов, а потоа ги одведоа во леринскиот затвор.

“На 10 септември 1946 година беше блокирано селото Вишини од грчка џендармериска единица, потпомогната и од четите на Коларас и Пападопулос. Покрај пљачкосувањето и малтретирањето на населението, беа запалени куќите и плевните на следните селани: Глигор Пулев, Никола Ликов, Анастас Пандов, Коста Шолев, Стојан поп Димитров и Јани

Андреев. Тешко беа тепани: Параскева Андрева, Каљопа Шолева и Елена Дулева, а осуммина селани беа уапсени и одведени во кожанскиот затвор. Меѓу нив беа: Алеко Пунков, Петре Аџиев, Алеко Тресинов, Пандо Чапов, Христаки Дуров, Пандо Калков, Коста Калков и Васил Гергинов. Бандите на Коларас и Пападопулос извршија многу злочини и во другите околни села – Блаца, Черешница и Тиолишта” – вели бегалката Викторија Панајотова.

Во селото Кономлати имаше џандармериска станица и населението постојано живееше во страв од џандармерискиот терор. Зимата 1946 година монархофашистите запалија 10 куќи и 40 плевни, а уапсија повеќе луѓе и ги одведоа во затвор.

Во март 1945 година вооружани цивили од селата Света Недела и Ошени, извршија препад врз селото Дамбени и опљачкаа 300 глави овци. Истите вооружени цивили надвор од селото ноќе ги убија селаните Елена Мушки и нејзината керка Левтера. На 25 март 1946 година беа уапсени од џандармеријата и одведени во станицата (во селото имаше џандармериска станица), Христо Трповски, Циљо Скивински, Спасо Караманов, Насо Кондов, Циљо Ралев, Лазо Ламбуров, Марко Вивков, Мито Пачков и др. Во јули 1946 година, во моментот кога ги пасеше селските говеда, Димитар Блахов на ѕверски начин беше мачен до смрт, а потоа запален. Тоа злосторство го изврши четата на грчката војска што беше стационирана во селото Габреш. Во јули 1946 година беа уапсени и интернирани на островот Крв: Олга Трповска, жена на Лазо Трповски, познат антифашист и истакнат револуционер во Егејска Македонија, кој загина 1943 година, Донка Калкова, Слава Мангова, Софа Грбова, Нуша Кенкова, Фиљо Ралев, Марко Вивков, Ставро Нолков и Павле Калковски. Исто така беа подложени на маки, од што умре Којо Чочов. Во исто време беа уапсени и одведени во селото Кономлати селаните Циљо Ризов, Крсте Шекров, Ѓорѓи Балев, Ристо Журчев и Андрико Кенков. Во џандармериската станица, во селото Дамбени, во јуни 1946 година беа повикани и подложени на мачења повеќе жени, меѓу кои: Грка Ралева, Цвета Ралева, Димана Трповска, Софа Нолкова, Лена Вивкова, Зоја Сидерова, Лена Пачкова, Лина Чонкова и др.

Еден пролетен ден 1946 година беше извршена рација во селото Габреш-Костурско од единиците на грчката војска. Собрани селаните на сред село, во Долната маала, беа подложени на туртура. Сите присутни мажи ги натераа да направат полукруг, да клекнат на колена и да ги кренат рацете во вис. Потоа неколку души извлекоа од скупот и почнаа да ги тепаат со стапови исечени за таа цел од големото дабово дрво во селските гробишта. При оваа блокада на селото најмногу беа тепани, Левтер Битовски, Ванчо Скендеровски и Ѓорѓи Шолдовски, кој падна во несвест.

На 6 јуни од село Габреш беа уапсени: Лена Макриева, Стоја Диклова, Пандо Робовски, Ристо Робовски, Тодор Робовски и други. Ги одведоа во џандармериската станица во село Кономлати и ги подложија на физичка туртура. По некој ден беа ослободени, но не сите. Некои беа задржани во затвор до крајот на граѓанската војна.

Само по кратко време од горниот настан во селото беше уапсен Ванчо Кизевски. Него не го одведоа во затвор, ниту го изведоа пред суд. Го подложија на дивечко тепање до сврт во просториите на седиштето на воената единица на грчката војска. Кога се уверија дека ќе умре од болките, ја повикаа неговата фамилија да си го земе. Веднаш потоа умре.

Податоците од една непотполна анкета на организацијата на НОФ за теророт од април 1945 до мај 1947 година, изнесени во рефератот на претседателот на Главното раководство на НОФ Михаил Керамитчиев на Конференцијата на НОФ, одржана на 20 мај 1947 година на Кајмакчалан, ја дадоа следнава слика за теророт над Македонците во четири окрузи.

| | Костурско | Леринско | Енице Вардар | Воден |
|---|---|---|---|---|
| 1. Уапсени | 596 | 3000 | 810 | 2.050 |
| 2. Пресудени | 320 | 1500 | 430 | 1.950 |
| 3. Осудени | 285 | 1200 | 430 | 1.300 |
| 4. Интернирани | 122 | 500 | 115 | 550 |
| 5. Убиени без пресуда | 56 | 90 | 48 | 74 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 6. | Малтретирани | 1369 | 10000 | 1080 | 1.080 |
| 7. | Полудени од ќотек | 5 | 5 | 1 | 2 |
| 8. | Наполно изгорени села | | 6 | - | - |
| 9. | Изгорени куќи | 110 | 968 | - | 813 |
| 10. | Ограбени села | 10 | 60 | 10 | - |
| 11. | Ограбени куќи | 215 | 1000 | 100 | 38 |
| 12. | Насилно евакуирани села | - | 10 | 10 | 25 |
| 13. | Насилно евакуирано население | 300 | 4500 | 1190 | 7.818 |

Според тоа човек некаде немаше мир: ниту на нива, ниту на пат. Никаде неговиот живот, чест и достоинство не беа поштедени од органите на власта, која како збир на терористи беше издигната на степен на државна власт.

Изнесено е само дел од оној неизмерен, сестран и најразновиден терор што се вршеше во Егејска Македонија по Варкиза, теророт кој не престана ни кога беше истеран германскиот окупатор ни за врмето на граѓанската војна. Ова е дел само затоа што не остана град, село или населба, куќа и колиба македонска да не биде засегната. Не остана македонска фамилија да не биде измачена и да не настрада. Примерите за теророт од периодот 1945-1946 година покажуваат:

Прво, во каква положба се најде македонскиот народ по истерувањето на германскиот окупатор односно по спогодбата во Варкиза во февруари 1945 година, со враќањето на старата власт, за да се согледа што го натера нашиот народ да емигрира и со оружје да се спротивстави на ѕверскиот напаѓач. Тука може да се најде објаснение за ставот на македонскиот народ, на организацијата на НОФ и развојниот пат на работите во Егејска Македонија.

Второ, Анкетната комисија на ООН, која анкетираше на Балканот и Грција во почетокот на 1947 година, добро се запозна со таквата ситуација, но таа остана индеферентна кон овие човечки патила. Токму затоа грчките монархофашисти охрабрени од поткрепата на меѓунароната реакција, можеа да станат носители на мачилишта, какви што станаа Макронисос и Јарос, пред кои отстапуваат сите досега познати човечки

мачилишта. Тука, покрај Грците антифашисти, тешки денови поминаа илјадници Македонци, а стотици најдоа маченичка смрт.

# ГЛАВА ШЕСТА - ОТПОР НА НОВИОТ ПРИТИСОК

## 1. **Положбата на Балканот, по Втората светска војна**

Уште пред завршувањето на Втората светска војна, физиономијата на Балканот во однос на општественото уредување беше јасно изразена. Никој не можеше да се сомнева во победата на Народната револуција во Југославија, победата на истата во Албанија, а исто така и за крајниот исход на работите во Бугарија. Грчката десница беше свесна за тежината на тој факт. Но покрај тоа, од исто толкава важност за грчката десница беше и фактот што на Балканот имавме и една нова појава: Народната револуција во Југославија не донесе само ново општествено уредување, туку ја создаде и Народната Република Македонија, факт за кој грчката десница, доследна на своите империјалистички аспирации, уште како водеше сметка. Македонскиот народ од Егејска Македонија кој во минатото не заостана во националните борби за слобода и независност на македонскиот народ, со нескриени симпатии го дочека чинот на конституирањето на македонската република во новосоздадената Федерација на југословенските народи. Од друга страна, внатрешните услови во Грција говореа, дека во земјата постои револуционерна ситуација со реални демократски сили кои можат да ја победат контрареволуционерната буржоазија и националното прашање на Македонците од Егејска Македонија да се реши како составен дел на демократските задачи на Револуцијата. Значи, ситуацијата на Балканот и во самата Грција, создадена уште пред крајот на Втората светска војна, беше основа кај Македонците од Егејска Македонија да преовладее убедувањето дека дошол денот и тие да ги остварат своите национални права. Тоа убедување кај Македонците беше онаа морална сила која ги вдахнуваше да појават така масовен хероизам, да земат масовно учество и да поднесат тешки жртви за време на Граѓанската војна во Грција. Така може да се објасни појавата односно конституирањето на политичката и организациона платформа на Народно-ослободитлниот фронт – НОФ за Егејска Македонија пролетта 1945 година и огромниот авторитет што оваа организација го уживање во Егејска Македонија, сред македонскиот народ и малцинствата.

На 23 април 1945 година беше одржан состанок на Политичката комисија, (но не во избраниот состав, бидејќи беа извршени промени) за Егејска Македонија и на основа дотогашната активност на теренот и новата ситуација, се постави проблемот за конституирање на единствена организација – бидејќи до тогаш политичките агитатори и организатори на македонското движење во Егејска Македонија поставуваа основи на организацијата без единствен формален назив. (Во Костурско организацијата се викаше СНОФ по називот на македонската организација од времето на НОБ, додека во Воденско се викаше ТОМО – тотална ослободителна македонска организација). На тој состанок беше решено организацијата да добие назив Национално-ослободителен фронт на Егејска Македонија. Горниот датум, 23 април 1945 година, е земен како ден на основањето на НОФ на Егејска Македонија. Меѓутоа, НОФ е продолжение на СНОФ, и можеби е поправилно НОФ да се смета продолжение на Славомакедонскиот ослободителен фронт од времето на Народно-ослободителната борба за време на II Светска војна.

НОФ на Егејска Македонија беше израз на истите идејни, идеолошко-политички и национални тежненија за кои македонскиот народ тежеше да дојдат до израз со барањето за создавање сопствена организација, сопствен орган на борбата за време  на германската окупација. Треба да се одбележи дека НОФ се раѓаше не само како орган на борбата на македонскиот народ наспроти на националниот и класен непријател олицетворен во атинскиот режим и контрареволуцијата во Грција, ами и како антитеза на погрешните ставови и однос на раководството на Комунистичката партија на  Грција по националното прашање. Во конкретните околности се градеше и како организација која се разидува со раководството на КПГ и во оцената на ситуацијата за формата на борбата која треба да се поведе во Грција.

Формирањето на организацијата НОФ, нејзината политичка и организациона активност, а подоцна усвоените Програма и Статут, покажуваат како се поставуваше прашањето на Македонците од Егејска Македонија по Втората светска војна.

Ситуацијата по спогодбата во Варкиза и погазувањето на сите одредби на таа спогодба од страна на атинската буржоаска влада и усилбите за разбивање на демократското движење во земјата со воени сили и средства на терор, создаваше революционерна расположба. На територијата на Егејска Македонија тоа можеше да се види со далеку поголема јасност. За тоа беа основа и наброените елементи: спремноста на целокупниот македонски народ да ги реализира своите тежненија, поволната балканска ситуација и истребувачкиот терор од страна на реакционерните сили. **Но одлуката за курс на вооружена борба, подготовката и водењето на истата не можеше да биде само дело на НОФ. Тоа требаше да биде дело на КПГ – на организацијата што можеше да делува на целата територија на Грција.** Ние, меѓутоа, го видовме ставот на раководството на КПГ по тоа прашање. Тој се состоеше во оцената, дека постојат услови за парламентарен живот и политичка борба, и неговата политичка линија беше подредена на таа оценка. КПГ беше легална организација, а НОФ иглегална и неговата оцена беше дека ситуацијата е револуционерна и формата на борбата треба да биде вооружена борба. Покрај тоа, меѓу НОФ и раководството на КПГ постоеше јазот по македонското прашање, создаден уште во текот на НОД. Затоа НОФ, речиси, се до крајот на 1946 година делува во несогласност со раководството на КПГ, иако контакти се одржувани и порано, движејќи се во склопот на гореспоменатите противречности.

НОФ не можеше, поради наведените причини, да биде слободен, да развие полна политичка и организациона иницијатива, како до спогодбата, така и по спогодбата, поради местото кое го заседе во односите со КПГ, што се одрази врз неговиот политички и организационен живот. Следејќи го развојниот пат на организацијата НОФ, лесно можеме да се увериме во наведените противречности, зависноста на организацијата од ставовите на КПГ.

2. **активност на НОФ во периодот 1945-1946 год.**

НОФ политички се разијдуваше во своите сцени и организационо беше одвоен од КПГ се до спогодбата од

октомври 1946 година. Но тој, сепак, не беше слободен и независен во своите акции и ставови. Своите акции и ставови требаше во голема мера да ги сообразува и усогласува со ставовите и линијата на КПГ. По потпишувањето на спогодбата во Варкиза, разоружувањето на ЕЛАС и проширувањето реакционерната власт на атинскиот режим врз цела територија од земјата, буржоаската влада од Атина се повеќе го засилуваше теророт над демократските организации, нивните припадници и институции во земјата. Тој факт се повеќе говореше во прилог на тоа, дека во Грција десницата која дојде на власт, не само дека не мисли да ги исполни обврските за мирен и демократски живот, туку, напротив, од ден на ден стануваше се појасно дека и парламентарните борби се исклучени.

Организацијата НОФ, својата организациона активност ја развиваше токму под горната претпоставка. На тоа ја тераа и специјалните истребувачки мерки на грчките власти спрема македонскиот народ и нејзиниот статус на илегална организација. Речено е дека организацијата на НОФ, уште пред да го добие своето формално име, во времето кога делуваше како “Политичка комисија за Егејска Македонија”, имаше свои заднински организатори и разви жива организациона активност. Но по потпишувањето на спогодбата во Варкиза и проширувањето власта на атинскиот режим на целата територија на Егејска Македонија и воедно со тоа на преземање истребувачки мерки во однос над нашиот народ, организационата, политичката и воената активност на НОФ силно се зголемува и добива поодредена физиономија. Во тоа време, всушност се одржува и споменатиот состанок на Политичката комисија за Егејска Македонија од април 1945 година и конституирањето на НОФ. Во Воденско, Леринско и во Костурско во текот на 1945 година се формирани одбори на НОФ речиси во сите македонски села и по градовите. Исто така поставени се организациони бази во многу села во Ениџевардарско, Гуменичко, Негушко и во одделни реони во Источна Македонија. Во споменатите окрузи во Воденско, Леринско, Костурско и Гуменичко организациите располагаат и со свои раководства и доволен број илегални професионални работници на организацијата. Извршена беше организациона

поделба и формирани организациони комитети не само на НОФ, туку и на НОМС и АФЖ.

Правилна претстава за цврстината, авторитетот и влијанието на НОФ не може да се има ако таа се сфати само како фронтовска организација. Таа кај Македонците беше единствена организација која со своите политички ставовои се спротивставуваше на ставотите на КПГ и успешно ја ширеше својата организациона мрежа и политичко влијание.

Основа за тоа и даваше моралнополитичката расположба на масите и неуморната и самопрегорна борба на нејзините организатори на теренот, кои не жалеа труд и жртви. Во текот на 1945 и 1946 година до спогодбата со КПГ, организацијата беше во состојба на свој повик да го крене во борба целото членство. Но, како што ќе видеме, ако за таков повик организационо и политички беше подготвен НОФ, не беше КПГ. Просто неприродно организацијата мораше да го запира развојот на вооружената борба, токму поради усогласувањето на својата политичка линија и акции со линијата и акциите на КПГ.

Еве примери за таквите настојувања, судрувања со раководителите на КПГ и движење во склоп на овие противречности.

Поради објективните услови во кои се одвиваше организационата активност во Егејска Македонија, а заради потребата од интензивна организациона активност со цел за кратко време да се опфати целиот терен и да се зацврсти организацијата, беше неопходно да се ангажираат голем број организатори. Бројот на кадрите во секој окург, во текот на 1945-1946 година на професионалната заднинска работа изнесуваше 20 до 30, па и 40 души. Сите овие работници-илегалци беа вооружани, и тоа не само со пиштоли, туку во повеќето случаи со шмајзери и пушки. Покрај нив, за сузбивање на теророт од вооружените регуларни и нерегуларни чети на грчкиот режим, организацијата се најде принудена да формира вооружени групи. Такви групи постоеја во Лерински, Костурски, Воденски, Гуменички, Енице-Вардарски округ. Но,

специјално по прашањето на вооружените групи, нивната задача и перспектива се доаѓаше до најголеми расправии со раководителите на КПГ. Самите групи тежеа да растат за полесно да ја извршуваат својата задача и да се пресметаат со непријателот. Наклоноста на Организацијата НОФ и нејзиното членство беше за истото становиште. Но, тука недостигаше согласноста одозгора. Групите не можеа да вршат мобилизација на нови борци, поради тоа што тоа беше сврзано со општиот став за перспективите на движењето во општогрчки размери, во склад со ставот на раководството на КПГ. Оружје, пак, на теренот иако имаше, тоа беше во рацете на организациите на КПГ и не им беше достапно на групите на НОФ и воопшто на нивните организации. Ете зашто вооружените судрувања на партизанските групи на НОФ со непријателот во текот на 1945 година беа ограничени. Заднинските организатори на НОФ на теренот, беа за решителен замав на вооружената борба и во своите извештаи постојано укажуваа на тоа. Во еден свој извештај до Главното раководство на НОФ, секретарот на Леринскиот округ со псевдоним Сандански на 6 јули 1945 година во врска со тоа го пишува следново: "Мое мислење е дека треба да удриме порешително ако сакаме тоа што направивме во тек на еден месец да го удесетостручиме.

Грчката влада по укажување на месната реакција има намера да ги окупира најрасфрлените населени места. Затоа сега се подготвува да ги фати и граничните линии, со намера потоа да почне со општи истребувачки акции, а со цел да ги уништи нашите групи, да воспостави полициски станици во овие планински села во кои такви постоеја пред војната, за да го заплашат и оплачкаат населението како би го натерале да подлегне на маките, или да бега во Вардарска Македонија. Ситуацијата сега станува многу покритечна. Треба бездруго да ја спречиме грчката влада да ја оствари оваа цел, во спротивно ќе имаме голема загуба."

Но, поради споменатите причини – за усогласување ставот на НОФ и КПГ не само не се даваше директива ниту се преземаа мерки за јакнење на вооружената борба, туку, напротив, во август 1945 година на партизанските групи им се даде директива да ги избегнуваат вооружените судрувања со

непријателот. Како резултат на таква директива имаме засилени акции на непријателот, а опаѓање борбениот дух кај населението. Еве што во врска со тоа можеме да прочитаме во еден извештај од Џоџо од 25 август 1945 година, за положбата во Леринско.

"Од писмени и усмени излагања на Окуржниот одбор на Леринско, таму положбата во последно време е многу тешка поради големиот терор кој се врши по зголемувањето на непријателската војска и џандармеријата и воспоставувањето речиси во сите села станици, што ги храбри и најстрашливите шпиони, чиј број доста се зголеми". Во истиот извештај на крајот се вели: "Овој момент дојде Лефтер, кој ни ги даде следнити податоци: бројот на бурантарите во Леринско изнесува 2.000 и повеќе Црнци, општо околу 6.000. Вооружување: митролези, минофрлачи, артилерија, тенкови – заседнати се од Даулот до Кајмакчалан, каде што се закрепуваат и ги прават патиштата.

Невозможно е минувањето и затоа нема да го пратиме Ивана и Живко, но ни јас нема да одам. Ќе го чекам овде Тане, кој осум дена е одвоен и се очекува да дојде идниот ден. Имаат забрането секакво движење на Македонците. Овците ги симнаа од планините и не дозволуваат никому да се движи по планината, а истовремено ги горат и шумите. Ноќта ги запечатуват куќите на Македонците за да не излегуваат. Оној што успева да извади дозвола да оди на нива, му го мерата лебот.

Групите имаат стигнато до положба да напаѓаат за да се снабдат со леб. **Јас испртатив курир и им јавив да не напаѓаат по никаков начин**". (подвлекол Н.П.).

Значи оценката во извештајот на "Сандански" од јули за намерата на грчката влада, се обистинува. Но, исто така од цитираниот извештај на Џоџо гледаме дека на партизанските групи им беше забрането да напаѓаат, па дури и по цена да останат гладни.

Во еден свој извештај од 22 август 1945 година на Тане Наумовски до Главното раководство го пишува следното за ситуацијата на теренот:

“Во Кајларско цели фамилии – мажи и жени Македонци секојдневно ги одвлекуваат за Тесалија, а од таму не знаеме каде ги носат. Во Соровичка околија е забрането слободното двиижење на луѓето. Во планините е тешко да остане човек, а во Леринското поле исто така. Ве молиме да донесете решение што ќе биде до 1. IX. 1945 година. Затоа што не можеме да останеме тука. Населението почна да се плаши од големите сили и од шпионите – шпионите зедоа голем кураж.

... Секој ден ни поставуваат заседи, затоа што шпионите се организирани. Ние по нив не пукаме, затоа што немаше право, а тие тоа го знаат и почнаа дури по планините да не гонат. Кога пукаме по нив, тие бегаат”.

Низ сите извештаи од теренот во овој период блика едно исто: “Оружје и знак за јакнење на вооружената борба”. Тоа беше резултат на објективната ситуација. Но недостигаше усогласување на ставовите на КПГ и НОФ. Но независно од тоа, вооружените судрувања на македонските партизански групи со оружените сили на атинскиот режим датираат непосредно по нивното доаѓање во Егејска Македонија по спогодбата во Варкиза, уште од пролетта и летото 1945 година. Таквите судрувања ги одбележуваа и режимските весници во Грција. Така, на пример, во солунскиот весник “Македонија” од 18 јули 1945 година читаме: “Бугарска банда со митралез нападна на сојузнички автомобил. Ранети се четири лица”.

Лерин, - вооружена банда Бугари од заседа, на патот Лерин – Солун до селото Горничево, со митралез пукаа на сојузнички автомобил, при што беше убиен еден Англичанец, а тројца беа ранети. Исто така ранета е и Марјанти Сиому, која со истиот автомобил патуваше за Солун.

Сите бандити беа Бугари, вооружени со автоматски пушки и носеа руска ѕвезда”.

Понатаму во написот се донесува изјавата на управителот на Лерин, кој за нападот ги обвинува “лошите соседи.”

Во солунскиот весник “То фос” од 21 јули 1945 година читаме:

“Во Западна Македонија почна систематски напад на бугарокомунистички банди против џандармериски станици.

Во Западна Македонија бугарокомунистички банди почнаа страшна акција против грчката џандармерија.

Така во селото Кономлати – Руписко, банда од повеќе групи го опколи селото и со минофрлачи ја бомбардира џандармериската станица. Истовремено побараа да го напушти селото. На џандармеријата и појде од рака да ги одбие бандитите.

Друга банда ја нападна станицата во село Загоричани Костурско. Џандармеријата ги изгони бандитите кои се повлекоа во блиските планини”.

Такви написи можеа да се сретнат во сите грчки режимски весници, кои намерно ја изопачуваа вистината. Вооружените групи од месното македонско население кои се кренаа со оружје во рака да ја бранат честа и достоинството на својот народ од варварските напади на грчките монархофашисти ги нарекуваа “Бугари”, за да ја обманат и заблудат грчката и не само грчката јавност. Меѓутоа, како што е напред изнесено, теророт над македонското население не ја остави незасегната и најзафрлената селска колиба, каде што грчките монархофашисти можеа и ја проширувааа својата власт. Отпорот дојде како резултат токму на тој терор и на стремежот на македонскиот народ да осигура услови за снослив човечки живот.

Од изнесеното до сега може да се извлече заклучок дека вооружената борба како претходник на вооружената борба на Демократската армија, ја поведоа македонските партизански групи на НОФ, како резултат на една објективна потреба – “особен вид на политичка борба”. Ова треба да се истакне поради две причини: прво, за демократската јавност дека на

македонскиот народ вооружената борба му беше наметната во одбрана на своите легитимни права на слобода и човечки живот. Второ, за историската вистина, дека вооружениот отпор не почна во Литохоро 1946 година, како што тоа сака да го прикаже раководството на КПГ.

# ГЛАВА СЕДМА - ОДНОСИТЕ НА НОФ СО КПГ

## 1. **Разногласијата меѓу раководството на КПГ и НОФ**

Ставовите за вооружена или политичко-парламентарна форма на борба, што беа основата за разногласието меѓу НОФ и КПГ, за ситуацијата во Грција повлекуваа низа последици. Придонесуваше, што е најважно, за колебањето кај НОФ дали да ја засили вооружената борба или не, а и по низа други прашања секогаш да зазема став на исчекување за да види како ќе постапи раководството на КПГ. Така беше по основното и судбоносно прашање за јакнењето на вооружените одрди; така беше по прашањето за стапувањето на повиканите Македонци во редовите на монархофашистичката армија за отслужување на кадровскиот рок; така беше по прашањето на парламентарните избори од март 1946 година и плебисцитот од септември истата година.

По однос на прашањето за одење или не во монархофашистичката војска, ставот на НОФ, во соодветност со општото гледање на ситуацијата во Грција, беше да не се оди, додека ставот на КПГ беше да се оди. Ставот на НОФ, пак, од друга страна, не можеше да биде до крај доследен, поради следното: неодѕивувањето на повикот за отслужување на кадровскиот рок, повиканиот автоматски стануваше илегалец, односно по силата на законот прогонуван и мораше да се склони во планина и да се приклучи во партизанските групи. Меѓутоа, како што погоре видовме, групите воопшто немаа таква директива, тие немаа доволно оружје, а едно време (август 1945 година) добија директива и систематски да ги избегнуваат оружените судрувања со непријателските формации. А повикувањето на регрути или мобилизација на извесни годишта и категории на воени обврзници се совпаѓаа токму со овој период. Затоа ставот на НОФ за неодење во монархофашистичката војска не можеше да има полн успех.

Во еден документ – писмо, од 9 јули 1945 година, упатено до раководството на НОФ, читаме: “денес добивме писмо од нашата заднина во кое ми пишува: во село Буф дојде проглас во

кој се вели дека на 18 овој месец треба да се јават на регрутна комисија сите младинци од наборите 1941-1945 година.

Поради тоа нашата заднина сака да му каже на народот како да постапи. Ви се молам по најбрз начин да меизвестите што треба да сториме и какво становиште да заземе нашата младина во оваа мобилизација”.

Во едно писмо со повеќе прашања од окружното раководство за Воденски округ до Главното раководство на НОФ, датирано од 7 декември 1945 година се вели: “ќе продолжиме ли со бојкотирањето на мобилизацијата во националистичката војска?” Не е напразно во врска со ова да се нагласи една многу битна работа во раководството на организацијата. **Поради двоумењето по извесни прашања, или очекување за усогласување на ставотите на НОФ и КПГ, не и достигаше на организацијата јасен, точен и определен навреме став по многу прашања во процесот на работата и раководењето.** Флагрантен пример за тоа претставува ставот по парламентарните избори во Грција. Всушност, не може да се говори за став на НОФ, затоа што таков немаше, тој можеше да се нарече “став усогласен со ставот на КПГ”.

Парламентарните избори, како што е речено во првиот дел, се одржуваа фактички во услови на граѓанска војна во земјата, во услови на масовно прогонство на сите демократски настроени граѓани, во услови на политички хаос и беззаконие. Ставот по изборите нормално требаше да произлезе од основниот став: дали ќе се поведе вооружена борба или не. И бидејќи ставот на НОФ беше за вооружена борба, тогаш за став по изборите немаше што да се мисли. Но од наведените причини тој став требаше да се усогласи со ставот на КПГ, и се додека КПГ не го објави својот став, а тоа го стори кратко време пред изборите, НОФ не заземаше определен став.

Како што е извесно, ставот беше да се апстенира од изборите и тој став НОФ со успех го спроведе. Но, од интерес е да наведеме некои факти од предизборниот период. Меѓу задачите поставени на својата седница од 1 февруари 1946 година, Окружниот одбор на Воденски округ под наслов “Политички

задачи” во точка 9 се вели: “Ќе треба да извадиме изборни книжици, дали ќе гласаме или не уште не знаеме. Тоа ќе зависи од условите, но ќе треба да го проучиме прашањето за да најдеме погодни луѓе, верни Македонци и со авторитет, за кандидирање”.

Во насловот “Решенија”, под точка 5 се вели: “Да ги истакнеме во првата половина на месецот кандидатите за народни претставници”.

Значи, се вршеа сите подготовки за евентуално учество во изборите. Во едно свое директивно писмо до организациите, датирано од 1 март 1946 година, окружното раководство на НОФ, го поставува прашањето за изборите: “Во врска со изборите ставот ќе биде следниот. Ние ќе учествуваме само во вистински слободни избори. Неопходен предуслов за тоа е владата на Софулис да си даде оставка која е одговорна пред народот и земјата. Да се формира коалициона претставничка влада, со широко учество на демократските сили. Не само учество на ЕАМ во владата на Софулис. Тој став ние не го подржуваме, туку наполно сменување на владата на Софулис и формирање на широка демократска, претставничка влада. Исто така неопходен предуслов за слободни избори е повлекувањето на Англичаните од Грција, кои се орган на англиската империјалистичка политика и грчката плутократија.

Следователно, прво и неопходно е повлекувањето на англиските војски, урнувањето на владата на Софулис и коалиционата влада. Покренување, значи, прво на сите наши сили и безмилосна борба за тоа и потем покренување нашите сили за изборите.”

Ќе го наведеме и следниот став од споменатото директивно писмо, бидејќи е доста карактеристично.

“Црниот фронт подготвува монархофашистички пуч. Нашиот став треба да биде определен. Ако ЕАМ и другите демократски странки во таков случај пројават вооружен отпор и ние масовно вооружено ќе учествуваме во демократскиот фронт на отпорот. Во спротивен случај, бидејќи НОФ нема услови да држи сам

проширен воен фронт на отпор, ако не се прошири и во останатата Грција, тогаш ќе се ограничиме на одделни спротивставувања со вооружена народна самоодбрана, во случај кога ќе бидеме нападнати (значи народот и ние) со оружје од црниот фронт и во случаи на субверзивна акција, бидејќи начелно веруваме дека ЕАМ вооружено ќе се спротивстави во случај на опасност од монархофашистички пуч. Затоа и ние треба да сме готови да се најдеме на страната на демократските сили.”

Ги наведов овие два цитата за да му стане јасно на читателот како организацијата во тој период го поставуваше проблемот. Од изнесеното јасно се гледа дека битката се водеше околу политичкото прашање на изборите, во кое демократските сили заседоа негативен став во надеж, дека изборите ќе бидат пропаднати и дека ќе бидат одржани нови избори, под услови кои ги поставуваше ЕАМ. Таквата претпоставка се покажа наполно нереална, зашто како десницата во Грција, така и нивните господари во странство, беа свесни каде би ги одвело таквото решение. Покрај тоа, недовидлива се покажа и претпоставката дека ќе се изврши некаков пуч од класичен тип, па во таков случај “да сме готови за сопротива”.

Треба да се одбележи дека во ова време беше занемарено јакнењето на вооружените партизански групи, иако се зборуваше и за можен пуч – што се споменува и во вториот цитат. Таквиот став и кај НОФ беше резултат од влијанието на мислењето на КПГ, бидејќи во тоа време контактите меѓу раководителите на КПГ и НОФ на теренот беа почести, а единствениот став по изборите ги зближи за заеднички акции.

Ситуацијата по изборите нагло се влошува. Имено, десницата го засилува до нечуени размери теророт над демократските граѓани кои апстинираа на изборите. КПГ зазема став да исфрли партизански групи. Еве што во врска со тоа пишува секретарот на Леринскиот округ на НОФ Лазар Поп Лазаров до Главното раководство на 12 април 1946 година: “Дојдов во контакт со ОК на КПГ за Леринско, кој ми стави до знаење дека по решението на Политбирото на ЦК КПГ пренесено од Покраинскиот комитет, ОК за Леринско ќе исфрли четири

партизански групи на леринскиот терен, за да одговори на нападот на монархофашистите и со перспектива за подготовка за развој и пошироко востаничко движење во Грција. Бидејќи организацијата НОФ во Леринско стана масовна и цврста, преминувајќи ја кризата, а тоа го покажа во битката на апстиненција, затоа се принудија да ја побарат нејзината помош во новата форма на борба што ја поставуваат. Сакам да го изложам развојот на ситуацијата овде, дали ќе треба да ја промениме тактиката, да ги решиме овде техничките тешкотии. Значи и ние ќе исфрлиме партизански единици, како ќе ги вооружиме и да ја прочистиме нашата тактика".

Во задачите од состанокот на Окружниот одбор на НОФ за воденски округ од 15 април 1946 година под точка 5 се вели: "да го засилиме со сите средства во луѓе и материјали нашето партизанско движење". (Наведов повеќе примери од Воденската организација која беше најактивна и постојана бидејќи постојано беше раководството – Вангел Ајановски и Мирка Гинова).

Значи, по изборите заземен е усогласен курс од КПГ и НОФ за јакнење на вооружената борба. Но, тоа, пак, не значи дека раководството на КПГ се определи за вооружено востание. Ние развојот на работите ги видовме и во првиот дел од овој напис. Тој став имаше одраз и врз ставот на НОФ, оти во ова време беа почнати преговорите за спогодба. Одраз на таквиот став беше и решението за учество во плебисцитот од септември 1946 година. Но и плебисцитот покажа дека на грчката десница демократските форми за парламентарни избори и плебисцит – и служат само како измама пред надворешмиот свет. Така по плебисцитот дојде дефинитивно до спогодба на КПГ и НОФ, што стана основа за силен поттик на вооруженото востание во Грција.

## 2. **Спогодбата меѓу НОФ и КПГ**

Интерисите на борбата бараа полна согласност по сите прашања од борбата, полна усогласеност на мислењата и акциите на КПГ и НОФ. Тоа стануваше поочигледно-императивно со течение на времето, со заострувањето на

кризата и се поширокото разгорување на граѓанската војна. Но, да се дојде до спогодба требаше да се пребродат голем број пречки. Не беше доволна само единствената оцена на ситуацијата и единствен став по прашањето на формата на борбата која треба да се поведе во земјата, кои ги разделуваше КПГ и НОФ, но кое беше решено со промената на ставот на КПГ за потребата од вооружена борба. Требаше да се реши прашањето на односите меѓу организацијата на НОФ и КПГ, нејзиниот статус, прашањето за развојот на партизанските единици итн. За сите тие работи беше тешко, како што ќе видиме, да се постигне спогодба до толку повеќе, што поради лошото искуство во минатото кај Македонците и НОФ владееше голема недоверба. Од друга страна двегодишните разидувајња беа проследени колку со една принципиелна, толку и една непринципиелна кампања, општи и лични навреди. Раководителите на КПГ развија широка кампања во текот на 1945 година против организацијата НОФ така што пресвртот не можеше лесно да се направи.

За да се избришат и заборават непријателствата, откако стана очигледно дека тоа само на класниот и општ непријател може да му користи, се дојде до решението за спогодба и обдинување, требаше од двете страни да се направат максимални усилби на добра волја, а од страна на раководителите на КПГ, како раководна организација, да се преземат и такви мерки кои навистина немаше да остават никакви сомневања кај НОФ и македонскиот народ за намерите и искреноста на раководителите на КПГ. Меѓутоа, случајот на беше таков. Раководството на КПГ не му пристапи на ова прашање комунистички. Кога еднаш се дојде до констатација дека НОФ е реален факт без кој не може да се замисли учеството на македонскиот народ во зедничката борба против општиот непријател – грчката контрареволуција и странските интервенти, требаше да ја признае целата беспринципиелност на дотогашниот однос спрема НОФ, и не само да ја признае, туку со натамошните мерки да докаже дека се откажува од таквата политика, само тогаш можеа да се очекуваат плодни резултати од спогодбата.

Кога раководството на КПГ се согласи со потребата од постоењето на НОФ во Егејска Македонија, а се согласи да разговара со нејзиното раководство и да постигнат спогодба, требаше да биде доследно и искрено према НОФ. Затоа што во случајот не се работи за некоја идеолошки и класно туѓа организација и привремен сопатник на КПГ, ами за една народна, национална организација раководена од социјалистичките принципи, со определена цел во тој правец. До толку повеќе беше потребно раководството на КПГ да му пристапи на горниот начин по тоа прашање, затоа што дотогашното непријателство и ставот по македонското национално прашање од темел ја разниша довербата на македонскиот народ во раководството на КПГ и самата Комунистичка партија на Грција како таква. Токму затоа македонскиот народ од Егејска Македонија се собра така масовно и цврсто околу својата организација и смело ги бранеше нејзините принципи. Затоа, раководството на КПГ требаше да води сметка за тие факти ако искрено, без задни намери и револуционерно гледаше на тоа прашање.

За успехот на борбата против општиот непријател, за поуспешно организирање на широките Македонски маси и за закрепување на довербата на македонските маси спрема КПГ, беше нужна една таква политика спрема НОФ, која ќе значеше олицетворние не само на формалната, туку и вистинската независност на организацијата, нејзиното идејно и организационо јакнење и афирмација на оној раководен кадар кој дотогаш веше застанат на чело на организацијата, кадарот кој идеолошки му припаѓаше на НОФ. Но раководителите на КПГ не постапија на горниот начин ами спротивно. Тие ја гледаа потребата од спогодување и обединување со НОФ во вооружената борба која се повеќе се разгоруваше. Но токму затоа што ова беше станало нужда, од која не можеше да се избегне, бараа НОФ безусловно да се стави под раководство на КПГ.

Контакти за заеднички политички акции на КПГ и НОФ постигнати се уште за време на парламентарните избори во март 1946 година, а по тоа и за некои воени акции на теренот. Но тие контакти беа одржувани на теренот за конкретизирање

на тактичките задачи. До средба на претставник на Главното раководство на НОФ со секретарот на КПГ, кога веќе беше постигната начелна согласност за обединувањето, дојде дури во летото 1946 година. Согласно на таа начелна спогодба, членовите на Главното раководство на НОФ се заложија да ги спроведат тие решенија во живот.

Во втората половина на септември 1946 година Марко Вафијадис, тогаш партиски функционер, подоцна командант на Демократската армија и претседател на Привремената демократска влада, на раководството на НОФ му ги соопшти условите врз кои требаше да се врши обединувањето.

Условите се состоеја во следното:

1. Да се расформираат постојните македонски партизански групи и борците да се приклучат кон одредите на ЕЛАС. Бидејќи според мислењето на КПГ постоењето на македонски партизански групи ја слабеат контролата на Партијата над нив, (пред два месеци при начелната спогодба, КПГ се согласуваше во Егејска Македонија да постојат посебни македонски единици со свои штабови, а таму каде би имало и грчки единици, да се формираат заеднички повисоки штабови).

2. По прашањето за составот на раководствата и командите на воените единици КПГ си го задржуваше правото да постави “добри команданти” во кои има полна доверба КПГ. Тие можат да бидат Грци, а пак групите што ќе ги водат, да бидат наполно составени од Македонци, ако Партијата ги најде за погодни – беше ставот на КПГ.

3. По однос на кооптерањето Македонци од НОФ во раководството на КПГ во македонските провинции кое можеше да биде како израз на одредено влијание на НОФ во раководството, ставот на КПГ гласеше: “не мора во македонските области меѓу раководните партиски органи да има бездруго и Македонци раководители. Важно е кои се поспособни и кои имаат повеќе доверба во Партијата”.

Лесно може да се замисли, на основа таквите ставови на раководителите на КПГ, каква можеше да биде положбата на НОФ, на Македонецот – борец во редовите на ДАГ и судбината на македонскиот народ. Тоа беше положба на една подредена организација, на нерамноправен борец и судбина на македонскиот народ во целина исполнета со неизвесност.

Со споменатите услови не можеше да се согласи ни последниот член на организацијата НОФ и вооружен македонски герилец, но сепак таа спогодба конечно беше спроведена.

Другарите од НОФ, кои беа добиле задача да го спроведат првобитниот договор (тој од јули 1946 година), кога отидоа на теренот наидоа на други ставови, се сретнаа со студенот натисок од претставниците на КПГ.

На 25 август 1946 година беше одржан состанок меѓу претсавници на Окружниот комитет на КПГ за Леринско и преставници од раководството на НОФ на планината Вич. На тој состанок претставниците на НОФ настојуваа да се спроведе првобитната спогодба, но претставниците на КПГ одбиваа. Тие не се согласуваа да се создаде заеднички штаб, туку бараа македонските единици да се расформираат. Командниот кадар на партизанските единици ќе требаше да го одреди КПГ, а НОФ ќе требаше да престане да има било какво влијание во војската – беше ставот на претставниците на КПГ.

Ист беше случајот на планините Кајмакчалан и Пајак. Еве, што во врска со тие тешкотии се вели во извештајот на Главното раководство на НОФ од 27 септември 1946 година:

“1. Во Пајак (еницевардарско и Гуменичко) претставник на КПГ е другарот Статис. Овој другар како услов за соработка и заедничка дејност во воените единици го постави растурањето на македонските групи и нивното сврстување во грчките. Нека се одбележи дека таму 115 партизани се повеќе наши и 100 Грци под команда на Статис. Неговиот предлог не беше примен од другарот Павле Раковски и тој тогаш се закани со прекинување на секакви односи и оттогаш наваму не сака никакво соработување. При сето тоа, по наредба на другарот

Павле Раковски, нашите јавки и организации го опслужуваат, бидејќи во овие места нема други организации освен на НОФ, кои правилно функционираат.

Истиот другар, борците на НОФ ги нарече предавници на КПГ и органи на Охраната и на Интелиџенс-сервис и отворено го проповедува ова со јасна цел да посее смут и фанатизам меѓу грчките маси...

2. Другарот Панос е инструктор на Покраинскиот комитет во околиите Воден, Енице Вардар, Гуменице, Негош. Овој другар пред неколку дена стигна на Кајмакчалан каде што македонските партизани се 200, а Грците 30 и се обиде да ги растури македонските групи, заплашувајќи го Џоџо дека ќе треба да се потчини. Истовремено отворено ги напаѓаше кадрите на НОФ дека се влијаеле од КПЈ и дека тоа нема да им излезе на добро.

3. Другарот Тасо инструктор на Покраинскиот комитет за Западна Македонија, Костур, Лерин, Гревена, Кожани, во разговор и состаноци што ги имаше со разни другари кажа дека не гледа никаква причина да постои одделна антифашистичка организација на Славо-Македонците т.е. НОФ. Неговото мислење било да се растури "и сигурно ќе се растури", а пак Славо-Македонците да влезат во грчките антифашистички организации...

4. Другарот Фотис Пападимитрију, секретар на Окружниот комитет на КПГ на еден состанок што го имал со другарот Павле Дувалевски, член на Окружниот одбор на нашата организација за Костурско, во доверба му предложи да го напушти НОФ и да премине во ЕАМ и во КПГ. Му рекол дека во таков случај ќе биде член на Окружниот комитет за Костурско. "На овој начин ќе се распаднат НОФитите и ќе се растурат" – рекол тој, јавува другарот Дувалевски. Истиот Фотис конспиративно пропагира, Македонците да не се организираат во НОФ, а пак јавно агитира дека не било задолжително Македонците да се организираат во НОФ."

Цитирав поголем дел од овој извештај, затоа што има директна врска со крајот на оваа драма на македонскиот народ. Тој не беше сојузник во борбата, ами просто се третираше како неплатен наемник. Може ова да звучи чудно, но тоа беше така!

Како што се гледа од изнесеното, раководителите на КПГ од првиот момент сакаа потполно да го обезглават македонското движење. Тие не сакаа да допуштат македонски партизански групи т.е. не сакаа да остават во рацете на НОФ сила. А без воена сила во условите на вооружена борба, организацијата НОФ можеше да претставува само послушен орган.

Раководителите на КПГ од првиот момент и непосредно до повлекувањето на Демократската армија и крајот на вооружената борба во Грција, систематски работеа врз подривањето на организацијата на НОФ, на лишувањето од каква и да е независност – лушувањето по тој начин, во суштина, на организацијата од нејзината душа. Македонските партизани во редовите на ДАГ беа обесправени и спрема нив се вршеше дискриминација. Специјално се омаловажуваа оние Македонци кои како припадници на НОФ, кога тој делуваше во несогласност со КПГ, се истакнаа со својата дејност за развојот на организацијата и мобилизација на македонскиот народ во борбата против своите непријатели. Но, и покрај тие сериозни недостатоци и слабости, по спогодбата и по одлучниот курс за вооружена борба, имаме широк замав на востанието. Пролетта 1947 година, имаме ослободени цели реони во Егејска Македонија. Годината 1947 мина под знакот на успон на революцијата во Грција, а тоа особено беше видливо во Егејска Македонија.

### 3. **Првиот конгрес на НОФ**

И покрај сериозните слабости на демократското движење и во односите на КПГ и НОФ, вооружената борба во Грција по спогодбата, доживеа врз развој. Силите на атинскиот режим пролетта 1947 година, под притисокот на се посилните удари од партизанската војска, се најдоа принудени да евакуираат цели реони и да се концентрираат за одбрана во градските и сообраќајните центри. Така, на пример, пролетта 1947 година

беше евакуиран реонот на Преспа, кој со масивот на планината Вич до Грамос, стана поврзана слободна територија. Планинскиот масив на Кајмакчалан, Џена и Пајак, исто така беше слободен. Слободен беше и масивот на Каракамен (Вермион). Во Источна Македонија исто така беа создадени слободни територии. Вооруженото востание успешно се ширеше и во цела Грција, Централен и Јужен Пелопонез и на островите.

Учеството на македонскиот народ беше сенародно. Тоа создаде благопријатни политички услови на 13 јануари 1948 година да се одржи Првиот Конгрес на НОФ и да се донесе Програма и Статут на организацијата.

До Конгресот во редовите на Демократската армија имаше вкупно 10.147 партизани Македонци 9.477 мажи и 670 жени.

Организацијата располагаше со професионален заднински организатори од 25 мажи и 12 жени окружни организатори; 61 маж и 23 жени реонски организатори и 16 мажи организатори на сектори. Организацијата издаваше свој печата и тоа: “Непокорен”, орган на Главниот одбор на НОФ, весникот “Победа”, орган на Воденскиот округ, весникот “Зора” орган на Леринскиот окург и весникот “Единство” орган на Костурскиот округ. Економски организацијата исто така стоеше многу добро (според податоците на рефератот поднесен на I Конгрес на НОФ).

I – Што е НОФ?

Конгрес на НОФ, исто така беше историски настан во борбата на Македонскиот народ за слобода, по тоа што на него беа донесени два историски документи: Програмот и Статутот на организацијата.

Под наслов “ПРОГРАМ”

НА НАРОДНООСЛОБОДИТЕЛНИОТ ФРОНТ (НОФ) НА МАКЕДОНЦИТЕ ОД ГРЧКА МАКЕДОНИЈА”, објаснети се идејните основи и условите во кои се појави организацијата,

основите и посебните цели на вооружената борба. Еве некои карактеристични поставки на Програмата:

“Народноослободителниот фронт (НОФ) се појави како сенародно антифашистичко движење на македонскиот народ, внатре во условите на отворената интервенција на англоамериканскиот империјализам во внатрешните работи на нашата земја и варварскиот напад на монархофашизмот против демократските сили во земјата и особено против македонскиот народ. Народноослободителната борба што ја водеше во последните години македонскиот народ, заедно со народните антифашистички сили на грчкиот народ, против политиката на националното угнетување, која ја води владеачката капиталистичка олигархија на товар на македонскиот народ. Исто така таа е продолжение на борбата што ја водеа заеднички – грчкиот и македонскиот народ против фашистичката окупација.

II - ОСНОВНИ ЦЕЛИ НА НОФ

1. Независнот – демократија.

Англискиот империјализам со вооружената интервенција во декември 1944 година, ја згази националната независност и демократијата на нашата земја и го натури монархофашистичкиот режим на терор, насилие и уништување на народот во Грција. Македонскиот народ особено ги чувствува уништувачките големогрчки мерки и варварското физичко истребување од страна на монархофашистичка големогрчка реакција. Народноослободителниот фронт (НОФ) како главна цел има, на чело на Македонскиот народ и во борбен сојуз со грчкиот народ, да се бори за независност и демократија во нашата земја.

Ова е борба за спасување на нашиот народ, борба за национално и физичко постоење. Ова е борба за слободен национален културен развиток, за слобода и за правата на нашиот народ во рамките на Демократска Грција.

Ослободувањето на Грција и народнодемократското разрешување на грчкото прашање, цел за која се бори грчкиот народ во редовите на сенародниот и демократскиот фронт (ЕАМ), ја претставува истовремено политиката и стремежите на НОФ. Мирот нормализацијата и слободнодемократскиот развиток на нашата земја – работи за кои се бори ЕАМ, се основни барања на НОФ.

2. Национална рамноправоност

Извојувањето на националната рамноправност и признавањето на националните права на нашиот народ ја составува втората основна цел за која се бори Народноослободителниот фронт (НОФ).

Реализирањето на националната рамноправност, му ја гарантира на нашиот народ и на другите малцинства што живеат во нашата земја, возможноста да ја сочуваат и развијат својата национална култура, јазик, училишта, сите права и обичаи и нивните национални и народни добра. Овие се демократските права кои ги бараше секој пат нашиот народ со неговата борба и за кои грчкиот народ смело се бори и ги заштитува...”

Во III глава истакната е потребата од единство во борбата на грчкиот и македонскиот народ за успехот на народната револуција.

Во IV глава е разработен односот на организацијата спрема вооружената борба на Демократската армија и народната власт, а во глава V, и последна, разработен е односот спрема народно-демократските задачи на револуцијата во Грција и се изјаснува за решавање на општествено-економските и социјалните проблеми во Грција.

Како што се гледа, акционата програма на НОФ е наполно во соодветност со барањата на демократското движење во Грција, а посебното е во тоа што ги поставува основните демократски права на Македонците како посебна националност. Впрочем,

тоа е израз на настојувањата на Македонците, нивните акциони цели да бидат сместени во реалните услови на времето.

Статутот на НОФ од Егејска Македонија донесен на I Конгрес ги содржи сите начела на една општофронтовска организација, но во услови на вооружена борба и со нагласен демократски централизам што е од посебно значење. Од посебна важност е фактот што преку овие документи се еманципираше борбата на македонскиот народ.

I Конгрес на НОФ имаше, како што е природно, благопријатно влијание врз вооружената борба на македонскиот народ. Во решенијата донесени на Конгресот за наредните задачи како централна цел е поставена максимална мобилизација на сите сили во редовите на Демократската армија и во служба на вооружената борба. И навистина, организацијата НОФ ги вложи сите свои сили доследно да ја исполни таа задача. Непосредно по Конгесот беа мобилизирани нови борци, мажи и жени, членови на НОФ, во редовите на ДАГ и нивниот број достигнува до 20.000 борци и тие биваат испраќани на фронтот не само на македонска територија, туку длабоко на југ во Грција.

Меѓутоа на I Конгрес на НОФ, покрај крупните постигања, на организацијата и беше нанесен сериозен удар. Удар кој ќе го отвори патот организацијата наполно да се потчини на волјата на Захаријадис и од раководството да направи послушен инструмент уште во текот на борбата, а подоцна во емиграција, да ликвидира секаква самостојност на македонското движење.

При самата спогодба меѓу КПГ и НОФ, се истакна проблемот на односите, односно местото на организацијата НОФ во револуцијата. Исто така ги видовме и настојувањата на КПГ од НОФ да направи потполно зависен орган без и најмала политичка и организациона самостојност. За да го осигураат и тоа раководителите на КП не можеа да се задоволат само со така поставените организациони и политички односи, туку сакаа, пред се организацијата да ја освојат од внатре. Да ги освојат раководствата на организацијата: Главното и окуржните, по пат на инфилтрирање во овие раководства луѓе

довчерашни полемичари на идејата на НОФ. За таа цел раководителите на КПГ систематски го деградираа кадарот на НОФ. **Може слободно да се рече дека за критериум во издигнувањето, и во војската и во политичката организација, не се земаше оданоста кон револуцијата, ами дали е тесно поврзан со КПГ или е идеен припадник на НОФ.** Таа тенденција од раководителите на КПГ не можеше да се скрие од членството и од кадарот, затоа што често и јавно се манифестираше, доаѓаше до мали или поголеми инциденти итн. и на тоа слично. Кај членството на НОФ земено во целост во политичките организации и во војската – отпорот на таквата политика на раководителите на КПГ беше спонтана. Не требаше некој да го поттикнува па тоа да се види. Тоа беше резултат од дотогашното искуство и историјата на лоши односи.

На Првиот конгрес на НОФ, оваа тенденција на раководителите на КПГ дојде до полн израз. Тие се погрижија да уфрлат во раководството луѓе како Маљос, Госопулос и други, кои не само што немаа ништо заедничко со НОФ и националните стремежи на македонскиот народ, ами напротив беа познати полемичари на идејата на НОФ. Од делегатите на можеше да се скрие фактот дека раководителите на КПГ сакаат да наметнат во раководството на организацијата луѓе доверливи на КПГ, а да го дезавуираат дотогашното раководство на НОФ. [6. Главното раководство на НОФ до I Конгрес од јануари 1948 година произлезе од Политичката комисија за Егејска Македонија, но во него не беа вклучени сите членови, туку само четворица: Михаил Кирамитчиев (претседател), Паскал Митревски (секретар), Павле Раковски и Џоџо Урдов – членови и некои новокооптирани.

Слабостите на ова раководство се состоеше во тоа што не се умеа да ги собере околу себе револуционерните кадри и што немаше единство.

Израснат како антитеза на ставот на раководството на КПГ по македонското национално прашање, на НОФ како на младо револуционерно движење му беше потребна мобилизација на

сите оние кадри кои цврсто стоеја на платформата на ова движење и тоа од сите реони на Егејска Македонија.

Иако имаше напори од одделни членови на ова раководство да се исправат наведените слабости, се водеше сектешка и лична политика која му нанесе многу големи штети на НОФ. Не можеше да се сфати едноставната вистина дека никој не може да се наметне со својот авторитет од простата причина што движењето се создаваше од дотогаш посебни и одвоени отпори по одделни реони во Егејска Македонија и нужно се налагаше да се почитуваат сите овие "авторитети" во едно заедничко раководство. Таквата состојба во раководството – отсуството на многу одани кадри и неединството – ги слабеше позициите на НОФ во односите со раководството на КПГ, кое и самото не беше на интернационалистичка висина.

(Павле Раковски го загрижува наведната состојба во НОФ и на една седница на раководството, во јуни 1946 година, остро му забележува на секретарот и меѓу другото го истакнува следново: "Јас не го доживеав и не го познавам костурското движење, како што го доживеав и како што го познавам движењето во Воденско. Но сега дури дознавам дека од седумдесетмина претходници на нашето движење – караорманците, како што ги викаат, ниеден не бил во нашето движење".

Раковски се прашува дали е тоа "детска болест" и забележува дека ако не се промени кадровската политика "детската болест ќе не следи до старост". Според белешките на Раковски кои во оригинал се наоѓаат во Институтот за национална историја – Скопје).

Единство во тоа раководство немаше како тогаш кога НОФ делуваше во несогласност но КПГ, така и после. Единство немаше дури ни меѓу секретарот и претседателот. По спогодбата со КПГ, раководителите на КПГ ги потхрануваа овие несогласоци до таа степен, што во летото 1948 година ги исклучат од раководството како "фракционери".] Бидејќи немаше гаранција дека ќе биде изгласана предложената листа, беше потребно за кандидатите да се "проагитира". За жал се

најдоа и такви поединци од дотогашнот раководство на НОФ кои не само што не се спротивставија на оваа штетна тенденција на раководителите на КПГ, туку отворено се заложија во раководството да бидат избрани споменатите довчерашни полемичари на НОФ. На овој начин на I Конгрес на НОФ и беше нанесен сериозен удар на организацијата.

Намерите на Захаријадис и неговите истомисленици беа познати: преку уфрлување во раководството на свои луѓе, наполно да ја потчинат организацијата на НОФ на своите национално-политички цели. Овој чин е до толку повеќе за осуда што објективните военополитички услови беа поволни за НОФ да освои нови позиции, а не да ги загуби и дотогашните.

**- Политичката линија за формата на борбата не им беше дала право на оценките на Захаријадис.**

**-Над 10.000 Македонци и Македонки се бореа во редовите на ДАГ.**

**- Организацијата НОФ цврсто организирана, беше неопходна политичка потрепа во борбата на Демократската армија.**

**- Под раководството на НОФ задницата на ДАГ и слободната територија во реоните кои ги зафаќаше НОФ, беше претворена во работилница за потребите на ДАГ.**

Огромното мнозинство делегати беа вистински претставници на македонскиот народ и тие беа готови да ја поддржат секоја иницијатива која одеше на линијата да се обезбеди вистинска рамноправност на Македонците во таа борба. Но тие очекуваа иницијатива од своите раководители.

Беше време да му се каже решително “не” на Захаријадис и неговите истомисленици. Беше време не само да не се избираат во раководството на НОФ луѓе “доверливи” на раководителите на КПГ туку да се издигнат и политички и воени кадрови од редовите на оние Македонци кои ги изразуваат стремежите на македонскиот народ кој се бореше. Не смееше да се дозволи

народ кој се бори, народ кој умее да даде десет, а подоцна и дваесет илјади герилци, да нема свое воено и политичко раководство. Колку таа нерешителност и тој непринципиелен компромис се покажа кобна потврдија настаните кои уследија.

Во јуни 1948 година изби и конфликтот помеѓу Коминформ и Југославија, што остави тежок печат на демократското движење во Грција. Тој конфликт имаше влијание и на односите помеѓу КПГ и НОФ. Раководителите на КПГ и порано, кога односите помеѓу КПГ и КПЈ беа добри гледаше со недоверба на НОФ, поради односите на НОФ кон НР Македонија. А сега кога дојде до конфликтот меѓу Југославија и Коминформ ги засилија своите усилби за потполно освојување на раководството на организацијата НОФ и нејзиното ставање во потполна организациона и политичка контрола и зависност. Користејќи се со здобиените позиции на I Конгрес на НОФ со избирањето во раководството на свои луѓе, раководителите на КПГ во август 1948 година свикаа пленум на Главниот одбор на НОФ, на кој го суспендираа дотогашното раководство и на чело ги поставија своите приврзеници. Тој акт заедно со целокупната политика спрема НОФ и настанатите односи со Југославија дејствуваа негативно кај македонските борци во редовите на ДАГ. Од тој момент па се до повлекувањето на Демократската армија и по тоа односите на КПГ према НОФ минаа под знакот на потполно нејзино подјармување и дискредитирање. Дури стигнаа до положба да го обвинуваат нејзиното раководство како "одговорно" за поразот во вооружената борба.

Во тој период гледаме некои спектакуларни потези кои се во спротивност со акционите потреби, а и со практиката во односот спрема Македонците, спрема НОФ и неговото раководство. Под тој знак минаа подготовките и работата на II Конгрес на НОФ, кој се одржа кон крајот на март 1949 година и работите по Конгресот и крајот на граѓанската војна.

Во весникот "Прос ти ники", дневник на Демократската армија на Грција во бр. 12 од 27 февруари 1949 година, под наслов "Пленум на Централниот одбор на НОФ" и поднаслов "Подолу објавуваме делови од решенијата за II Конгрес на Централниот

одбор на НОФ што се состана на 3 февруари 1949 година на слободниот Вич.

На пленумот присуствуваше и генералниот секретар на КПГ др. Никос Захаријадис" меѓу другото читаме:

"5. Одлучи да се свика II Конгрес на НОФ во текот на март 1949 година. II Конгрес на НОФ ќе биде конгрес кој ќе го прокламира сенародното учество на славомакедонскиот народ во заедничката со грчкиот народ демократска борба. Мобилизирајќи ги сите свои човечки сили, економски и духовни на македонскиот народ за неговото учество во борбата на ДАГ, ќе ги прокламира огромните придобивки на македонскиот народ на национален, политички, општествен, културен и економски план. II Конгрес ќе биде конгрес на прокламирање новите програмски начела на НОФ, начела кои се вековна желба на нашиот народ, ќе прокламира соединување на Македонија во една единствена независна, рамноправна македонска држава, во народно-демократска федерација на балканските народи, што е остварување на долгогодишните крвави борби..."

Уште поспектакуларно ова беше изнесено преку радиостаницата "Слободна Грција" и при тогашната состојба на Балканот предизвика живо интересирање на јавноста и остро реагирање на атинската влада, така што Извршниот одбор на НОФ се најде принуден на 9 март да издаде посебно сооптение, кое беше објавено во бр. 23 од 10 март 1949 година во весникот "Прост ти ники" во кое помеѓу другото се вели: "Се шират гласови дека II Конгрес на НОФ се очекува да прогласи создавање на единствена македонска држава, дека таа држава ќе се приклучи кон Југославија, кон Бугарија, кон Грција или Балканската комунистичка или Демократска федерација. Нашите непријатели секој пат го одбираат оноа што мислат дека поарно им служи.

Вистината меѓутоа , е поинаква. II Конгрес на НОФ е воен конгрес, е конгрес на натамошно покренување, а не разбивач на единството. Конгрес на организирањето на победата.

Десетици илјади мажи и жени, младинци и младинки, деца и девојки на народот се бореа со пушка во рака и во заднината за слободата, за народната демократија, за полно национално востановување на македонскиот народ. Илјадници наши деца ги дадоа своите животи во оваа борба. Да ги истераме туѓинците, да ги уништиме монархофашистичките убијци, да го обезбедиме слободен и независен живот, народната демократија.

Тоа е целта на нашиот Конгрес. Никаква непријателска клевета и разбивачко подривање не може да не отклони од оваа цел.

Нашиот народ даде се за оваа борба. И како резултат на големите жртви и заедничката победа ќе биде да се здобие со своја слобода и да го уреди својот живот, државното и општествено устројство онака како тој сака – обединат со своите браќа во пријателство, соработка и заемно помагање на сите демократски народи”.

На II Конгрес на НОФ учествуваа 700 делегати. На Конгресот присуствуваше и тогашниот генерален секретар на КПГ Никос Захаријадис и генералот Карагиорис, како претставник на Главниот штаб на Демократската армија. Двајцата одржаа говори и му оддадоа високо признание на македонскиот народ за неговото учество во вооружената борба. Од Конгресот беше усвоена прокламација во која се повикуваше македонскиот народ на натамошни напори во борбата. По однос на целите на борбата во прокламацијата се вели: “Македонскиот народ со неговата борба и жртви во досегашните придобивки го прокламира своето решение да се бори за своето национално ослободување, за реализирање на слободен национален и општествен живот онака како што тој сака”. Овој став беше изнесен и во говорот на Захаријадис и како што се гледа е прилично разводнет, а ставот за прогласувањто на “независна македонска држава” објавена пред Конгресот – беше напуштен, зашто беше пресметан само во стратегијата на нападите против Југославија.

II Конгрес не ги даде очекуваните резултати.

Конгресот се одржуваше во напрегната и политичка и воена атмосфера. Вршена е и натаму мобилизација на нови сили и во редовите на Демократската армија се регрутираа малолетници, жени и стари, во тој однос се премина дури и дозволената граница, бидејќи и најопшта мобилизација на Македонците не можеше да го реши прашањето на потребните резерви на Демократската армија.

Покрај тоа, по Конгресот продолжи и се засилија неоснованите напади против Југославија и врз Македонците – борци и раководители на НОФ кои се спротивставуваа на таквата политика или не се вклучуваа во нападите против НР Македонија и воопшто Југославија. Раководството на КПГ отиде толку далеку во тој однос што и оние раководители на НОФ кои потклекнаа на притисокот и се вклучија во тие напади против раководителите на НР Македонија и Југославија, по повлекувањето на Демократската армија во Албанија ги обвини како виновници за поразот и ги изложи на понижување!

Во овој период формирана е Комунистичка организација за Егејска Македонија – КОЕМ. Но, се настојуваше раководството да се користи како оружје во рацете на тогашните раководители на КПГ. Тоа се гледа и од таму што, покрај ЦК КПГ и раководството на КОЕМ побрза да донесе резолуција против група раководители на НОФ, а фактички се изјаснуваше против НР Македонија и Југославија и на груб начин се изопачуваше вистината, така како што му конвенираше на Захаријадис. (На овој начин Захаријадис успеа да го разбие и онака ослабнатото единство во потесното раководство на НОФ, што имаше големо негативно влијание меѓу борците).

Искреноста, пак, на потезите на Захаријадис во 1949 година може да се процени кога ќе се види неговиот однос и практика кон македонската емиграција во источните земји.

Кога Демократската армија се повлече, беа ликвидирани и НОФ и КОЕМ.

Подоцна беше формирана организацијата “Илинден”. Меѓутоа, по кусо време и таа беше расформирана.

Се поставува прашањето: зашто Македонците во емиграција беа лишени од своите организации? Може ли еден народ да се бори за свои национални права без своја сопствена национална организација!

## ГЛАВА ОСМА - ПРИЛОГОТ НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО ГРАЃАНСКАТА ВОЈНА

Македонскиот народ од Егејска Македонија, поради тешкото минато под власта на грчките шовинисти и денационализатори, сфаќајќи ја војната со сојузничките сили против фашизмот како ослободителна, зеде активно учество и поднесе тешки жртви. Откако беше изневерен во своите очекување: по победата над фашистичките окупатори да добие и своја слобода, раководен од својата ослободителна организација беше способен да им се спротивстави на истребувачките мерки на властодршците од Атина, кои, заземајќи ја власта по спогодбата во Варкиза во февруари 1945 година, воведоа нечуен масовен терор над демократските сили во земјата и над Македонците посебно.

За да се заштитат животите на голоракото население уште во текот на 1945 година беа исфрлени партизански единици на НОФ. Овие вооружени единици фактички беа јадрото на вооружените единици на Демократската армија.

Половината од ефективите на Демократската армија за целото време на граѓанската војна во Грција беа Македонци. Македонците-партизани и партизанки во редовите на ДАГ не се бореа само на теренот на Егејска Македонија, туку и длабоко на југ од Грција до самата околина на Атина.

Со сопствени сили Македонците партизани создадоа слободни територии долж цела Егејска Македонија од албанската граница на запад до Тракија на Исток. За целото време на граѓанската војна, практички долж Егејска Македонија се протегаше линијата на фронтот. Слободните територии во Егејска Македонија поради географската положба како заднина на Демократската армија, беа претворени во воени работилници, каде старо и младо, машко и женско беше ставено исклучиво во служба за потребите на Демократската армија.

За учеството на Македонците во вооружената борба во Грција, еве што говорат грчките раководители на движењето:

“4. Прилогот на Славомакедонката.

Одделно место во големата борба заземаат Славомакедонките, херојските жени на славомакедонскиот народ кои со години тешко се тероризирани од фашистичката тиранија. Со уште поголемо зло и бес ги подгонија Славомакедонките фашистите од новата окупација, но Славомакедонката стои гордо и се бори, организирана во својот Антифашистички фронт – АФЖ.

Прва во целата земја паѓа од куршумите на новата окупација, Ирина Гинова, хероињата и миленичката на целиот славомакедонски народ и на цела Грција Мирка, и со својот пример го отвори патот на борбата. Со нажежани железа полицијата ги гореше двата борци:  Катина и Аспасија Срезови, за да им извлече податоци, но тие умераат без уста да отворат ... Масовна е борбата на Славомакедонката. На илјади Славомакедонки, ценени колони на борбата, тргнаа од Вич за Грамос, пешачејки со денови товарени во пламенот на огинот. 3.500 Славомакедонки работеа во изведувањето на фортификационите објекти на Вич под дожд од гранати и го направија бастион на слободата.

(Во објаснението на грчки воопште не се спомнува дека Мирка е била истакната раководител на НОФ ами стои: “Ирини Гини. Млада учителка која беше осудена од вонредниот воен суд и екзекутира во Јаница, пред плебисцитот заедно со уште шест осудени. Беше првата жена екзекутирана во поновата грчка историја. Пресудата и екзекуцијата ја следеја и многу други.”)

Го носат големиот товар на нашата борба со трпеливост и сила, секој ден ги бомбардираат нивните села, многу села напуштија зашто станаа мета на непријателската артилерија; сите домашни се на фронтот и таа нема ниту минута за одмор, и покрај сето тоа, има и други како стариот борец мајка на Јованка Мијанова, која има 6 синови и 1 керка во Демократската армија, а и самата дење и ноќе работи за борбата како млада невеста.

Карактеристични се и давачките што ги даваат за војската, го делат парчето леб, и го даруваат на Демократската армија – својот добиток, житото, својот чеиз. “Се за борбата затоа што се ќе ни донесе победата” велат тие на своите конференции.

Достојна е Славомакедонката борец и голем е нејзиниот придонес на полето на народната власт. Во Костур до последните избори во 53 народни одбори имаше 78 жени, во 15 народни судови 53 жени, 2 жени во Околискиот одбор и една во Окружниот суд, во своето решително-мнозинство Славомакедонки.

На тој начин со својата крв и борба Славомакедонките и целиот славомакедонски народ си го извојуваа правото по ослободувањето да живеат онака како тие сакаат, создавајќи својата независна државна егзистенција. [Одломка од рефератот на секретарот на Сегрчкиот сојуз на жените Рула Кукулу, одржан на Конференцијата на Сојузот од 1-3 март 1949 година.]

Еве што во тоа време велеше и самиот Захаријадис и неговите соработници:

“Македонскиот народ, особено во реонот на Вич, во борбата даде она што имаше и немаше и стана вистинска жртва. Ги даде своите деца, своите ќерки, целиот свој имот. Оваа натчовечка жртва предизвика и извесни тешкотии и треба да ги надминеме. Овие тешкотии произлегуваат од војната, од пренапрегнатоста на силите. Тоа се тешкотии на војната. Но покрај нив, имаме и други, субјективни, што ги наголемуваат и ни создаваат нови пречки. Народот овде дава се што има за борбата. Но борецот или интендантот стига до терор и тоа го разбива единството.

...Народот има и други тешкотии. Едно од тие е мобилизацијата на девојките. Сите разбирате дека никој од нас не ја гледа оваа работа со добро око. Не е правилно да ги испраќаме девојките да се осакатуваат. Не е природно, ниту е човечно, но ете таква една мерка се покажа како нужна, ни ја наложи врховниот интерес на нашите два народи, ни ја наложи борбата. Оваа мерка, поради големото незадоволство многу ја искористи и непријателот. Но во борбата за слобода треба да дадеме се. Само низ таква призма македонскиот народ треба да ја гледа погорната мерка. Да извлече нова храброст и својата болка да ја потчини на интересот на борбата.

Други тешкотии се гладот, бомбардирањата, страдањата, студот итн...” [Од говорот на Захаријадис на II Конгрес на НОФ на Егејска Македонија, објавен во дневниот весник на Демократската армија “Прос ти ники” од 30 март 1949 год.]

На II Конгрес на НОФ говореше и претставникот на Демокрaската армија генералот Костас Караѓорѓис, кој меѓу другото го рече и следново:

“Славомакедонскиот народ со својата борба, со своите жртви, со своето учество во големата ослободителна антиимперијалистичка борба на грчкиот народ, го има практички спечалено правото на самоопределување и своја слобода”. [Од говорот на Караѓорѓи на II Конгрес на НОФ, објавен во дневниот весник на Демократската армија “Прос ти ники” од 29 март 1949 год.]

Учеството на македонскиот народ навистина беше масовно придружено со тешки човечки, материјални и национални жртви. Во една ваква публикација не можат да се дадат исцрпни податоци за тоа, но ќе се обидеме со уште неколку реда тоа да го илустрираме иако целосни податоци за човечките жртви и материјалните штети немаме.

Македонците секогаш во текот на борбата претставуваа половината од ефективите на ДАГ. Ако се има предвид дека таа достигна 40.000 борци, а половината од тој состав беа Македонци, тоа значи дека 6-7% од вкупниот број на македонското население (280.000-300.000) учествувале во ДАГ, додека тој процент за Грците изнесува 0,40%. Само овој податок може да ја илустрира масовноста на усеството на Македонците во вооружените единици на ДАГ. [7. Грчките власти не признаваат дека спроти Втората светска војна, за време на НОД, и Граѓанската војна постоеле 280.000 до 300.000 Македонци. Тие во официјалните статистики ги бележат како луѓе со туѓ јазик “Славофони Грци” до 40.000, а други, пак, признаваат дека ги имало до 80.000. Ист е случајот и со изјавите на грчките официјални личности. Меѓутоа, сите објективни истражувачи на овој проблем дојдоа до констатација дека спроти Втората светска војна во Егејска

Македонија имаше 280.000 до 300.000, па дури и 330.000 Македонци. Впрочем ако нивниот број беше 40.000, па и 80,000, тогаш немаше да го дочекаат крајот на Граѓанската војна. Тие немаше да претставуваат никаква значајна сила, немаше да дадат 20.000 борци и над десет илјади жртви. Впрочем, против кого пред II Светска војна, по неа и сега се преземаат драконските денационализаторски и истребувачки мерки ако Македонците не постојат? Ако е така, грчките властодршци се Дон Кихот! Но, тоа не е така. Затоа што Македонците постојат, тие и сега создаваат пропагандни корпуси од попови и полицајци, противречат во своите изјави и водат уништувачка политика на геноцид.]

Натаму треба да се подвлече дека Македонците како национална група беа подложени на специјален истребувачки терор. Затоа, покрај жртвите дадени од вооружените борци во редовите на Демократската армија, големи се и другите маки, страданија и последици за македонскиот народ. Практично, во оваа војна не остана незасегнато ниедно македонско семејство. Веднаш со воспоставувањето на власта 1945 година, како што се гледа од изнесеното, регуларни и нерегуларни вооружени сили на власата во секое село и населено место каде што навлегуваа вршеа рации, го тепаа и го пљачкаа населението, вршеа по некое диво убиство или апсење. Кога на тоа македонскиот народ почна да се спротивставува отпочнаа масовни апсења. На илјадници изнесува бројот на Македонците што беа испратени во грчките затвори и интернации на пустите острови во Егејско Море.

Поради тоа што за целото време на траењето на вооружената борба низ Егејска Македонија се протегаа борбените линии, урнатините и жртвите од населението стануваа потешки.

Поради условите создадени од граѓанската војна, за да се избегнат жртвите од нападите на непријателската авијација во текот на 1948-1949 година, беа евакуирани илјадници деца од Егејска Македонија во соседните и подалечните источно-европски земји. Некои од овие деца беа на едногодишна возраст и не ги познаваа своите родители. И денес се уште има деца кои не се сретнале со своите родители.

Во текот и пред крајот на граѓанската војна во 1949 година настана масовно емигрирање. Бројот на емигрираните во Југославија и источноевропските земји надминува 50.000 Македонци кои зад себе го оставија сиот подвижен и неподвижен имот.

Според официјалните статистички податоци од пописот во 1951 година во Грција, не се споменуваат следните 46 македонски села со население од 20.913 жители, според пописот од 1940 година.

| Ред. Бр. | Име на селото на македонски | Име на селото на грчки | население според пописот од 1940 год. |
|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 |
| | ОКРУГ ДРАМСКИ | | |
| 1. | Избишта | Agriokerasija | 160 žiteli |
| | ОКРУГ СЕРСКИ | | |
| 2. | Горно Метох | Ano Metohion | 152 |
| 3. | Турпеш | Makriotisa | 130 |
| 4. | Трнка | Damaskinon | 55 |
| 5. | Рајковци | Kaknotropos | 146 |
| 6. | Рупел | Klidion | 304 |
| 7. | Лехово | Karasohorion | 545 |
| 8. | Dragotin | Promahon | 1.382 |
| 9. | Елешница | Feapetra | 325 |
| 10. | Липош | Филира | 400 |
| | ОКРУГ КУКУШКИ | | |
| 11. | Голема Ливада | Megala Livadia | 1.493 |
| | ОКРУГ ВОДЕНСКИ | | |
| 12. | Горно Родиво | Ano Korifi | 326 |
| 13. | Горно Пожар | Ano Lutrakion | 185 |
| 14. | Сборско | Pevkoton | 292 |
| 15. | Корнишор | Kromni | 448 |
| 16. | Тушин | Ajtohorion | 1.015 |
| 17. | Лугонци | Langadija | 540 |

ОКРУГ ЛЕРЕНСКИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18. | Герман | Agios Germanos | 2.170 |
| 19. | Граждано | Vronderon | 507 |
| 20. | Д. Дробитишта | Daseri | 75 |
| 21. | Рудари | Kalipera | 379 |
| 22. | Ооровник | Karpi | 169 |
| 23. | Дреново | Kranje | 150 |
| 24. | Смрдеш | Kristalopigi | 624 |
| 25. | Медово | Mileon | 209 |
| 26. | В’мбел | Moshohorion | 483 |
| 27. | Буковиќ | Oksija | 147 |
| 28. | Пападија | Papadija | 149 |
| 29. | Прекопана | Perikopi | 545 |
| 30. | Орово | Piksos | 489 |
| 31. | Винени | Pili | 207 |
| 32. | Сетина | Skopos | 1.131 |
| 33. | Трново | Angatoton | 84 |
| 34. | Бесвина | Svika | 294 |

ОКРУГ КОСТУРСКИ

| | | | |
|---|---|---|---|
| 35. | Лабаница | Agios Dimitrios | 217 |
| 36. | Чука | Arhangelos | 201 |
| 37. | Јановени | Gjanohorion | 467 |
| 38. | Д’мбени | Dendrohorion | 794 |
| 39. | Косинец | Gieropigi | 507 |
| 40. | Марчишта | Kato Perivolion | 43 |
| 41. | Долно Папраско | Kato Pterja | 191 |
| 42. | Новоселани | Korfula | 151 |
| 43. | Омотско | Livadotopian | 211 |
| 44. | Пилкати | Monopilon | 297 |
| 45. | Бапчор | Pimenikon | 859 |
| 46. | Крчишта | Polianemon | 270 |

Само неколку села и тоа со мал брпј жители, од тие што се водат како ненаселени во пописот од 1951 година, подоцна се обновени од некии жители кои се вратија од затворите или беа евакуирани за време на Граѓанската војна.

Според истиот попис во повеќето македонски села и населби бројот на македонското население мошне опадна. (во прилог види го списот на селата). (9) Карактеристично е да се одбележи дека, следејќи го статистичкото движење на населението на селата населени со Македонци и селата население со Грци и доселеници од Мала Азија, може да се констатира дека за истиот период и во исти реони, селата населени со Грци и доселеници од Мала Азија не само не бележат опаѓање на населението, туку обратно: се зголемува бројот на населението во 1951 година во однос на пописот од 1940 година.

Кога се земе предвид сето изнесено може основано да се тврди дека врз Македонците во Грција се вршел и се врши злочинот – геноцид.

Целите за кои македонскиот народ ги поднесе и овие жртви не се оствarija. Вооружената борба за победа на демократијата и едно поправедно општество во Грција беше изгубена. Правото, меѓутоа на живот во својата земја, на демократија и национална слобода на Македонците си останува. Од тие свои права македонскиот народ нема никогаш да се откаже.

## ПРИЛОЗИ - ПРЕГЛЕД

На селата од Егејска Македонија кои покажуваат намалување на населението во пописот од 1951 година во однос на пописот од 1940 година

| Ред. број | Име на селото на македонски | Име на селото на грчки | Жителите според официјалните пописи 1928 г. | 1940 г. | 1951 г. |
|---|---|---|---|---|---|
| **I ОКРУГ ДРАМСКИ** | | | | | |
| 1. | Лаинерџик | Adrijani | 1.741 | 2.065 | 1.837 |
| 2. | Волак | Volaksi | 913 | 2.267 | 1.097 |
| 3. | Граменица | Grameni | 391 | 701 | 678 |
| 4. | Ѓуреџик | Granitis | 573 | 577 | 193 |
| 5. | Горница | Kali Vrisi | 1.204 | 1.678 | 1.318 |
| 6. | Егри Дере | Kalitea | 1.432 | 1.764 | 1.392 |
| 7. | Зрново | Kato Nevrokopion | 2.268 | 3.290 | 2.702 |
| 8. | Кобалица | Kokinogia | 1.341 | 1.786 | 1.335 |
| 9. | Карликово | Mikropolis | 2.176 | 3.169 | 2.116 |
| 10. | Дријаново | Monostirakio | 676 | 707 | 676 |
| 11. | Цернешево | Pagonerion | 341 | 592 | 445 |
| 12. | Плевна | Petrusa | 2.760 | 3.635 | 2.569 |
| 13. | Просочани | Prosocani | 6.035 | 7.011 | 6.277 |
| **II ОКРУГ СЕРСКИ** | | | | | |
| 1. | Чучулигово | Anagenisis | 767 | 1.000 | 910 |
| 2. | Горно Броди | Ano Vrondo | 887 | 1.118 | 348 |
| 3. | Горно Фраштани | Ano Orini | 133 | 216 | 198 |
| 4. | Горно Христос | Ano Hristos | 450 | 370 | 318 |
| 5. | Гундели | Vanvakusa | 368 | 547 | 461 |
| 6. | Даутли | Eleon | 317 | 479 | 297 |
| 7. | Турица | Trijas | 435 | 558 | 441 |
| 8. | Капли Ќој | Hionohorion | 248 | 413 | 272 |
| 9. | Клепушна | Agriani | 716 | 881 | 777 |
| 10. | Грачани | Agiohorion | 478 | 668 | 598 |
| 11. | Алистратик | Alistrati | 3.786 | 4.124 | 3.267 |
| 12. | Трстеница | Kriopigi | 182 | 228 | 210 |
| 13. | Драчево | Levkotea | 311 | 361 | 340 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. Мандилево | Mandilion | 416 | 535 | 489 |
| 15. Ченгелево | Angistron | 1.240 | 1.915 | 441 |
| 16. Горно Пороj | Ano Poroja | 2.173 | 2.506 | 2.143 |
| 17. Крушево | Ahladohorion | 1.459 | 3.045 | 1.961 |
| 18. Хаџи Беjлик | Vironion | 882 | 1.227 | 833 |
| 19. Долно Пороj | Kato Poroja | 986 | 1.265 | 1.006 |
| 20. Ветрен | Neon Petricion | 2.611 | 4.903 | 3.978 |
| 21. Демир Хисар | Sidirokastron | 6.349 | 8.635 | 7.182 |
| 22. Старошево | Stavrodromion | 242 | 423 | 145 |
| 23. Чифлиџик | Strimonohorion | 738 | 918 | 758 |
| 24. Тодорово | Teodorovon | 165 | 369 | 273 |
| 25. Нигрита | Nigrita | 7.199 | 8.462 | 7.926 |

III ОКРУГ КУКУШКИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Света Петка | Agia Paraskevi | 486 | 781 | 140 |
| 2. Лелово | Agios Andonios | 265 | 416 | 154 |
| 3. Мирово | Elinikon | 244 | 379 | 239 |
| 4. Равна | Isoma | 551 | 748 | 389 |
| 5. Аканџали | Muris | 342 | 641 | 491 |
| 6. Гуменџа | Gumenica | 4.433 | 4.927 | 4.528 |
| 7. Шљопинци | Dogani | 180 | 191 | 124 |
| 8. Сехово | Idomeni | 532 | 542 | 422 |
| 9. Црна Река | Karpi | 846 | 1.110 | 763 |
| 10. Баровица | Kastaneri | 680 | 945 | 632 |
| 11. Купа | Kupa | 445 | 622 | 300 |
| 12. Рамна | Omalon | 145 | 216 | 144 |
| 13. Педгас | Pendalofon | 266 | 319 | 294 |
| 14. Љумница | Skra | 647 | 886 | 446 |
| 15. Тушилово | Statis | 309 | 622 | 389 |

IV ОКРУГ СОЛУНСКИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Пеизаново | Azvestohorion | 2.705 | 2.732 | 2.519 |
| 2. Зарово | Nikopolis | 499 | 674 | * |

(1944 година се раселува и 1951 година се населува со Грци од соседните села.)

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. Висока | Osa | 1.626 | 1.703 | 1.399 |
| 4. Сухо | Sohos | 3.694 | 4.082 | 3.861 |

V ОКРУГ ВОДЕНСКИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Чеган | Agios Atanasios | 1.024 | 1.395 | 772 |
| 2. Горно и Долно-Граматиково | Ano ke katon Gramatikon | 788 | 1.423 | 540 |
| 3. Гугово | Vrita | 523 | 556 | 466 |
| 4. Жерви | Zervi | 304 | 457 | 260 |
| 5. Теово | Karidea | 525 | 708 | 509 |
| 6. Кронцелево | Kerasea | 474 | 579 | 338 |
| 7. Русилово | Ksantogia | 497 | 607 | 405 |
| 8. Волкојанево | Liki | 228 | 217 | 114 |
| 9. Месимер | Mesimerion | 691 | 1.145 | 706 |
| 10. Нисија | Nision | 497 | 607 | 533 |
| 11. Каменик | Petrea | 516 | 722 | 626 |
| 12. Луковец | Sotira | 384 | 431 | 290 |
| 13. Горно Чернешево | Ano Garefion | 485 | 513 | 485 |
| 14. Ошин | Arhangelos | 800 | 980 | 879 |
| 15. абришта | Dorotea | …630 | …888 | 691 |
| 16. Страишта | Ida | …503 | 738 | 640 |
| 17. Долно Родиво | Kato Korifi | 501 | 599 | 65 |
| 18. Долно Пожар | Kato Lutrakion | 1.282 | 1.580 | 752 |
| 19. Струпино | Likostomo | 684 | …984 | 355 |
| 20. Бизово | Megaplatanos | …503 | 623 | 312 |
| 21. Кардалово | Milea | 668 | 982 | 904 |
| 22. Тресино | Orma | 1.172 | 1.534 | 457 |
| 23. Бериславци | Periklia | 272 | 413 | 178 |
| 24. Баово | Promahi | 1.160 | 598 | 1.549 |
| 25. Саракиново | Sarakini | 760 | 868 | 318 |
| 26. Кожушани | Filotia | 476 | 716 | 561 |
| 27. Фуштани | Fustani | 1.160 | 1.311 | 776 |
| 28. Цакони | Hrisa | 772 | 724 | 402 |
| 29. Радомир | Azvestarion | 389 | 566 | 380 |
| 30. Асарбегово | Droseron | 636 | 779 | 531 |

VI ОКРУГ БЕРСКИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Јанаково | Janakohorion | 229 | 461 | 418 |

VII ОКРУГ ЛЕРИНСКИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Света Петка | Agi Paraskevi | 546 | 687 | 644 |
| 2. Патиле | Agios Pandeleimon | 1.501 | 1.747 | 1.498 |
| 3. Ајтос | Aetos | 941 | 1.189 | 1.056 |
| 4. Буф | Akritas | 1.760 | 1.989 | 766 |
| 5. Арменско | Alonas | 855 | 991 | 682 |
| 6. Желево | Andartikon | 1.136 | 1.345 | 1.040 |
| 7. Горно Котори | Ano Idrusa | 316 | 526 | 375 |
| 8. Сребрно | Asprogia | 647 | 813 | 652 |
| 9. Крапештина | Atrapos | …543 | 598 | 466 |
| 10. Ахил | Agios Ahilios | 113 | 100 | 33 |
| 11. Крушоради | Ahlada | 690 | 967 | 120 |
| 12. Мокрани | Varihon | 924 | 1.247 | 798 |
| 13. Брезница | Vatohorion | 605 | 770 | 232 |
| 14. Баница | Vevi | 1.995 | 2.450 | 2.062 |
| 15. Долно Котори | Kato Idrusa | 846 | 974 | 541 |
| 16. Горничево | Kela | 1.095 | 1.577 | 1.336 |
| 17. Турие | Korifi | 411 | 443 | 198 |
| 18. Руља | Kotas | 491 | 586 | 218 |
| 19. П’пли | Levkon | 518 | 422 | 196 |
| 20. Р’мби | Lemos | 547 | 738 | 466 |
| 21. Лесковец | Leptokaris | 294 | 378 | 327 |
| 22. Сакулево | Marina | …329 | 488 | 370 |
| 23. Воштарени | Meliti | 1.388 | 1.759 | 1.666 |
| 24. Асаново | Mesohorion | 639 | 866 | 787 |
| 25. Л’к | Mikrolimni | 360 | 316 | 96 |
| 26. Неокази | Neohorakion | 585 | 828 | 654 |
| 27. Битуша | Pagorion | 490 | 556 | 491 |
| 28. Љуботино | Pedinon | 308 | 367 | 264 |
| 29. Кучковени | Perazma | 645 | 878 | 783 |
| 30. Штрково | Plati | 253 | 268 | 58 |
| 31. Клабучишта | Poliplatanon | 742 | 969 | 932 |
| 32. Нерет | Polipotamon | 1.697 | 1.533 | 1.046 |
| 33. Трнаа | Prasino | 404 | 376 | 128 |
| 34. Кобасница | Proti | 683 | 802 | 743 |
| 35. Нивици | Psarades | 585 | 770 | 433 |
| 36. Зеленич | Sklitron | 1.347 | 1.342 | 1.153 |
| 37. Невољани | Skopia | 1.478 | 1.731 | 1.522 |
| 38. Лаген | Triandafilea | 492 | 468 | 210 |
| 39. Трсје | Trivuno | 611 | 629 | 99 |
| 40. Ошчима | Trigono | 421 | 482 | 56 |

VIII ОКРУГ КОСТУРСКИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. Радигожде | Agia Ana | 129 | 152 | 46 |
| 2. Чурилово | Agios Nikolaos | 140 | 154 | 75 |
| 3. Брештани | Avgi | 265 | 433 | 271 |
| 4. Горно Дреновени | Ano Kranjona | 278 | 230 | 107 |
| 5. Жупаништа | Ano Lefki | …471 | 507 | 155 |
| 6. Горно Статица | Ano Melas | 501 | 198 | 91 |
| 7. Мангила | Ano Perivolion | 104 | 123 | 80 |
| 8. Апоскеп | Aposkepos | 360 | 377 | 270 |
| 9. Бела Црква | Asproklisjia | 273 | 410 | 360 |
| 10. Шкрапари | Aspromerion | 47 | 114 | 57 |
| 11. Загоричани | Vasilijas | 735 | 1.247 | 720 |
| 12. Бобишта | Verga | 155 | 198 | 131 |
| 13. Вишени | Visinea | 642 | 684 | 472 |
| 14. Долени | Zevgostasion | …207 | 177 | 87 |
| 15. Калевишта | Kali Vrisi | …392 | 305 | 85 |
| 16.Добролишта | Kalohorion | 455 | 634 | 585 |
| 17. Орман | Kato Levki | 176 | 267 | 247 |
| 18. Сетома | Kefalarion | 371 | 563 | 311 |
| 19. Тиквени | Kolokitu | 220 | 282 | 204 |
| 20. Долно Дреновени | Kato Kranjana | 472 | 472 | 317 |
| 21. Дреничево | Kranohorion | 305 | 372 | 160 |
| 22. Семаси | Kremaston | 46 | 77 | 65 |
| 23. Лудово | Kria Nera | 82 | 124 | 41 |
| 24. Старичени | Lakomata | 290 | 434 | 201 |
| 25. Куманичево | Litija | 642 | 821 | 427 |
| 26. Черновишта | Mavrokombos | 328 | 332 | 199 |
| 27. Кономлати | Makrohorion | …802 | 946 | 438 |
| 28. Долна Статица | Kato Melas | 564 | 495 | 238 |
| 29. Четирок | Mesopotamia | 1.083 | 1.552 | 1.271 |
| 30. Кондоропи | Metamorfsis | 235 | 326 | 189 |
| 31. Слимишта | Milica | 303 | 406 | 390 |
| 32. Нестрам | Nestorion | 1.888 | 2.677 | 1.767 |
| 33. Блаца | Oksia | 218 | 277 | 122 |
| 34. Галишта | Omorfoklisja | 406 | 569 | 270 |
| 35. Железгоже | Pendavriso | 597 | 888 | 645 |
| 36. Езерец | Petropulakion | ...235 | ...310 | .....54 |
| 37. Личишта | Polikarpi | …585 | ...735 | ...605 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 38. Изглибе | Porija | …205 | …271 | …188 |
| 39. Граче | Ptelea | …333 | …462 | …..83 |
| 40. Горно Папраско | Ano Pterja | …181 | …312 | …275 |
| 41. Шештево | Siderohorion | …628 | …609 | …315 |
| 42. Жужелце | Spilea | …240 | …368 | …140 |
| 43. Бомбоки | Stavropotamos | …220 | …295 | …125 |
| 44. Стенско | Stena | …148 | …204 | …..25 |
| 45. Тиолишта | Tihion | …697 | …844 | …801 |
| 46. Поздивишта | Halara | …676 | …738 | …450 |
| 47. Желин | Hiliodendron | …440 | …621 | …511 |
| 48. Цакони | Cakoni | …341 | …448 | …386 |
| 49. Осничани | Kastanofiton | …253 | …349 | …106 |
| 50. Черешница | Polikerason | …328 | …397 | …..87 |
| 51. Слимица | Trilofo | …343 | …343 | ……7 |

(Според необјавениот труд кој се наоѓа во Институтот за национална историја – Скопје “Миграционите движења во Егејска Македонија од Балканските до II Светска војна” – од соработникот на Институтот за национтна историја – Скопје Тодор Симовски.)

**ПРОТОКОЛ НА ДОГОВОРО ОД СОВЕТУВАЊЕТО НА ПЛАКА**

За целосно и единствено водење на националната борба против окупаторите и нивните органи, како прилог за успехот на сојузничката борба, ослободувањето на Грција и осигурувањето на народните слободи, и на крајот за создавање полесни услови во напорите за обединување на востаничката војска на Грција, долу ополномоштените претставници во преговорите за грчкото единство одлучија:

1. Го примаат предлогот на ЕАМ-ЕЛАС за конечно запирање на непријателствата меѓу силите на ЕЛАС-ЕДЕС.

2. Единиците на ЕАМ-ЕЛАС и на ЕДЕС ќе ги задржат позициите кои сега ги држат.

3. Организациите на ЕАМ-ЕЛАС и на ЕДЕС се задолжуваат со сите свои сили да дејствуваат против окупаторите и нивните соработници или самостојно секој во својот реон, или заеднички по претходно спогодување.

4. За подобро спротивставување на окупаторот, командите на силите во Епир и на двете организации (ЕАМ и ЕДЕС) што поскоро ќе предложат заеднички план за акција офанзивна или одбранбена, определувајќи го и начинот на евентуалното маневрирање на единиците на секоја организација, со цел да се изврши притисок на непријателот во реонот на другата, кога тоа се налага од воени причини.

5. Ако единици на една организација се повлечат од одредени позиции, поради навлегување на Германците или нивните соработници, тие ќе се вратат на своите положаи после истерувањето или повлекувањето на истите.

6. Мешовита воена комисија од претставници на ЕЛАС, на ЕДЕС и на ЕККА ќе го надгледува придржувањето кон оваа спогодба и ќе ги решава евентуално искрснатите спорови. Комисијата може да функционира со двата свои членови до пристигањето на претставникот на ЕККА.

7. Сојузничката воена мисија се моли да се погрижи Командата за Среден Исток да го обезбеди можното најголемо снабдување на силите во Грција на сите организации на база нивното учество во операциите против Германците и соодветно на вистинските потреби на војната.

8. Се изразува желбата настраданите како од навлегувањето на Германците, така и од судрувањето на Организациите да уживаат неодложна помош од сите организации. Специјално се моли Сојузничката команда веднаш притекне во нивна помош.

9. Со потпишувањето на ова се пуштат на слобода сите задржани како заробеници или заложници од обете страни поради политички разлики, и да им биде овозможено да заминат во местото кои сами ќе го изберат. Се исклучуваат оние кои се теретат со дела за национално предавство или тешки кривични дела, кои треба да се посочат на заинтересираната организација, да се судат од постојните воени судови на кои да учествува и претставник на заинтересираната организација. Се изразува желба делата за пресудување да се окончат што поскоро. Ослободувањето на заложниците и заробениците ќе стани најдоцна во рок од петнаесет дена.

10. Ова влегува во сила веднаш.

Некаде во Грција 29. II. 1944 година.Делегацијата на ЕАМ-ЕЛАС: Стеф. Сарафис, генерал,

“на ЕДЕС: Ком. Пиромаглу, П. Николопулос (полковник) п.

“на ЕККА: г. Карталис
Сојузничката воена Мисија: Крис п. Полковник Англичанец
Делегација на САД: Ваинц. Мајор.
*) Од книгата: “Историски архив на националниот отпор” том А – април 1958 – март 1960 – Атина.

## ЛИБАНСКИ ДОГОВОР

Прва глава.

Реорганизација и послушност на грчките вооружени сили на Средниот Исток под знамето на грчката татковина. Сите се согласивме дека бунтот на Средниот Исток беше злочин против татковината. Сите се согласивме дека истрагата треба да продолжи и дека поттикнувачите на бунтот треба да бидат казнети според својата одговорност. Изговорот дека биле поттикнати од барањето на Владата на националното единство не може да ги ослободи од одговорност, зашто ако во време на војна разногласијата околу владата го озаконува бунтот, тогаш албанската епопеја немаше да постои.

Во кој дух треба да се изврши реорганизацијата; Се констатира едногласно дека не треба да се применуваат политички критериуми. Ќе се применуваат само национални и воени критериуми и само со нив ќе се врши реорганизацијата на вооружените сили.

Исто така се согласивме дека токму на денот на формирањето на Владата на националното единство до сите вооружени сили и на Средниот Исток и во поробена Грција ќе се испрати паролата дека воената дисциплина треба да биде без поговор и дека е невозможно политички погледи да постојат во војската, зашто војската не треба да размислува. Војската треба да ги извршува наредбите на владата.

Бтора Глава.

Обединување и послушност на заповедите на обедината влада од сите герилсик формации на слободна Грција, како и покренување сите борбени сили на нацијата против окупаторите.

Сметам дека и по овој проблем мислењата се подударат целосно. Затоа што сите сме прифаќале дека е невозможно во иднина герилскиот состав да биде постојана состојба и дека што поскоро треба да пристапиме кон создавање на наша

национална армија која ќе биде ослободена од секакво влијание на партии и организации, ќе и припаѓа само на татковината и ќе ги слуша наредбите на Владата. Но, сите исто така прифаќаме, особено по писмото од Сојузничката команда за Среден Исток, кое потсетува дека ниедна промена не смее да води кон слабеење на отпорот, дека непосредната цел на отпорот треба да одговара на потребите на борбата. Едната страна се сложува дека герилскиот состав не може да биде постојана состојба, а другата страна исто така смета дека е неможно да биде тоа непосредна цел.

Трета глава.

Запирање на теророт во грчката провинција и зацврстувањето на личната безбедност и политичката слобода на народот, кога и како окупаторот ќе се повлекува.

Категоријата “терор” се потврди од едната страна, се оспори од другата. Не е неопходно да расчистуваме. Доволна е општата констатација дека во провинцијата ќе се обезбеди ред, личната слобода и политичката слобода. И во градовите исто така ќе се вложат напори за да се отстранат терористичките појави.

Министри на обединетата влада ќе се наоѓаат во слободна Грција кои ќе управуваат и со воените сили и со ослободеното грчко население.

Се констатира, на крајот, потполна согласност дека мисијата на владата е контактирање и раководење со грчкиот народ.

Никој од нас не сака да остане емигрант, сите сакаме да сме соборци и водачи на својот народ. Таму е нашето место. Единствено прашање кое се постави беше времето. Сите се согласивме дека, кога ќе се оцени дека е создадена реална ситуација која ќе го овозможи нашето присуство во Грција, нема да се губи време веднаш да појдеме.

Беше грешка фактот што политичките фактори ја претпочитаа негацијата, наместо присуство – отсуство.

Духот на новата влада нема да биде негирање, туку потврда, не отсутност, ами присутност.

Четврта глава.

Постојана грижа за испраќање на доволно продукти и лекови во поробена Грција, исто така и планинската.

Петта глава.

Обезбедување, при претстојното заедно со сојузничките сили ослободување на татковината, на ред и слобода на грчкиот народ, така што тој, ослободен од материјален и психолошки натисок да може суверено да реши и за режимот и за општествениот систем и за влада која му одговара.

Прашање прво. Со оглед дека постои Влада на националното единство, обезбедување и на редот и на слободата на грчкиот народ, а време на ослободувањето на татковината заедно со сојузничките сили ќе биде нејина работа. И сигурно ќе биде во состојба да му ги загарантира тие големи добра на грчкиот народ.

Прашање второ. Се постави потоа прашањето кога народот ќе треба да одлучи за режимот и владата.

Сите сме согласни дека треба да одлучи во најкусо можно време, но и на најчист начин и во услови на потполна слобода.

Изјаснувањето на народот во Грција се наложува, затоа што уште немаме влада почитувана од народот, ниту дефинитивен режим.

Прашање трето. По прашањето на врховниот владар сиот политички свет на нашата земја има свое мислење, кое, се разбира, го задржува и покрај тоа што е во Владата на националното единство. Следователно изјаснувањето е една од целите на националната влада.

Но сакам да додадам дека додека придавам големо значење на постојната изјава, давам мало на новата која се бара.

Шеста глава.

Наложување сурови казни против предавниците на татковината и против експлоататорите на страдањата на нашиот народ.

Согласни сме и по ова прашање. Оваа шеста глава, меѓутоа, води кон испитување на друга тема, бидејќи е глава “по ослободувањето” и се поставува прашање дали е можно во врска со ова изјаснување на националната влада.

Овој факт уверува колку е неопходно да не се изјаснува, зашто владата на националното единство ќе трае само до ослободувањето. Бидејќи во таков случај, не ќе може да ги исполни веќавањата за редот и слободата во периодот на критичниот премин од окупацијата кон ослободувањето, кое со толку жар го очекува грчкиот народ.

Има, се разбира, и други гледишта кои треба да бидат земени предвид. Затоа сметаме дека најдобро би било времето на траењето да и го довериме на националната совест и политичка оцена на новата влада.

Седма глава.

Грижа за брзото задоволување на материјалните потреби на грчкиот народ по ослободувањето. Се истакна дека да работиме на изготвување на план за повоената економска обнова. Потполна согласност. Се истакна дека треба да се покренат сите морални сили за запознавање на сојузниците, со цел да обезбедиме приоритет во обновата. Потполна согласност. Се истакна дека средствата за обнова ќе треба да се бараат како помош, а не како заем.

Грција со епопејата во Албанија или го обезбеди успехот на војната или ја скуси најмалку за една година. Ако за таа услуга се бара противредност од сојузниците, нивните трошоци само за еден дел од обновата на урнатините ќе беа многу големи.

Се истакна дека обновата треба да се бара во поволниот третман на нашите драгоцени производи. Се истакна, понатаму, дека економската обнова на нацијата треба да се врши со слободно одење на Грците не во далечни земји, каде веќе втората генерација ги губи чувствата, туку во соседните страни кои со векови им се познати и каде присуството ги претвора во резервоари на нацијата, од кои се црпат силите на државата. Потполна согласност.

Осма глава.

Полно задоволување на националните права. Големите заслуги и големите жртви, пожртвуваноста на нашата татковина не можат да имаат друго признавање освен создавање една нова слободна и голема Грција.

Сметам дека вториот дел на оваа глава го разјаснува првиот. Ќе биде следователно возможно да се смета од сите нас како конкретно формулирање на нашите национални барања. Целосното национално воспоставување и целосна безбедност на нашите нови граници претставува сегрчко барање.

Господа претставници,

Имам впечаток дека дојде до целосно совпаѓање на гледиштата по националниот проблем во врска со претстојното формирање на Влада на националното единство.

Ако е така предлагам текстот на националната програма како што е образложен, да се смета како национална конвенција и да се потпише од сите претставници.
20 мај 1944

(Следат потписите на 25 претставници)

*Од книгата: "Хроника на борбата. На оружје. Историја на националниот отпор", стр. 195-200 од издавачката куќа Ѓанакос.

(Овој договор го прочитал Г. Папандреу, како претседател на владата и тумачењето што го давал на секој член чинел составен дел на договорот – Забелешка на Н.П.)

## ДОГОВОРОТ ВО КАЗЕРТА

Записник за одлуките донесени на состанокот што се одржа во АФХГ на 26 септември 1944 година.

На состанокот, на кој претседаваше командантот на сојузничка Главна команда на средоземниот фронт АФХГ, на кој присуствуваа грчкиот претседател на владата со други членови на грчката влада, како и водачите на грчките герилци генералите Сарафис и Зервас, долните одлуки се внесени во записникот како прифатени од сите.

1. Сите герилски групи кои дејствуваат во Грција се ставаат под наредбите на грчката влада на националното единство.

2. Грчката влада овие сили ги поставува под командата на генералот Скоби, кој е поставен од Сојузничкиот врховен командант како генерал кој ќе ги командува силите во Грција.

3. Согласно со прокламацијата издадена од страна на грчката влада, водачите на грчките герилци ќе го забранат секој обид на единиците под нивна команда да ја преземат власта во нивните раце. Таквиот акт ќе се смета како злочин и соответно ќе се казни.

4. Што се однесува до Атина, нема да се преземе никаква акција освен под директните наредби на генералот Скоби, генералот кој ги командува силите во Грција.

5. Баталјоните за безбедност се сметаат како органи на непријателот. Ќе се сметаат како непријателски формации, освен ако се предадат согласно издадените заповеди од страна на генералот кој ги командува силите во Грција.

6. Сите грчки герилски сили, со цел да им се стави крај на несогласиците од минатото, изјавуваат дека ќе создадат национално единство со цел да ја координираат нивната активност во поголем интерес на заедничката борба.

7. По предавањето од страна на Врховниот сојузнички командант овластување и во согласност со грчката влада, генералот Скоби ги издаде приложените заповеди за операциите.

Куси заповеди за операциите издадени од страна на генералот што ги командува силите во Грција:

1. Генералот кој што ги командува силите во Грција изјавува дека негова цел е обновување на земјата за да може да ја преземе грчката влада, а во исто време на народот ќе му биле доделувана материјална помош за згрижување.

2. Што се однесуваат до силите кои дејствуваат во Грција, нивната воена организација ќе биде следната:

а) генералот Зервас ќе продолжи да дејствува во рамките на територијата одредена со договорот во Плака и ќе соработува со генералот Сарафис за да се попречи германското повлекување во областа што се наоѓа меѓу северните граници од договорот во Плака и Албанија.

б) Генералот Сарафис ќе продолжи да дејствува во останатиот дел на Грција, со исклучок:

I. областа на Атина. Сите војски во оваа област ќе ги командува генералот Спиљотопулос, кој ќе дејствува во тесна соработка со членовите на владата во Атина и потпомогнат од еден офицер за врска, кој ќе биде поставен од страна на генералот Сарафис. Тој ќе се наоѓа под заповедите на силата 140.

II. Во Пелопонез. Војските во оваа област ќе ги командува еден офицер предложен од страна на генерал Сарафис со одобрение од грчката влада и ќе биде потпомогнат од страна на англиска мисија за врска. Ќе се наоѓа под заповедите на силата 140.

III. Подоцна Тракија, (опфаќајќи го и градот Солун) ќе биде ставена под командата на еден офицер предложен од страна на грчката влада.

3. Цели:

а) Сите команданти ќе го попречуваат германското повлекување и ќе ги неутрализираат германските гарнизони.

б) Во текот на ослободувањето на територијата, командите ќе му бидат лично одговорни на командантот на силата 140 за:

I. Одржување на законот и редот на териториите на кои дејствуваат нивните сили.

II. Избегнување на граѓанска војна и убивање на Грци од страна на Грци.

III. За избегнување на какви и да е казни и неоправдани апсења.

IV. За нивната помош во воспоставување на законитата политичка власт и доделување на помош.

4. Карта на која се обележани границите на операциите им е предадена на сите команданти".

"Коминике.

Состанокот неодамна во АФХГ под претседателство на врховниот сојузнички командант, на кој присуствуваа генерал Скоби, командант на силите во Грција, грчкиот премиер Папандреу со други членови на грчката влада и двајцата команданти на герилците генералите Сарафис и Зервас.

Двајцата генерали, команданти на силите на грчките герилци изјавија дека ги прифаќаат апсолутно заповедите на грчката влада и на врховниот соузнички командант, под чии заповеди грчката влада ги постави сите Грчки сили кои дејствуваат во Грција.

Донесени се одлуки, со кои се согласија сите, за координација на борбата и колку е возможно што побрзо ослободување на Грција".

(Стр. 205-208 од книгата “Хроника на борбата. На оружје. На оружје. Историја на Националниот отпор” том III – издание на издавачката куќа Ѓанакос).

(Договорот во Казерта го потпишаа: генерал Вилсон – командант на Сојузничката команда за Среден Исток, Г. Папандреу – претседател на грчката влада, генерал С. Сарафис – претставник на ЕЛАС и генерал Н. Зервас – претставник на ЕДЕС – Забелешка од Н.П.)

## ПОГОВОРОТ ВО ВАРКИЗА

“Долупотписаните од една г.г. И. Софијанопулос, Н. Ралис и И. Макропулос сочинувајќи ја ополномоштената од грчката влада делегација и од друга г.г. Г. Сјантос, секретар на ЦК на КПГ, Дим. Парцалидис секретар на ЦК на ЕАМ и И. Циримокос г. секретар на ЕЛД сочинувајќи ја ополномоштената од ЦК на Еам делегација, се состанавме во Варкиза и заеднички ги испитавме средствата и начинот за престанок на граѓанската војна и помирувањето на грчкиот народ и дојдовме до подолу склучената спогодба.

Владината делегација ја изрази на состанокот решителната волја на Владата без ново крвопролевање да ја запре жалната внатрешна криза, да го воспостави единството на државата и да го врати внатрешниот мир и политичкиот ред. Само така ќе може грчкиот народ да преземе творечки напори во обновата на земјата од урнатините кои ги зголемија тешките борби со надворешните непријатели и братоубиствената војна.

За постигнатата спогодба да добие карактер на една непристрасна морална спогодба, изразувајќи ги пораките на политичката совест на грчкиот народ, владината делегација побара со неа да се прокламира решителната волја на грчкиот народ за развој на слободен и нормален политички живот чија основна карактеристика ќе биде почитувањето на политичкото убедување на граѓаните, мирната агитација и ширење на политичките идеи и почитувањето на слободите кои ги прокламира и ги усвоија Атланската повелба, решенијата на Техеран и совеста на народите кои за тоа се бореа.

На состанокот се констатира полна согласност на сфаќањата на делегацијата на ЕАМ врз горните принципи.

Член 1

Спогодба

Владата согласно со Уставот и владеечките демократски начела ќе обезбеди слободно изразување на политичките и партиските

убедувања, укинувајќи ги евентуално поранешните неслободарски закони, ќе обезбеди исто така непречено функционирање на личните слободи како што е слободата на собирите, на здружувањето и преку печатот изразување на погледите Поспецијално Владата ќе ги воспостави потполно синдикалните слободи.

Член 2

Укинување на воениот закон

Воениот закон ќе се укине веднаш по потпишувањето на оваа спогодба. Со неговото укинување ќе стапи во сила уставниот протокол слично на КД со што ќе се дозволува укинување на опфатените во КД членови на Уставот.

Со уредби веднаш во цела земја ќе се одложи важноста на членовите 5, 10, 12, 20 и 95 од Уставот. Одлагањето ќе продолжи до завршувањето и востановувањето на управни, судски и воени власти во целата земја. Што се однесува поспецијално до член 5, тој мора да се одложи во градовите Атина и Пиреа заедно со предградијата и кварталите. Специјално, пак, за досега уапсените се утврдува дека не важи член 5 од Уставот и дека тие ќе бидат пуштени на слобода во најкраток можен рок од испраќање на нужните наредби до надлежните власти.

Следбениците на ЕАМ евентуално уапсени и држани од други организации ќе бидат што поскоро ослободени.Член 3

Амнестија

Се амнестираат политичките деликти извршени од 3 декември 1944 година до потпишувањето на овој договор. Се исклучуваат обичните деликти против животот и имотот кои не беа нужно неопходни за успешно извршување на политичкиот деликт. Соодветниот закон ќе биде публикуван по потпишувањето на ова спогодба. Се исклучуваат од амнестија оние припадници на ЕЛАС, ЕП и ЕЛАН должни да го предадат оружјеато, ако не го предадат до 15 март 1945. Оваа последна одредба, по

констатацијата дека оружјето на ЕЛАС е предадено, немајќи повеќе оправдание, ќе се укине.

Гаранции и подробности за дадената амнестија се пропишани во приложениот нацрт-закон.

Член 4

Заложници

Сите граѓани уапсени од ЕЛАС или од ЕП ќе бидат пуштени веднаш на слобода.

Член 5

Националната војска освен од професионалните офицери и подофицери, ќе се состои од граѓани на мобилисаните годишта. Специјално обучените на новите оружја резервни офицери, подофицери и борци од постојните формации ќе останат на служба. Иерос Лохос ќе остане онаков каков што е се додека се наоѓа под непосредна команда на Сојузничкиот штаб, а потоа ќе се соедини со националната војска согласно погоре изложената основа. Ќе се вложат усилби да се прошири редовното регрутирање во целата Грција согласно со техничките можости и појавените потреби. Во веќе постојните единици по демобилизацијата од ЕЛАС ќе стапат оние кои припаѓаат на повиканите годишта согласно со приложениот план, а ќе се отпуштат сите оние кои се уврстени во постојните единици без да им припаѓаат на повиканите годишта. Сите активни кадри на националната војска ќе се оценат од комисии по член 7 од Уставниот протокол. Политичките и општествените убедувања на мобилисаните граѓани ќе им се почитуваат.

Член 6

Демобилизација

Со објавувањето на ова се демобилизираат вооружените сили на отпорот и конкретно ЕЛАС, редовни и резервни, ЕАМ

(највероватно се однесува на ЕЛАН – белешка Н. П.) и Националната милиција. Демобилизацијата и предавањето на оружјето ќе се изврши конкретно според протоколот составен од техничката комисија кој се приложува, веќе редигуван кон ова.

Државата ќе ги уреди реквизициите извршени од ЕЛАС. Од ЕЛАС реквизираните предмети, добиток автомобили итн. кои ќе им бидат предадени на државата и според модалитетите изложени во оформениот протокол од сега ќе се сметаат како реквирирани од грчката држава.

Член 7

Чистење на службениците

Владата со комисија или одбори ќе пристапи кон чистка на државните службеници, службениците на НПДД, градските и општинските такви итн. Критериуми за чистењето ќе бидат – стручната подготовка, карактерот и моралот, соработката со непријателот и употребата на службеникот како орган на диктатурата. Службеници од погоре споменатите категории кои во времето на окупацијата стапија во силите на отпорот ќе се вратат на своите места и ќе се оценат на исти начин како и другите службеници. Истите одбори ќе ги оценуваат и службениците кои учествуваа или соработуваа во манифестациите на настаните од 3 декември 1944 год. до потпишувањето на овој документ. Постојат можности да бидат ставени и на расположение, а нивниот положај ќе биде определен од Владата која ќе произлезе од изборите за уставотворно собрание.

Член 8

Чистење на единиците за безбедност

Чистењето на единиците за безбедност, џандармеријата и полицијата ќе се изврши што поскоро од специјални одбори за честење на ист начин и критериуми како и за државните службеници. Сите офицери и борци на споменатите единици

кои потпаѓаат под одредбите на законот за амнестија, а за време на окупацијата стапија во редовите на ЕЛАС, на ЕЛАН или на ЕП, ќе се вратат на своите места и ќе се подложат за оценката на одборите за чистење на ист начин како и нивните колеги. Сите офицери и борци на споменатите формации до потпишувањето на спогодбава, се ставаат на расположение, а нивната конечна положба ќе биде одредена од одборите кои ќе ги формира идната влада што ќе произлезе од изборите.

Член 9

Плебисцит и избори

Што е возможно поскоро, секако во текот на оваа година, ќе се одржи, во полна слобода и чистота, плебисцит кој конечно ќе им стави крај на проблемите за режимот, потчинувајќи се сите на решението на народот. Наскоро по тоа ќе уследат избори за уставотворно собрание за донесување устав на земјата. И двете делегации се сложуваат по однос на чистотата на решенијата на народната волја да се повикаат големите сојузнички сили да испратат посматрачи.

Овој договор е составен во два еднообразни примероци, едниот од кои го зеде владината делегација, а вториот делегацијата на ЕАМ.

Во Атина во Министерството за надворешни работи на 12. II. 1945 год.

| Делегати на Владата: | Делегатите на ЕАМ: |
| --- | --- |
| 1. И. Софијанополос | 1. Г. Сјантос |
| 2. Пер. Ралис | 2. Д. Парцалидис |
| 3. И. Макропулос | 3. И. Циримокос” |

* Од Вториот том на книгата “Историјата на граѓанската војна 1945-1949 год. (Втората герила)”. Од Фивос Неок. Григоријадис.

**ПРЕГЛЕД НА КОРЕСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

- "Хроника на борбата – на оружје, на оружје. Историја на националниот отпор". Во четири тома. Издание на издавачката куќа – Ѓанакос – Атина.

- "Историја на граѓанската војна 1945-49 (втората герила)". Во четири тома. Од Фивос Неок. Григоријадис. Издадена во Атина.

- "Историски архив на националниот отпор". Том А-април 1958 март 1960 – Атина.

- "Четириесет години на КПГ 1918-1958.

Езбрани документи" издадена во ноември 1958 година.

- "КПГ – Избрани документи, том први 1918-1924" издадени 1964 година.

- "КПГ – официјални документи, том втори 1925-1928" – издадени 1965 година.

- "КПГ – официјални документи, том трети 1929-1933" – издадени 1966 година.

- "Програма на Народно-ослободителниот фронт (НОФ) на Македонците од грчка Макдеонија".

- "Статут на Народно-ослободителниот фронт на Славомакедонците (НОФ)" – донесен на I Конгрес на НОФ – 1948 година.

- "Комунистичка организација на Егејска Македонија (КОЕМ)" Специјално издание во брошура посветно на основачкото собрание на КОЕМ. Издание на Агит-Проп на НОФ – мај 1949 година.

- "Национални прашања Македонија и Македонците, јазични малцинства странски аспирации" – Брошура од Сотириос Гоцаманис. Издадена во Атина 1954 година.

- “Околу прашањето на Македонското национално малцинство во Грција” од Лазо Мојсов. Издание на Институтот за национална историја – Скопје 1954 година.

- “Пиринска Македонија во борбата за национално ослободување” од Димитар Митрев. Издание на Главниот одбор на НФ на Македонија – Скопје 1950 година.

- “Миграционите движења во Егејска Македонија од Балканските до Втората светска војна”. Студија на соработникот на Институтот за национална историја во Скопје – Тодор Симовски.

- “Дневен печат на Демократската армија и дневен печат на атинскиот режим од времето на Граѓанската војна.”

## ПРЕГЛЕД НА КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА НА ГРЧКИ


- Τό χρονικό τού άγώνα Στ', άρματα, Στ', άρματα. 'Ιστορία τής έθνικής άντίστασης. – Γιανακός, 'Αθήναι, Τ.I-IV.

- Φοίβον Νεοκ. Γρλγοριάδη, 'Ιστορία τού έμφυλίου πολέμου 1945 – 1949 (Τό δεύτερο άντάρτικο), Τ.I-IV, Αθήναι.

- 'Ιστορίκόν άρχείον έθνικής άντίστάσεως Τομος Α! 'Απρίλιος 1958 – μάρτιος 1960 'Αθήναι.

- Σαράντα χρόνια τού ΚΚΕ 1918-1958. 'Επιλογη ντοκουμεντων, νοεμβρίυ 1958

- Τό ΚΚΕ. –'Επίσημα κείμενα Τόμος πρώτος 1918 - 1924, 1964. -

- Τό ΚΚΕ. –'Επίσημα κείμενα Τόμος δεύτερος 1925 - 1928, 1965. -

- Τό ΚΚΕ. –'Επίσημα κείμενα Τόμος τρίτος 1929 - 1933, 1966. -

Γκοτςαμάνη, Σωτ. 'Εθνικά ζητήματα. Μακεδοίνα και Μακεδόνες. – Γλωσικαι μεινότητες. – Ξενικαι βλέψεις, 'Αθήναι 1954. –